Меѓународен Славјански Универзитет
“Гаврило Романович Державин”- Свети Николе - Битола
Факултет за Правни науки
Последипломски студии: Граѓанско право

ТЕМА:***Надомест на штета од задолжително и доброволно осигурување со осврт на случај за право на надомест на штета при задолжително осигурување во сообраќај во случај на смрт, за член на семејство***
(Магистерски труд)

Ментор
Проф.д-р Александар Илиевски

Изработила
Јанинка Маноиловска
бр.индекс:М187016

Свети Николе , 2021

Содржина:

Надомест на штета од задолжително и доброволно осигурување –Апстракт.....4
Вовед 8
1. Цели и предмет на истражувањето.....10
2. Хипотеза на истражувањето.....12
3. Очекувани резултати.....12

I. ПОИМ НА ШТЕТА.....13
1. Поим на штета, поделба и видови на штета.....13
2. Поимот штета од аспект на материјалното право.....16
3. Поимот штета од аспект на осигурувањето.....17
4. Поделба и систематизација на штета.....19

II. ОСИГУРУВАЊЕТО КАКО ОСНОВ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА.....24
1. Видови осигурување, односно реосигурување.....24
1. Започнување на постапка.....35
2. Евиденција на штета.....43
3. Оформување на предмет.....45
4. Резервација на штетата.....45
5. Извршување извид и вршење проценка на штета.....46
6. Подготовка за ликвидирање на штета.....47
7. Интерна проценка и ликвидирање.....48
8. Контролирање на штета во тек на ликвидација.....48
9. Повторна контрола 49
10. Одлука за решавање на штета.....49
11. Време и начин за проценка на штета.....49
12.Ликвидација и рок за исплата и поведување на судска постапка.....50
13. Постапка по приговор-приговарање.....52
14.Основ за регрес 53
15. Одлука по пријава на штета и последици по истата.....55

III. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈ…57
1. Пријава на штета од осигурано возило.....63
2. Пријava на штета од неосигурано возило.....65
3. Пријава на штета од непознато возило.....66

IV .НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ПРИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА УЧЕСНИК ЗА ЧЛЕНОВИ НА ПОТЕСНО СЕМЕЈСТВО.....68
1. Обработка на случај број 1 пред Основен суд Скопје 2 Скопје.....72
2. Обработка на случај број 2 пред Основен суд Скопје 2 Скопје.....78
3. Обработка на случај број 3 пред Основен суд Скопје 2 Скопје.....85
Заклучок.....91
Користена литература.....93

Надомест на штета од задолжително и доброволно осигурување

Апстракт

Живееме во едно урбанизирано и модерно општество во кое брзината, ефикасноста и сигурноста се значајни во сите сфери од животот. Како резултат на тоа, споредбено, од пред 20 години и денес, значително е зголемена појавата на човекот како единка или групно, преку начелото на заемност и солидарност да ги здружува средствата заради обезбедување од идни и неизвесни ситуации означени како ризици.

Човекот отсекогаш претставувал и претставува суштинската алка на животот и неговото постоење како такво отсекогаш се потврдува и обезбедува низ разни начини на организирање, здружување, заштита и промовирање. Сите случувања, како во минатото така и во сегашноста, неминовно придонесуваат овие процеси не само да се засилат туку и да се зголемат потребите и стандардите за истите, вклучувајќи ги сите сфери од општествениот живот. Потребата на човекот да го обележи своето постоење, а пред се сигурноста во животот и добрата , без разлика дали се работи за физички , духовни или материјални, ги тангираат и усмеруваат однесувањата на сите организации, правни и физички лица кои нудат и даваат услуги за обезбедување токму на таквата сигурност и безбедност.

Самата појава, човекот како единка или групно да ги здружува средствата заради обезбедување од ризици постоела отсекогаш и истата со тек на времето се менувала и се приспособувала на потребите на современиот човек. Денес кај нас најпозната таква појава која воедно претставува и единствена појава која се развила до тој степен што луѓето во поголем дел ја користат и се запознаени барем со еден таков вид, е осигурувањето.

Осигурувањето како поим во денешно време се повеќе и повеќе продира во свеста на обичниот граѓанин кој со развитокот на индустријата, автомобилството, самостојните дејности и друго, полека полека зазема водечко место во оваа општествена сфера. Самиот поим осигурување е доста широк поим, кој само по себе не може да му даде на обичниот човек јасна претстава за тоа што се настанува кај човекот и надвор од него, како резултат на настанувањето на осигурената ситуација односно ризик или друга појава која дава права на лицето кое е корисник на осигурување. Сите фактори и последици се рагледуваат од аспект на нивниот интензитет и висина и истите претставуваат основ за остварувањето на правата на оштетените кои се опфатени како лица кои користат права од осигурувањето, а се основ за обновување на економските и другите добра на човекот во едно современо организирано општество.

При сите можности и сите можни последици, за човекот од големо значење преставува запознаеноста со секое осигурување, неговите видови, постапки и значајни елементи кои би му помогнале на човекот да донесе одлука која за него би била најповолна и најприфатлива. Во една недоумица за тоа како треба да се постапи и каков договор да склучи , сепак постои голема и разновидна литература која е достапна и голем број на агенти и соработници кои нудат услуги и доволно и јасно даваат упатства и објаснувања за тоа што е најповолно за потребите на човекот како единска или група во зависност од специфичните барања на истите.

Во денешно време поради преголемата нелојална конкуренција, за жал, целокупната активност на поголем број такви правни и физички лица е единствено во делот на остварување на профит и оградување од загуба, поради што сметам дека запознаеноста со понудите на пазарот во секој случај ќе придонесе за намалувањето на таквите случаи и поголем успех како на страна на лицата кои нудат склучување на договори за осигурување , така и на страната на лицата кои ги користат правата од овие договори.

Во нашето право, во поглед на осигурувањето и покрај тоа што нема таква изречна поделба во законот, ако се согледува низ волјата на човекот како единка или група или обврската како присила предвидена со законот, може да зборуваме за доброволно осигурување или задолжително осигурување, кои согледани низ призмата на штетата односно оштетениот ќе бидат обработени во оваа магистерска работа.

Compensation from compulsory and voluntary insurance

Apstrakt

We live in an urbanized and modern society in which speed, efficiency and reliability are important in all spheres of life. As a result, in comparison, from 20 years ago to today, the emergence of the individual as a group or group, through the principle of reciprocity and solidarity to pool resources to secure future and uncertain situations marked as risks, has significantly increased.

Man has always been and is the essential link of life and his existence as such is always confirmed and provided through various ways of organizing, associating, protecting and promoting. All events both in the past and in the present inevitably contribute to these processes not only to intensify but also to increase the needs and standards for them, including all spheres of social life. Man's need to mark his existence, and above all the security of life and goods, whether physical, spiritual or material, touches and directs the behavior of all organizations, legal entities and individuals that offer and provide security services exactly such security and safety.

The very phenomenon of man as an individual or group pooling funds for the purpose of securing risks has always existed and it has changed over time and adapted to the needs of modern man. Today, the most famous such phenomenon in our country, which is also the only phenomenon that has developed to the extent that most people use and are familiar with at least one such type, is insurance.

Insurance as a term nowadays more and more penetrates into the consciousness of the ordinary citizen who with the development of industry, automotive, independent activities and more, is slowly taking a leading place in this social sphere. The very term insurance is quite a broad term which in itself can not give the ordinary person a clear idea of what happens to the person and outside of him as a result of the occurrence of the insured situation or risk or other phenomenon that gives rights to the person who is a beneficiary of insurance. All factors and consequences are considered in terms of their intensity and height and they are the basis for exercising the rights of the injured which are included as persons exercising insurance rights, and are the basis for restoring economic and other human goods in a modern organized society.

With all the possibilities and all possible consequences, it is of great importance for the person to be familiar with each insurance, its types, procedures and important elements that would help the person to make a decision that would be the most favorable and acceptable for him. In a dilemma about how to proceed and what kind of agreement to conclude, however, there is a large and varied literature that is available and a large number of agents and associates who offer services and provide sufficient and clear instructions and explanations of what is most appropriate for the needs. of man as a unit or group depending on their specific requirements.

Nowadays, due to the excessive unfair competition, unfortunately, the overall activity of many such legal entities and individuals is only in the area of making a profit and avoiding losses, which is why I think that familiarity with market offers will in any case contribute to the reduction. in such cases and greater success both on the part of the persons offering the conclusion of insurance contracts, as well as on the part of the persons exercising the rights from these contracts.

In our law, in terms of insurance, although there is no such explicit division in the law, if it is perceived through the will of man as an individual or group or the obligation as a coercion provided by law, we can talk about voluntary insurance or compulsory insurance, which through the prism of the damage or the damaged will be processed in this master thesis.

ВОВЕД

Човекот од неговото создавање како единка , отсекогаш претендирал да создава, да гради , да дејствува и да напредува. Во текот на животот човекот во своето опкружување во кое живее, се среќава со секакви околности, без разлика дали се надворешни и внатрешни, кои го дефинираат и го прават она што станал. При таквиот живот неминовно , човекот се среќава со секојдневни случајни и неслучајни, предвидливи и непредвидливи околности кои го наведуваат човекот на голем број контролирани и некотролирани дејствија кои случајно или не, делуваат врз секојдневниот живот на човекот и имаат големо влијание на животот во целина. Таквите дејствија и околности ги нарекуваме ризици, бидејќи од нивната појава или непојава, односно делување или неделување, зависи настанувањето на намалувањето, оштетувањето или загубувувањето на доброто кое е вредност за самата единка или група. Таквите ризици кои се појавуваат во секојдневниот живот, во секојдневното работење на компаниите и претпријатијата, предизвикуваат кај човекот, она што за него или за групата е вредно да се обезбеди и заштити. Со таквата заштита се јавува и потребата да се отстранат или ублажат сите негативни последици кои кај доброто би можеле да настанат како резултат на настанатиот ризик. Токму ваквата појава го приморува човекот да се соочи со суровата реалност и опасноста од токму таквото можно настанување на ризиците, а самите компании и претпријатија се стремат кон давање на заштита преку примени и практика на теоријата за осигурување како во секојдневниот живот така и во склоп на определени дејности и работи за кои со посебни прописи се предвидуваат права и обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување.

Преку примената и праксата на осигурувањето се дава висок степен на заштита на поединецот и групата од финансиски аспект, бидејќи преку овие дејствија се отстрануваат или намалуваат влијанијата и последиците од настанувањето на ризиците во текот на секојдневието. Осигурувањето гледано како економска институција има функција да ги обезбеди и надомести штетите кои можат да настанат на осигурениот-корисник на осигурувањето, предизвикани од разни ризици и околности како што се елементарни непогоди, штетни дејствија, незгоди, несреќни случаи и др. За да може на едно лице или група да се исплати штета, мора да постои веќе настанат штетен настан-ризик кој е опфатен и покриен со склучениот договор за осигурување.

Од посебно значење за осигурувањето и надоместот на штетата која може да произлезе од таквиот договор е и поимот штета, кој поим е тесно врзан со човекот и предметот на осигурувањето. Бидејќи во човековата природа е да создава, гради и напредува, така во неговата природа е и да греши. Неизбежно секој човек во текот на својот живот се нашол во ситуација кога истиот намерно или случајно причинил штета на друг, или пак на истиот му е причинета штета од друго трето лице без разлика притоа дали тоа било со намера или ненамерно, со чинење или несторување. Како резултат на одржување на таквата стабилност, произлегла и должноста на секој да се однесува со потребното должно влимание и да се воздржува од однесувањето со кое би можело да му причиниме на друго лице штета од било каков

вид. Ова е изричито предвидено во законска одредба која е предвидена речиси во сите правни системи, вклучувајќи го и нашето.[1]

За да можеме да добиеме подобра слика за осигурувањето и надоместот на штетата од осигурувањето, без разлика на тоа за каков вид на договор за осигурување зборуваме, сметам дека потребно е посебно да се обработи и поимот на штета кој е неминовно поврзан со правата и обврските кои се остваруваат од договорот за осигурување и за кој поим обичниот човек мора да ги поседува основните знаења за да може да донесе најправилна одлука за видот на осигурувањето како и видот на штета која го следува во случај на настанување на осигурениот ризик или околноста значајна за остварувањето на правата и обврските на договорните страни од договорот за осигурување, а сето тоа согласно прописите за постапката и правата на учесниците пред осигурителните компании.

Како и да е, за да може да настане било каков однос, неопходно потребно е да постои договор за осигурување, со кој договор се предвидени меѓусебни права и обврски за странките на договорот, кои права и обврски настануваат за странките со потпишувањето на самиот договор за осигурување. Договорот за осигурување претставува двострано обврзувачки договор со кој се предвидуваат права и обврски за двете договорни страни, истиот има неформален карактер поради неуниформноста на задолжителна форма во која истиот може да се склучи, алеаторен е поради неизвесноста на настанот кој ги одредува правата и обврските на договорните страни, а истиот има сукцесивен карактер кој произлегува од самата можност за негово продолжување и важење еден по друг, по определен временски период. Сите овие карактеристики го одделуваат од другите видови договори, а надоместот на штета како едно од правата на осигуреникот од таквиот договор претставуваат значајно поле на дискусија и полемика помеѓу правниците, бидејќи се почесто истото се наоѓа како еден од основите за поведување на судска постапка пред стварно и месно надлежните судови.

Во зависност од видот на осигурувањето, видот на штетата, водената постапка како и обезбедените докази приложени до органот кој одлучува ќе зависи исходот на постапката како пред надлежната осигурителна компанија така и пред стварно и месно надлежниот суд.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, сметам дека заради правилно развивање на свеста и задоволување на потребата од сигурност и безбедност на нематеријалните и материјалните добра на човекот како единка и како група, потребно е сознавање на сите елементи од оваа постапка, со сите позитивности и негативности како на постапката така и на самите договори и права кои произлегуваат од истите, за да може преку правилно и рационално размислување, да се сведат негативните ефекти од можните резултати, а со тоа да се зголеми задоволството и довербата помеѓу човекот како единка или колектив и осигурителното друштво како две страни на таквиот однос.

[1]Чл.9 од Закон за облигационите односи - Сл.Весник 18/2001 од 05.03.2001- http://www.jpacademy.gov.mk/upload/ Materijali 2018/Закон за облигационите односи 19-20 i.pdf/-посетено на 22.10.2020 година

1. ЦЕЛИ И ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Имајќи во предвид дека сите ние на некој начин, без разлика дали при вршење на дејност, при регистрација на возило, при заштита на имот, при потреба од дополнителни здравствени услуги, како патници или пешаци и слично имаме потреба од осигурување, поимот осигурување и надомест на штета од осигурување станува се позастапен на нашите простори, а со тоа и се повеќе застапена е и подетална анализа и проучување на сите релевантни фактори од почетокот на склучувањето на договорот, постапката пред надлежниот орган за остварување на штета па се до конечно решавање на штетата, без разлика дали станува збор за вонсудска постапка или за судска постапка.

Ризиците за настанување на штета постојат самостојно и без наше влијание, а наша е одлуката дали од таквиот ризик ќе се заштитиме и обезбедиме преку склучување на соодветен договор за осигурување.

Самиот поим осигурување (assurance, insurance) претставува организирана форма, без разлика дали е на доброволна или на задолжителна основа, на колективно формирање на парични средства за осигурување преку т.н.фонд за осигурување кој функционира врз основа на начелата на заемност и солидарност. Ова здружување на средствата се врши со посредство на специјализирани институции основани согласно закон.

Осигурувањето има за цел преку статистички методи, да се изврши покривање како на индивидуалните така и на колективните материјални потреби, предизвикани од случајни поединечни или масовни случаи меѓу членовите на една заедница за осигурување од настанатите ризици.

Преку осигурувањето се надоместуваат штетите во едно развиено општество, се ублажуваат дејствата на природните непогоди и несреќни случаи, а се со цел обновување на економските добра кои би се изгубиле под дејство на овие појави и настани.

Како основна цел на ова истражување е потребата од детално разгледување и проучување на секој сегмент на осигурувањето посматрано преку призмата на волјата за склучувањето на таквиот договор, како и штетата и нејзиното надоместување како резултат на настанување на некој од осигурените ризици, настанати предвидени околности и други факти од значење за одлучувањето по пријавата на штетата.

Притоа неопходна е обработката на целокупната постапка околу пријавувањето на штетата и нејзина ликвидација , со сите меѓу просторни елементи од кои зависи целесообразноста и целисходноста на самата постапка. Изучувањето, дефиницијата и времето како фактори во процесите на обработка на штетите се предности кои мора да се искористат од корисниците при формирањето на одлуката за склучување на соодветен договор за осигурување со некоја конкретна компанија за осигурување. Самата ликвидација на штетата е значаен дел од работата на самото осигурително друштво од кое нешто зависи задоволноста и сигурноста на клиентот, ако се има во предвид дека овој договор е сукцесивен и одлуката за продолжување на истиот зависи токму од волјата на поединецот односно групата корисник на осигурувањето. Од клиентот- корисник на осигурувањето зависи дали ќе дојде до продолжување на договорот бидејќи единствено ако тој има доверба во услугата на таквата компанија ќе го продолжи

договорот, а доколку ја нема потребната доверба ќе ја смени компанијата согласно понудите на другите осигурителни компании.

Основниот елемент на целокупното истражување на овој магистерски труд се согледува низ осигурувањето, без оглед дали е доброволно или задолжително, како основ за надомест на штета. Првиот дел од магистерскиот труд го опфаќа разгледувањето на штетата како поим, , нејзиното значење, образложение и дефиниција, штетата од аспект на материјалното право и од аспект на осигурувањето како и посебен осврт на видовите на штета. Потоа во наредниот дел ќе се осврнеме на осигурувањето како основ за надомест на штета со подетален преглед на видовите осигурување кои постојат согласно закон и видовите осигурување кои зависат од волјата на осигуреникот или предвидените законски прописи под закана за присила и казна, за на крај да се осврнеме на целокупната постапка за остварување надомест на штета пред надлежната осигурителна компанија која во некои случаи е и задолжителна, со сите фази на постапката од нејзиното започнување до нејзиното завршување, ликвидација и исплата.

Како посебен основ за надомест на штета ќе го разработиме и надоместот на штета од задолжително осигурување во сообраќајот со посебен осврт и разработка на случаи за надомест на штета за членови на потесно семејство во случај на смрт на учесник во сообраќајна незгода со еден компаративен пристап споредено со други случаи во нашата пракса.

Преку обработката на штетата и осигурувањето, поврзани со правото на надомест на штета од осигурувањето, сакам на обичниот читател да му ја доближам оваа материја која и покрај развиеноста и напредноста на технологијата и индустријата сеуште сметам дека не зазема доволен дел од свесноста на човекот за неопходноста на осигурувањето како еден од начините за општа и поединечна благосостојба и сеопшта заштита на добрата на човекот како единка или во група.

Проблематиката околу надоместот на штета од задолжително и доброволно осигурување е се повеќе предмет на проучување од страна на правниците, а дотолку повеќе затоа што истата е се повеќе застапена во јавноста како резултат на бројни случаи на нерешени предмети пред осигурителните компании кои неминовно завршуваат со судски постапки. Самиот развој на техниката и технологијата, се поголемиот број на моторни возила на патот во сообраќајот, како и донесувањето на нови прописи за задолжително осигурување на вршители на должности, дополнителни осигурувања и слично ја зголеми потребата од знаење и проширување на постоечкото знаење за оваа област, поради што ваквата проблематика неминовно претставува и ќе претставува предмет на истражување на многу други дела.

Преку овој магистерски труд сакам обичниот читател да ја спознае целокупната постапка за остварување на правото на надомест на штета од осигурувањето како договорен однос, при што заеднички да ги откриеме како позитивностите така и негативностите кои можат да се јават на страната на оштетениот при остварувањето на неговите права и тоа како во претходна –вонсудска постапка за решавање на штета пред осигурителната компанија така и во постапката за остварувањето на правото на надомест на штета од задолжително или доброволно осигурување пред надлежен суд. Сметам дека ова е целисходно бидејќи често се случува поради незнаење и неангажираност, да едно лице и покрај тоа што е оштетено и има претрпено штета настаната од ризик опфатен со договор за осигурување, сепак не може да го оствари своето право согласно закон, иако како такво е предвидено и загарантирано со закон.

2. ХИПОТЕЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во обработката на податоците и изработката на овој магистерски труд ќе ги користам основните аналитички и синтетички методи кои се и најчесто застапени и тоа: анализа, синтеза, специјализација, конкретизација, апстракција, генерализација, дедукција и индукција.

Од општо научните методи кои ќе ги користам за потребите на овој магистерски труд се: компаративната метода, статистичката метода и хипотетичкодедуктивната метода.

Со самото прибирање на податоците и нивната обработка, ќе се презентираат резултатите кои ќе ги даде овој магистерски труд. Преку содржината на истиот, ќе бидам доследна и ќе го внесам и користам принципот на чесност, коректност и етичност како основни вредности и обележја кои треба да ги има секој истражувач. Сметам дека овој труд ќе го поттикне интересот кај читателот за нови истражувања и обработки како на овој предмет така и на предметите поврзани со истиот, а се со цел продлабочување на знаењата и проширување на хоризонтот на можностите во оваа област.

3. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Кога се појавува определен проблем и штета настанати како резултат на осигурен ризик, преку истражување на тој проблем и обработка, со сите можни сегменти и исходи, може да се добие јасна претстава за тоа кои се права и обврски произлегуваат за договорните страни кај договорот за осигурување, кои се околности и настани кај различните видови на осигурување се осигурени како ризици и која е потребната постапка која оштетениот како лице кое има права согласно склучениот договор треба да ја покрене, пред кого и со каква документација. И покрај тоа што настанувањето на ризиците е непожелно, истото е се повеќе застапено поради што се повеќе се шири и заинтересираноста на обичниот граѓанин за оваа тема и таквата проблематика.

Во нашата земја постојат различни мислења, случаи и пракса за остварувањето на правото на надомест на штета од задолжително осигурување, посебно кај задолжителното осигурување во сообраќајот, додека во другите области е незастапено и неразработено. Кај случаите на надомест на штета од доброволното осигурување најчесто постапките завршуваат вонсудски поради превисоките судски трошоци и неизвесноста на самата постапка за која обичниот граѓанин за жал нема верба, ниту во судскиот систем, ниту во правдата. Преку овој труд сакам да ги доловам и појаснам на читателот клучните елементи на постапката за надомест на штета од задолжителното и доброволното осигурување предвидени во нашето право со краток осврт на надомест на штета од задолжително осигурување во сообраќајот со обработка на три интересни случаи за надомест на штета од задолжително осигурување во сообраќајот во случај на смрт за член на семејство.

I. ПОИМ НА ШТЕТА

1. Поим на штета, поделба и видови на штета

Низ многуте моменти во животот, секој од нас се судрил со настани од кои за нас или за другите околу нас, настанала штета. Таквите настани и дејствија можат да бидат свесно креирани или случајни, а секоја човекова дејност намерно или ненамерно може да предизвика штета. Настанатата штета може да биде поврзана со човек, со пропуст од човек, штета во државата, општествени и друг вид на организации, разни правни субјекти, разни опасни предмети и дејности, од животни и растенија па се до ралични феномени и појави.

Поимот штета чесно бил предмет на дефиниција, но сепак голем број на законодавства во светот, во своите позитивни прописи, не даваат јасна дефиниција на поимот штета, туку се даваат насоки за тоа што се може да биде штета и се дава набројување на предвидените со закон видови на штета. Овој поим може да се разгледува и дефинира на различни начини и од различни аспекти. Па така поимот штета се разгледува како преку призмата на правото, на осигурувањето, на филозофијата, на економијата и слично, со што се осознава негова сеопфатност и опширност во сите сфери на животот.

Штетата во правна смисла се согледува само преку заштитата на признатите интереси согласно правото. Имено истата е причинско-последичен елемент кој настанува при повреда на правно признат интерес или повреда на други заштитени добра.

Во нашето законодавство штетата е дефинирана со член 142 од Законот за облигационите односи и истата се дефинира како намалување на нечиј имот (обична штета), спречување на зголемување на имот (испуштена корист) како и повреда на личните права – нанесување на друга физичка болка, страв и душевна болка (нематеријална штета). Оваа одредба ја дава дефиницијата за штета која во себе ја содржи како материјалната страна на штетата така и нематеријалната страна на штетата со што всушност се дадено двата основни видови на штета предвидени со нашето законодавство и тоа материјална и нематеријална штета. Токму преку толкување на оваа одредба, а со оглед на тоа врз што се одразува или може да се одразува неповолниот и негативниот резултат на штетното дејствие на штетникот, дали истото се одразува врз имотните права и правно заштитените имотни интереси на поединецот или групата или пак се одразуваа врз личните права на оштетениот , се дели штетата на материјална и нематеријална штета.

Покрај овие два основни видови на штета, во правната теорија може да се најде обработка и истражувања за други видови на штета кои се определуваат според различни критериуми. Па така може да се сретне сегашна и идна штета, директна и индиректна штета , предвидлива и непредвидлива штета и сл. [2]

Лицето кое е оштетено и врз кое е причинета штетата, има право во соодветна постаока на надомест на претрпената штета. Таквиот надомест не секогаш соодветствува со реално претрпената

[2] Коментар на Законот за облигационите односи Кирил Чавдар и Кимо Чавдар, Скопје, 2008 година, стр.281-282

штета, бидејќи како постојат различни видови на штета, така постојат и различни видови на надомест во контекст на претрпената штета. Па така надоместокот на штетата може да јави како компензација, во однос на висината на штетата, а може да биде материјално изразен во парична вредност. Притоа надоместот на штетата мора да биде реален, доволен и согласно општите и посебните услови на учесниците во постапката.

Како што веќе претходно изнесовме, причинувањето на штета претставува повреда на начелото за забрана за причинување на штета кое се содржи во чл.9 од Законот за облигационите односи и во кој е предвидено дека секој е должен со своето однесување да се воздржува од постапка со која може, на друг да му предизвика штета. Меѓутоа за да одредено причинување штета претставува основ за воспоставување на облигационен однос потребно е да бидат исполнети три претпоставки односно општи услови. Вакви услови се : штетата фактички да настане, штетата да е резултат на штетно дејствие кое довело до причинување на штета и да постои причинска врска –каузалност помеѓу штетното дејствие и настанатата штета, односно штетата да настанала како резултат токму на штетното дејствие. Постоењето на сите овие три општи услови како претпоставки во врска со штетата како облигационен факт, само по себе не доведува до настанување на облигационен однос. За тоа потребно е исполнување на најмалку уште еден т.н. посебен услов од кој зависи видот на одговорноста за причинетата штета[3], односно да биде предвидена одговорноста на сторителот за предизвиканата штета[4] .

За да повод претрпената штета настане облигационен однос уште од римското право потребно било да постојат барем две страни[5], кои се до денес ги носат истите називи и тоа : должник (reus credendi, reus stipulandi, creditor) кој е воедно носител на обврската односно штетник или пасивен субјект и доверител (reus debendi, reus promittendi,debitor) кој е носите на правото или активен субјект односно оштетен. Штетник и оштетен согласно одредбите на Законот за облигационите односи можат да бидат како физички лица така и правни лица основани согласно закон.

Штетникот како страна на облигациониот однос, не секогаш се поистоветува со поимот штетник за кој имаме претстава во секојдневниот живот, а тоа е лицето кое на друг му причинува штета и е фактички штетник. Иако овие два поими се поистоветуваат, тие се сепак различни, бидејќи во голем број на случаи фактичкиот штетник и лицето кое е одговорно за надомест на штетата како страна во настанатиот облигационен однос, се две различни лица. Од оваа причина кога зборуваме за штетник всушност мислиме на правен штетник кој според одредбите на Законот за облигационите односи е одговорно за причинетата штета и истиот има обврска согласно законот да ја надомести.

Меѓутоа, одредбите од Закокот за облигационите односи со кои се определува страната штетник во настанатиот облигационен однос повод претрпената штета не ја исцрпуваат во целост правната регулатива за тоа кој се може да биде штетник. Сето тоа укажува на фактот дека страната која е

[3] Облигационо право, Гале Галев и Јадранка Дабовиќ Анастасовска, Скопје, 2008, стр.527

[4] Коментар на Законот за облигационите односи Кирил Чавдар и Кимо Чавдар, Скопје, 2008 година, стр.269

[5] Римско право, Иво Пухан и Мирјана Поленак –Акимовска, Скопје, 1991, стр.200

одговорна за надоместување на претрпената штета како страна во облигационен однос мора да биде одредена како таква со закон и таа не треба во никој случај да се поистоветува со фактичкиот причинител на штетата, бидејќи тие се совпаѓаат само во случај кога тоа во законот е предвидено.

Кога зборуваме за штетник неопходно потребно е и да се осврнеме на поимот оштетен, кој претставува физичко или правно лице на кое му е причинета штета и кое се јавува како страна во облигациониот однос, која има право согласно законот да побарува надомест на штетата. Притоа разгледувајќи ги одредбите од Законот за облигационите односи кои се однесуваат за лицата кои можат да се јават како оштетени при причинета штета во облигационен однос, можат да се издвојат неколку карактеристики посебни за оштетениот. Имено како оштетен може да се јават физички и правни лица кои имаат правна способност, оштетен може да биде и зачетокот согласно член 45-а ст.3 од Законот за облигационите односи со кој се предвидува дека зачнатото дете заради заштита на неговите права се смета дека е родено, под услов доколку се роди живо, на страна на оштетен можат да се јават лица кои се точно одредени со закон и под услови утврдени со Законот за облигационите односи (на пример брачен другар, деца и родители, сестри, браќа, дедовци, баби, внуци, вонбрачни другари, родители и слично). Ова последното се работи за случај кога настанува облигационен однос со причинување на нематеријална штета во случај на смрт или тежок инвалидитет на едно лице. Специфичност за сите овие случаи е во тоа што за да постои облигационен однос поради настанатата штета неопходно потребно е претходно да постои друг облигационен однос кој настанал пред него, а од кој однос зависи остварувањето на правото на надомест на штета за оштетениот. Сепак постојат случаи во кои и покрај настанувањето на штетата како резултат на дејствие на штетник , лицето кое е оштетено не се стекнува со својство на оштетен и нема право да бара надомест на штета. Таков е случајот кога се исклучува противправноста на дејствието со кое е нанесена штета и кога постои согласност на лицето кое претрпува штета.

Лицето кое претрпело штета има право на надомест на таквата штета при исполнување на точно определени услови предвидени со закон. Меѓутоа самиот надомест на штета не секогаш е точен во сооднос на направената штета, бидејќи како постојат разни видови на штети така постојат и различни видови на надомест како компензација за претрпената штета.

За да се смета дека едно лице е и обештетено, во голема мера улога игра и субјективниот елемент на оштетениот, кој многу често е тешко да се задоволи, а што најчесто е и причината за неуспешната претходна постапка пред друштвата за осигурување и поведување на скапите и долготрајни судски спорови. Субјективниот елемент е посебно изразен кај барањата за надомест на нематеријалната штета, која штета најчесто претставува и најчестиот основ за надомест на штета пред надлежните судови.

2. Поимот штета од аспект на материјалното право

Кога зборуваме за штетата не може да не се опфати целокупната законска регулатива која го третира ова прашање заедно со штетата која произлегува од специфичниот договор за осигурување.

Па така, ваквата материја најопширно е регулирана со Законот за облигационите односи - ЗОО[6], потоа со Законот за осигурување[7], Законот за задолжително осигурување во сообраќајот – ЗЗО[8], Законот за супервизија на осигурување – ЗСО (пречистен текст), Закон за измена и дополнување на Законот за супервизијата на осигурувањето, Одлуки на Уставен суд бр.202/2011 и бр.130/20[9], Законот за трговските друштва – ЗТД [10] и други прописи за специфични дејности и вршење должности.

Како што спомнавме погоре штетата во најопширна смисла се определува со Законот за облигационите односи и низ овие одредби се проткаени сите права и обврски кои настануваат од настанатиот облигационен однос повод претрпената штета од секаков вид. Со одредбите од Законот за осигурување како и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот се определени видовите на осигурување за кои може да се склучи договор со овластените друштва за осигурување, а кои претставуваат основ за надомест на штетата која осигурениците и лицата опфатени со осигурувањето имаат право да ја бараат од друштвата за осигурување.

Физичките и правните лица кои вршат дејност согласно закон, како и граѓаните на Република Северна Македонија можат да се осигуруваат во друштвата за осигурување основани согласно Законот за супервизија на осигурувањето. Друштвата за осигурување се основаат како акционерски друштва чие седиште е на територијата на Република Северна Македонија, под изречно наведени услови утврдени со Законот за супервизија на осигурувањето и Законот за трговските друштва.

Основаните друштва за осигурување согласно законот може да вршат работи како на осигурување, така и на реосигурување. Притоа, осигурувањето друштвата за осигурување може да го вршат во рамки на една или повеќе класи на осигурување и тоа во една од групите на осигурување и тоа неживотно осигурување и осигурување на живот.

---

[6] Службен весник на Република Северна Македонија бр.30/2012, Службен весник на Република Северна Македонија бр.188/2013

[7] Службен весник на Република Северна Македонија бр.35/2001

[8] Службен весник на Република Северна Македонија бр.18.2001, бр.04/2002, бр. 5/2003, бр. 84/2008, бр.161/2009, бр.81/2009 и бр.123/2013, Службен весник на Република Северна Македонија бр.28/2004, бр.84/2005, бр.25/2007, бр.87/2008, бр.42/2010 и бр. 48/2010

[9] Службен весник на Република Северна Македонија бр.88/2005, бр.70/2006, 47/2011, бр.81/2008 и бр.135/2011

[10] Службен весник на Република Северна Македонија бр.188/2013 со Службен весник на Република Северна Македонија бр.45/2012

Со закон е предвидено кој е потребниот капитал со кој треба да располага во секое време друштвото за осигурување , кои се се негови обврски и должности кои се поврзани со специфичноста на работата, обемот на работа и видот на осигурување кое го нуди, како и ризиците на кои самото друштво за осигурување се изложени при вршење на својата работа.

Согласно законот, интенцијата е да се гарантира дека секое друштво за осигурување е должно да работи на начин со кој ќе се овозможи во секое време истото да може да ги подмири достасаните долгови и да обезбеди негова ликвидност, а воедно редовно да ги покрива сите свои настанати обврски и истото да е солвентно.

3. Поимот штета од аспект на осигурувањето

Многу често во секојдневниот живот се случуваат неповолни промени на сопственоста односно имотот или на личноста, кои промени се директно или индиректно предизвикани од некоја активност или некоја појава. Таквите промени можат да бидат од имотен односно материјален или неимотен односно нематеријален карактер. Имотните промени се поврзани со повреда, намалување или изгубување на имотните интереси на оштетениот, додека неимотните промени се поврзани со неповолни промени на личноста здравствено односно физички.

Имотната штета може да се појави како стварна штета со која се означуваат случаите кога има намалување на вредноста на постоечката сопственост и имотна штета во вид на изгубена добивка, која претставува изостанато зголемување на сопственоста како таква, а кое нешто не би се случило доколку работите се одвивале по редовниот тек на работите и не настанал определен случај.

Овие две категории на штета се меѓусебно поврзано, но не често истите мораат да бидат придизвикани од една иста ситуација односно еден ист случај. Веќе претходно спомнавме дека штетата може да биде непосредна или директна штета и посредна или индиректна штета, но разграничувањето помеѓу овие два вида не е решено со прописите поради што во теоријата се застапени повеќе мислења и теории. Непосредната-директна штета е штетата која настанала како последица на штетни дејствија, настани или појави и која штета се појавила веднаш како последица на таквите дејствија, настани или појави. Во зависност од тоа дали една штета веќе настанала, извесно и очекувано е дека ќе настане, односно за тоа има прилика, во теоријата се разликуваат и тековна –постоечка штета, идна штета и евентуална штета.

Кај договорот за осигурување, странките согласно договорот и општите и посебните услови за осигурување кои се составен дел од договорот, се обврзуваат на меѓусебен надомест на штета во случај на повреда на некогја договорна обврска, а во случаи предвидени со закони и други прописи, во случај на настапување на таквите предвидени дејствија, настани , појави и случаи. Во тој случај кога таквите околности и факти се предвидени со акти, самото настанување на штетата предизвикува обврска на лицето одговорно за надомест на штета да ја надомести.

Осигурувањето како поим настанал со една единствена цел, а тоа е надомест на штета во точно определени случаи. Притоа во осигурувањето се прави разлика помеѓу надомест на материјална штета и надомест на нематеријална штета, надомест за телесни повреди - инвалидитет или смрт на личност,

надомест за оштетување или губење на предмети, надомест на интерес, надомест на штета со која се надоместува определен губиток (активно осигурување) и надомест на штета поради можно зголемување на обврските (пасивно осигурување), штети за стварно оштетен имот по извршена процена на конкретна штета и апстрактна штета кај осигурување со исплата на договорена сума, надомест на посредна штета и надомест на непосредна штета, како и надомест на штети предизвикани од лица или предмети или случувања.

Штетата настанува кога врз осигураниот предмет на договорот за осигурување настане оштетување или уништување на истиот поради настанување на осигураниот случај. Притоа, обврска на друштвото за осигурување кое е договорна страна на договорот за осигурување, е да ја исплати штетата утврдена со договорот или согласно актите на друштвото и законските прописи. Меѓутоа самата компанија - друштво за осигурување не постапува спонтано по предметите, истите постапуваат по добиено сознание врз основа на поднесена пријава од оштетениот дека настанала штета и врз основа на веродостојна документација со прилог договор за осигурување, друштвото за осигурување го утврдува како постоењето на основот за исплата така и висината на обврската на друштвото за осигурување.

Во делот на надомест на штета од осигурување, од значење за постапувањето по предметите е и разликувањето на штети настанати како последици на ризици исклучени од осигурувањето, штети кои се последици од неосигурени ризици и штети кои воопшто не се осигурани. Притоа за штети исклучени од осигурување се зборува и постои кога одредена категорија на штета е покриена со договорот за осигурување, но истата е исклучена од осигурувањето, ако настанала како последица предвидена со закон или договорот за предвидени ризици на случајот. Како појаснување би дала еден пример кога при осигурување на определен предмет (куќа, брод, фабрика и слично) како покриен ризик со договор за осигурувањето е пожар, но ако тој пожар е последица на воен напад со бомби, таквата штета е исклучена бидејќи истиот настан – пожарот е последица на воен ризик кој е исклучен од осигурување. Оттука јасно е дека при одлучувањето за еден предмет и надомест на претрпената штета потребно е да се согледат сите аспекти на случајот и да се утврди причинско последичната врска, за да може со јасност да се разграничат ситуациите кога се работи за ризици кои се исклучени од осигурување, а кога за ризици кои не се осигурани. Штетите кои што се исклучени од осигурувањето, од своја страна во зависност каде истите се регулирани, можат да бидат пропишани (кога се пропишани со акти на друштвото за осигурување) и договорени (кога истите се предмет на самиот договор за осигурување).

Од штетите посебно треба да се одвојат штетите настанати посредно или непосредно, заради намерно дејствување на осигуреното лице и ваквите штети не можат да бидат предмет на осигурување. Покрај овие штети, во оваа група се вклучени и штетите кои настанале посредно или непосредно поради крајно невнимание на осигурениот, намерно дејствување или крајно невнимание на лице за чии постапки согласно закон е пропишано дека одговара осигурениот, разни штети настанати од политички и воени ризици и сл. Овде спаѓаат и штетите настанати заради недостатоците или природните својства на стоките, штетите настанати посредно или непосредно заради недостатоци или неспособност на брод за пловидба во случај кога осигурениот бил запознат со тоа.

4. Поделба и систематизација на штета

Поимот штета во нашето законодавство е определен со набројување на видовите штета во член 142 од Законот за облигационите односи и истиот ја дефинира штетата преку видовите : намалување на нечиј имот или обична штета, спречување на зголемување на имот или испуштена корист и повреда на лични права односно нематеријална штета.

Поимот штета многу често во секојдневниот живот се поистоветува со загуба, што како појава често го следи човекот од неговото создавање па до ден денешен. Така штетата се јавува во животот на секој човек, а не секогаш самиот човек е свесен за постоењето на самата штета. Бидејќи основен двигател на човекот е работата изразена преку дејствија кои ги преземаме во секојдневието, јасно е дека кога работиме и делуваме, можеме да грешиме и со тоа на друг да му нанесеме штета независно од нашата волја и волјата на лицето кое го оштетуваме. Притоа секоја штета не мора да биде последица на дејствија бидејќи постои штета која настанува и поради непреземање односно несторување поради што и штетата се разликува како штета од чинење и несторување.

Од секоја работа која се врши согласно закон, договор или самоиницијативно може да настане штета, при што оној што ја претрпел штетата има право на обештетување. Меѓутоа во зависност од видот на претрпената штета, не секогаш со обештетувањето може да се постигне потполно и праведно обештетување, бидејќи во голем број на случаи обепштетувањето е само еден вид делумна сатисфакција за претрпената штета од страна на оштетениот. Како што се постојат разни видови на штета, така постојат и разни видови на обештетувања. При обештетувањето се гледа да се изврши и изнајде еден еквивалент на претрпената штета без притоа да се запоставаат и другите елементи на штетата.

Во принцип помеѓу оштетениот и субјектот кој е одговорен за причинетата штета може да се постигне спогодба во вид на порамнување за видот и висината на надоместот на штетата, меѓутоа во случачите каде што не може да се изнајде заедничко решение и да се постигне спогодба, предметите зазвршуваат на суд или друг надлежен орган (медијација).

Како посебно прашање кое е актуелно при решавањето на предметите, се појавува и прашањето дали штетата која се утврдува е и надоместлива. Ова од едноставна причина затоа што последица на самата штета е или имотот или личноста на оштетениот, а самата штета и правото таа да се бара е обвиено со еден субјективен елемент окарактеризирано како субјективно право на надомест на штета. За штетникот односно лицето кое согласно договорот и закон е одговорно за настанатата штета, во случај на истакнување на правото за надомест на штета, настанува обврска да ја надомести таквата штета.

За да може оштетениот да ја наплати својата штета, неопходно потребно е таквата штета претходно правно да е призната со соодветен акт. Имено во претходната постапка поведена по барање-пријава на штета потребно е да постои спогодба за утврдување и исплата на штета или пак во евентуална судска постапка, потребно е да постои одлука односно пресуда со која постои задолжување за определено лице да ја надомести таквата штета.

Во едно современо општество, за голем дел од предметите кои не можат да се решат во една претходна вонсудска постапка, најчесто во постапката пред суд, за таквите предмети се утврдува основот, видот и висината на штетата и правото да се исплати така утврдената штета. Во праксата се сретнуваат и апсурдни барања за надомест на штета, а голем дел од предметите пред судот од областа на

надомест на штета од осигурување се штети причинети од возила во движење согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, додека мал број предмети се од другите видови осигурување. Некои случаи на надомест на штета од конкретен вид на осигурување, поради нивната реткост и воопшто не се сретнуваат како случаи во нашата пракса.

Со напуштањето на социјалистичкото уредување и концент на државниот и општествениот имот како најдоминантен и воведувањето на отворен пазар за работење и на овие простори, во оваа област се повеќе внимание се посветува на поправедно вреднување на видот и висината на претрпената штета, заради правилно и праведно обештетување на оштетените. Па така со таквите промени напоредно се извршија промени и во однесувањето на судовите, кои станаа пореални и поправедни во проценката на штетата за обештетување, а со тоа директно се донесуваат одлуки со поголеми и повисоки досудени износи како компензација за претрпената штета. Се поголемиот број на предмети во делот на обештетувањето само по себе го подига нивото на одговорност во постапувањето како на институциите релевантни за самиот процес така и на самите учесници во тој однос.

За жал, во Република Северна Македонија, иако се бележи напредок, сеуште се бориме со неефикасно судство и ниско ниво на општ животен стандард поради што нема услови за овозможување на ефикасно и адекватно обештетување на оштетениот споредбено со другите држави членки на Европската Унија.

Како што веќе претходно напоменавме, според различни критериуми, штетите во теоријата можат да се поделат на: материјална штета, нематеријална штета, стварна штета, изгубена штета, посредна штета и непосредна штета и др.

Поделбата на штетата на материјална и нематеријална е врзана со фактот дали штетата е поврзано со материјалните добра или истата е поврзана со личните права и неимотни добра на човекот. Оттука материјалната штета претставува првиот дел од дефиницијата дадена со Законот за Облигационите односи, означена како намалување на нечиј имот (обична проста штета – damnum emergens) или пак спречување на зголемување на имотот (испуштена корист, идна штета- lucrum cessans). Материјалната штета може да се појави кај оштетениот како оштетување, намалување или уништување на некое имотно добро, некое имотно право или некој имотен интерес. Класичен пример за стварна штета е оштетување на осигурен предмет. Со оштетувањето, кај оштетеното лице доаѓа до намалување на економската вредност на таквиот предмет и до намалување на имотот во текот на поправка или замена на тој предмет. Испуштената корист како идна штета, во врска со осигуран предмет, би се состоела во неможноста таквиот предмет по определен настан, појава или дејствие да се користи согласно својата намена со што оштетеното лице заради ангажирање на друг предмет за истата намена има дополнителни издатоци кои по редовен пат на работите би ги немал доколку не дошло до такво оштетување на предметот.

Во материјалната штета спагаат и трошоците за лекување и рехабилитација на оштетниот настанати во здравствените установи заради санирање на претрпената штета, трошоците за применетата медицинска терапија во соодветните установи, трошоците за лекови и други медицински средства употребени за санирање на штетата. Овие трошоци како штета се недоместуваат по приложени релевантни докази за истите издадени од соодветните здравствени установи и други правни и физички лица. Притоа од страна на друштвата за осигурување како и надлежните судови кои одлучуваат по

предметите, се уважуваат сите нужни и неопходни трошоци со согласност со стандардите на мединската струка и актите на компанијата за осигурување која ја надоместува штетата врз основа на договор за осигурување или друг акт како форма за склучениот договор.

Заработката изубена за време на привремена спреченост за работа на оштетениот исто така спаѓа во материјална штета. Со истата се надоместува разликата помеѓу редовната заработка на име плата која би ја остварил оштетениот при нормален тек на работите и онаа која оштетениот ја прима за време на траењето на привремената спреченост за работа (разлика помеѓу редовната заработувачка на име плата и заработката исплатена на оштениот како плата за време на боледување). Овде сметаме дека мора да се спомене и заработката изгубена како резултат на трајно, делумно или потполно губење на работната способност на оштетениот, при што се прави разлика помеѓу трајно и делумно, од една страна и трајно и потполно, од друга страна. Кај трајното и делумното губење на работната способност како штета се надоместува разликата помеѓу заработувачката која се остварувала порано и просечната заработка во неговото работење во месецот на настанување на штетата - повредата и заработката по повредувањето односно просечната заработка на даденото работење на оштетениот. Доколку пак губењето на работната способност е трајно и потполно, надоместот се утврдува во вид на месечна парична рента утврдена како разлика помеѓу поранешната заработувачка - просечната заработка во месецот на настанувањето на повредата и просечната заработка во даденото работење по здобиената повреда. Овде значајно е да се спомне и изгубеното издржување како побарување на име штета од лице кое имало право на издржување од погинато лице, а кое се надоместува со месечна парична рента, во висина не поголема од онаа која тоа лице би ја добивал од погинатиот доколку работите би се одвивале по редовниот тек на настаните. Во овој вид на штета спаѓаат и трошоците за погреб во кои се опфатени: трошоците за превоз на покојникот, набавка на соодветна погребна опрема, лична облека за покојникот како и сите други трошоци кои според месните обичаи се нужни и неопходни за достојно испраќање на покојниот. Трошоците за туѓа нега и помош исто така за вбројуваат во овој вид на штета и во истите спаѓаат трошоците кои се неопходни за задоволување на основните биолошки потреби на оштетениот доколку истиот тие не може самостојно да ги задоволи поради претрпената штета и онеспособеност. Тие исто така се утврдуваат според просечната заработка на ангажираните стручни медицински лица, а се исплаќаат во вид на месечна парична рента.

За разлика од нематеријалната штета, материјалната штета е точна, прецизна и определена согласно реални износи кои се докажуваат со валидни сметки и други релевантни документи.

Материјалната штета како еден од видовите на штета може да се надомести со воспоставување на поранешна состојба пред настанување на штетата и со надомест во пари (која се досудува доколку утврдувањето на поранешната состојба не е можно, доколку само делумно може да се утврди поранешната состојба, ако таквото утврдување предизвикува несразмерни трошоци и ако се бара исклучиво досудување надомест во пари).

Надоместот на пари како еден од начините за исплата на материјалната штета се досудува во онаа висина во која истиот е доволен и потребен за воспоставување на состојбата која постоела пред настанувањето на штетата. Притоа за висината на овој надомест, во времето на одлучувањето од значење се цените кои постојат во тој момент на донесувањето на судската одлука. Самото барање за исплата на штета, често пати е придружено и со споредното барање за исплата на законска камата на

материјалната штета кое најчесто се досудува од моментот на настанувањето на таквата материјална штета, меѓутоа се сретнуваат и случаи кога истата се досудува сметано од поведувањето на постапката пред надлежното друштво за осигурување или моментот на поведувањето на судската постапка.

Висината на досудениот надомест често пати се дава и во помал обем од утврдената висина на штета и тоа најчесто е кога штетата не е направена намерно или со крајно невнимание, а постои поделена одговорност за настанокот и висината на штетата помеѓу штетникот и оштетениот.

Нематеријалната штета како и материјалната штета, нема точно определен поим со Законот за облигационите односи туку со неговите одредби само се укажува на нејзините правни признати облици на појавување. Нематеријалната штета настанува на неимотни ствари, односно истата претставува штета причинета на некое лице во однос на личните и неимотните добра на човекот како што се : животот, здравјето на човекот, личната слобода, неговиот физички и психички интегритет, способноста за работа, право на среќа во животот, неговата чест, углед, достоинство, куќен мир, слобода на мисла и слично.

Во нашата судска пракса, за жал , ваквиот вид надомест на штета со своите познати облици, наместо да се развива, е под непречен притисок на друштвата за осигурување со што истиот добива минимална димензија. Меѓутоа со адекватна обработка, правен пристап и укажување на грешките и празнините, може да се подобри оваа слика која се надеваме ќе го просветли патот кон целосна и правична сатисфакција.

Најчесто нематеријалната штета се манифестира и определува како претрпена физичка болка на оштетениот, претрпен страв, претрпена душевна болка поради намалување на општа животна активност, душевна болка поради настанати нарушувања, нагрденост, повреда на чест, углед и други лични права загарантирани со устав и закон. Самиот износ кој се досудува на име нематеријална штета со одлука всушност не претставува надомест на штета, иако истиот така се именува, бидејќи човековите атрибути и личните права кои можат да се повредат или оштетат и изгубат немаат своја вредност. Ова посебно бидејќи истите не можат вредносно да се определат и вреднуваат.

Во праксата нематеријалната штета најчесто се јавува во облик на претрпена физичка болка и претрпен страв и тоа најзастапени се случаите на надомест на штета од претрпена сообраќајна незгода како и надомест на штета при каснување од куче или мачка. Поради нивната застапеност во праксата накратко во овој дел ќе се осврнеме на овие два случаи во кои се надоместува нематеријалната штета, а дополнително ќе го обработиме случајот на надомест на штета од сообраќајна незгода согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

Кај сообракајните незгоди, возилата согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот се осигурани со полиса за автодоговорност и сите лица кои како резултат на сообраќајната незгода се оштетени имаат право на надомест на штета. Во зависност од последиците кои настанале како резултат на сообраќајната незгода , сите трети лица како и возачот кој нема придонес во настанувањето на сообраќајаната незгода, имаат право да бараат надомест на штета во постапка уредена со закон. Најчесто овие лица добиваат надомест на нематеријална штета за претрпени физички болки, за претрпен страв, во посериозни случаи со потешки последици и душевни болки поради намалена општа животна активност, надомест за нагрденост, а во определени случаи при смрт на учесник во сообраќајната незгода и надомест за член на потесно семејство на погинатото лице.

Кај случаите на каснување од куче или мачка , се работи за многу поедноставна ситуација во споредба со сообраќајните незгоди. Право на обештетување има единствено лицето кое го каснало куче или мачка, а единствено прашање пред поведување на судска постапка е утврдување на прашањето спрема кој да се води таквата постапка. Ова од причина затоа што во зависност од тоа дали се работи за животно кое е во приватна сосптвеност или за животно кое е скитник, постои разлика кај лицето кое е одговорно за надомест на причинетата штета.

Нематеријалната штета се обештетува исклучиво во облик на паричен надомест со што се овозможува оштетеното лице со здобиените парични средства да си дозволи и обезбеди определено задоволство, со што на извесен начин ќе се компензира болката која ја претрпел поради настаната штета. При одлучувањето за висината на надоместот за нематеријална штета, во судската пракса и согласно законот, судот има должност посебно да води сметка за значењето на повредената добро и целта за која така определениот надомест треба да служи. За разлика од материјалната штета, нематеријалната штета преминува на наследниците на оштетениот само и тоа само ако истото како право и во висина е признато и досудено со судска одлука или писмен договор.

Стварната штета како реално намалување на постоечкиот имот е еден од видовите на штета и во истата спаѓаат сите неповолности кои се направени врз основа на било кое дејствие. Неостварената добивка како штета претставува спречување на зголемување на еден имот врз основа на определено дејствие или несторување.

Непосредната штета настанува како резултат на директна последица од штетна активност, додека посредната штета е индиректна последица на штетната активност, за која се знае во кое време ќе се случи во блиска иднина. Разликуваме и поделба на конкретна штета односно штета чие постоење е докажано и вистинито со точно определен и утврден износ на штета и апстрактна штета односно штета за која не е потребно докажување, бидејќи нејзиното постоење се претпоставува, но затоа износот на надомест на штета се утврдува согласно претходно пропишани општи критериуми во зависност од основот за одговорноста за штета.

Од посебен интерес за правната теорија претставува и поимот на супституирана штета која се јавува како резултат на дејствија на едно лице заради отстранување на штетни последици од друго лице кое се јавува како оштетено. При ваквите случаи првобитната штета која не настанала, се заменува со друга штета, која всушност е предизвикана од штетникот и за неа тој одговара.

Теоријата разликува и други видови на штета како што се предвидлива и непредвидлива штета, постоечка, идна и евентуална штета, позитивен и негативен интерес и слично. Притоа секој облик на штета има свои карактеристики по кои се разликува од останатите видови штети.

II. ОСИГУРУВАЊЕТО КАКО ОСНОВ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

За да можеме да го разгледуваме осигурувањето како основ за надомест на штета, неопходно потребно е да го разгледаме и објасниме осигурувањето како специфичен договор кој настанува помеѓу договорните страни.

Договорот за осигурување претставува обврзувачки договор за двете договорни страни на договорот и со истиот се предвидуваат права и обврски за двете договорни страни. Ваквите права и обврски за договорните страни настапуваат со самото потпишување на полисата за осигурување или листата на покритието.

Договорот за осигурување, со напредокот на индустријата и технологијата станува се позастапен дел од нашето секојдневие. Тој претставува специфичен однос кој може да настане помеѓу договорните страни врз основа на договор (доброволно осигурување) или врз основа на прописи предвидени со закон (задолжително осигурување). Кај договорот за осигурување едната договорна страна претставува осигурител, кој најчесто е овластено друштво за осигурување и истиот ја презема обврската дека на другата страна од договорот – кој е осигуреникот или трето лице во чија корист се склучува осигурувањето, првата договорна страна ќе му ја надомести штетата кај осигурувањето на имот, односно обврска дека ќе ја исплати договорената сума на осигурување во случај на настапување на предвиден настан – осигурен настан / ризик и тоа само под услов осигуреният да ја исплатил на осигурителот договорената премија од склученият договор за осигурување/ полиса/ акт, во договорениот или предвиденият рок определен уште од самото склучување на договорот за осигурување.

Со склучувањето на договорот за осигурување, всушност на осигуреникот му се овозможува економска заштита од можни штетни дејствија и други економски нестабилности до кои може да дојде кај доброто предмет на осигурувањето со настапување на осигуреният случај односно настапување на самиот ризик предвиден со договорот.

Кога зборуваме за осигурувањето и осигурителното право мора да се споменат и субјектите кои можат да се јават во тоа право, а тоа се како физичките така и правните лица кои директно или индиректно се јавуваат како понудувачи односно даватели и примателиодносно корисници на заштитата која ја нуди самиот договор за осигурување. Па така во теоријата, се сретнуваме со поимите: осигурувач, договарач на осигурувањето, осигуреник односно осигурено лице како и корисник на осигурувањето кој е определено или определиво лице кое има права од склученият договор кој за негова сметка го склучил договарачот на осигурувањето.

Самиот тек на потребната постапка, потребните документи за остварување на правата како и постапката за испитување на постоење на основ и утврдување на висина на штетата, која осигурителот презел обврска да ја надомести со договорот, се уредени со Парвилниците за работа на друштвата за осигурување и внатрешните акти на друштвата. Притоа од значење при склучување на секој договор за осигурување во зависност од компанијата која го дава осигурувањето се и Општите и Посебните услови за осигурување.

Постапката за надомест на штета без разлика од каков вид на договор за осигурување произлегува штетата, пред надлежното осигурително друштво кое е странка на договорот, се започнува

со поднесување на пријава на штета до друштвото за осигурување, на кое дејствие следуваат посебни постапки заради решавање на предметот, а кои постапки ќе бидат посебно обработени во посебен дел од овој труд. Овде само би напоменала е дека се работи за постапки кои имаат за цел собирање на потребната веродостојна документација, утврдување на правото на надомест на оштетениот, оцена на штета, уврдување на висината на надомест на штета (доколку постои разлика во процент, придонес или делумно утврдување на штета), потоа контрола на штета и нејзино одобрување за исплата, пополнување на образец за исплата во платниот промет и евидентирање односно ликвидација на пријавената штета. Доколку по завршувањето на ваквата постапката, оштетениот како лице кое согласно договорот има право на надомест на штетата не е задоволен од утврдената и понудена висина на надомест на штета од осигурителното друштво, истиот како лице кое има правен интерес, има право да поведе постапка пред надлежен суд со поднесување на тужба спрема осигурителната компанија како тужена страна и да бара со таквата тужба во посебна граѓанска постапка судот да го утврди основот и висината на претрпената штета која се бара осигурителното друштво да ја надомести.

Постапката за пријава на штета и барање за надомест на штета пред друштвото за осигурување како договорна страна која има обврска од договорот е задолжителна и доколку истата не е спроведена, судот ќе ја отфрли тужбата и тужбеното барање на оштетениот како тужител. Впрочем не ни може да стане збор за неисполнување на обврската на осигурителната компанија која произлегува од склучениот договор, ако самиот оштетениот не ја извести компанијата како договорна страна дека настанале услови кои се од значење за настанување на обврската за надомест на штета од страна на друштвото за осигурување. Оттука правилно може да се заклучи дека поднесената пријава за штета/барање за надомест на штета до осигурителното друштво кое е страна на договорот за осигурување претставува предуслов за евентуално поведување на судска постапка.

Кога зборуваме за осигурувањето, неопходно потребно е да ги запознаеме и видовите осигурување кои ги разработува теоријата. Па така во зависност од тоа што е предмет на договорот разликуваме осигурување на имот и осигурување на лица, во зависност од тоа дали осигурувањето настанува по волја на поединецот или се работи за наметната обврска предвидена и определена како таква обврска со закон, разликуваме доброволно осигурување и задолжително осигурување, според бројот на лицата кои го склучуваат договор за осигурување разликуваме индивидуално и колективно осигурување и слично.

Во својата работа, друштвата за осигурување основани согласно Законот за супервизија на осигурувањето можат да вршат како работи на осигурување така и работи на реосигурување. Во работи на осигурување кои друштвата за осигурување можат да ги вршат, законот изречно ги набројува во член 4 став 2 од истиот и истите се: склучување на договори и исполнување на договори за осигурување на живот и неживотно осигурување, склучување на договори и исполнување на договори за соосигурување и склучување и исполнување на договори за пасивно реосигурување.

Во поглед на кои се тоа работи на реосигурување друштвата за осигурување можат да ги вршат во својата дејност е пропишано со став 3 од член 4 од Законот за супервизија на осигурувањето каде стои дека работи на реосигурување се: склучување и исполнување на договори за реосигурување од страна на друштвата за осигурување регистрирани согласно закон за активно реосигурување и тоа на вишоците на ризици над нивото на максималното покритие на друштвата за осигурување. Со став 4 од

истиот член се дадени и другите работи кои друштвата за осигурување можат да ги вршат во рамките на осигурување и реосигурување од претходните ставови, а се директно поврзани за работите на осигурување. Тие се таксативно наброени и во истите спаѓаат : посредувањето во договарањето на осигурување и реосигурување, изведување операции на фјучерс договори, опции и други слични финансиски инструменти (доколку истите се користат како обезбедување од ризици настанати како последица на девизниот курс и каматните стапки, а во согласност со одредбите од член 87 од Законот за супервизија на осигурување), снимање на ризици, снимање и извршување процена на штети, посредување при продажба и вршење продажба на остатоци од осигурен оштетен имот- предмети, воведување на мерки за спречување, намалување и отстранување на штетите и ризиците кои претставуваат опасност во неживотното осигурување, давање и укажување правна помош во осигурувањето и реосигурувањето и укажување на други интелектуални и технички услуги кои се поврзани со работите на осигурување и реосигурување.

Сите работи на осигурување кои можат да ги вршат друштвата за осигурување во рамките на своите надлежности, можат да се вршат во рамките на законски предвидените класи на осигурување. Ова е определено со член 5 од Законот за супервизија на осигурувањето и притоа како класи на осигурување се дадени: осигурување од последици на несреќен случај – незгода во случај на настапување на смрт или нарушување на здравјето поради повреда, здравствено осигурување, осигурување на моторни возила (каско), осигурување на шински возила (каско), осигурување на воздухоплови (каско), осигурување на пловни објекти (каско), осигурување на стока во превоз (карго), осигурување на имот од пожар и природни непогоди, осигурување од одговорност од употреба на моторни возила, други осигурувања на имот, осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови, осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти, општо осигурување од одговорност, осигурување на кредити, осигурување од финансиски загуби, осигурување на гаранции, осигурување на правна заштита, осигурување на туристичка помош, осигурување на живот (освен наведеното од точка 20 до точка 23 од истиот член), осигурување на брак или породување, осигурување на живот во врска со удели во инвестициони фондови, осигурување на тонтина (здружение на рентиери) и осигурување на определени средства за исплата.

Осигурувањето од последици на несреќен случај- незгода во кое се вклучуваат и индустриските повреди и професионалните заболувања, во случај на смрт на осигуреникот или нарушување на неговото здравје поради повреда е најзастапено доброволно осигурување кај нас и со истото се покрива исплата на осигурената сума од договорот во еден целосен износ, исплата на осигурената сума на рати, комбинирање на исплати во цел износ и на рати и исплата поради здобиени повреди, претрпено нарушување на здравје или евентуална смрт на патници.

Со здравственото осигурување кое со појавата на современите болести, вируси и заболувања станува се поинтересно и привлечно за поимотните поединци, се покрива еднократен паричен надомест за инвалиднина на осигуреникот, се покриваат трошоците за болничкото лекување и се покрива комбинирана исплата како на делумна инвалиднина и на трошоците за болничко лекување.

Со појавата на корона вирусот и прогласувањето на пандемијата, од посебен интерес како за поединците така и за друштвата за осигурување стана дополнителното здравствено осигурување со кое за осигуреникот се покриваат трошоците кои тој би ги имал за здравствени услуги кои не се опфатени со

задолжителното здравствено осигурување, за добивање на услуга од повисок стандард, покривање на трошоците за користени здравствени услуги во дополнителна дејност како и за користени здравствени услуги во здравствени установи надвор од мрежата на здравствени установи. Притоа, ова осигурување е врзано со задолжителното здравствено осигурување и осигуреник кој може да склучи договор за осигурување може да биде само лице на кое му е утврдено својството на осигуреник и осигурено лице во системот на задолжително здравствено осигурување согласно прописите за задолжително здравствено осигурување кои важат во нашата држава. Со овој вид на осигурување за осигуреното лице се олеснуваат и подобруваат условите на остварување на превентивна и здравствена заштита и тоа преку директна исплата на специјалистичките прегледи, дијагностичките анализи, хируршки зафати, лекувања, операции од повеќе области, рехабилитација и лекови во приватните здравствени установи.

Во зависност од специфичните потреби на клиентот/осигуреникот, се нудат различни пакети кои меѓусебно се разликуваат во делот на покритието за: болничко и вонболничко лекување, за операции, за тешки болести, за стоматолошки услуги, за офталмологија и за дијагностика на сезонски грип. Притоа за осигуреникот се обезбедуваат најконкурентните покритија по најповолни цени на пазарот, а сето тоа согласно потребите и барањата.

Осигурувањето на моторни возила – каско осигурување покрива штети кои настанале на моторни возила со сопствен погон (освен шински возила) и штети на влечни патни возила. Последователно осигурувањето на шинските возила – каско осигурување ги покрива штетите настанатите на шински возила, осигурувањето на воздухоплови – каско осигурување ги покрива штетите кои се настанати на воздухоплови, осигурувањето на пловните објекти (каско осигурување) ги покрива штетите кои настануваат на речни или езерски пловни објекти. Посебно со развојот на технологијата и он-лине продажбата која значително порасна за време на ковид пандемијата во 2020 година, привлечно и интересно е осигурувањето на стока во превоз (карго) со која се покриваат штетите или губитоците на стоката која се дава на превоз, вклучувајќи и багаж, без притоа таквото право да се врзува за видот на транспортот. Оттука секоја стока која се транспортира со таквото осигурување е заштитена и обезбедена, а евентуалните штети или губитоци на стоката во превоз, се обештетува од страна на осигурителните друштва.

Со растењето на животниот стандард, расте и желбата на човекот за сигурност и безбедност на неговиот имот, па оттука во споредба со минататото, во денешницата се повеќе се среќаваме и со осигурување на имот од пожар и природни непогоди. Ваквото осигурување ги покрива штетите кои ќе настанат или губитоците на имот и тоа во точно определени случаи кои мора да бидат наведени во самиот договор за осигурување и тоа : случаи на пожар, експлозија, луња и други природни непогоди освен луња и земјиште кое тоне или се лизга. Други осигурувања на имот кои исто така се познати и застапени кај нас, посебно во областа на земјоделството, се осигурувањето на имот кое ги покрива штетите поради град или мраз како и други штети освен наведените претходно кои се изречно предвидени со договорот.

Осигурувањето од одговорност од употреба на моторни возила, од употреба на воздухоплови и од употреба на пловни објекти ги покрива штетите кои се настанати како последици од употреба на моторните возила, воздухопловот односно пловните објекти вклучувајќи ја и одговорноста на сопственикот на моторното возило, воздухопловот или пловниот објект.

Општото осигурување од одговорност го покрива осигурувањето од сите други одговорности освен оние предвидени во предходните два случаи наведени претходно. Ваквото осигурување прави разлика помеѓу општа одговорност и професионална одговорност. Осигурувањето од одговорност на професионална дејност во себе ги опфаќа професиите: ревизори, сметководители, судски вештаци, Агенција за обезбедување, туристичка агенција, адвокати, нотари, извршители, здравствени работници, медијатори, проектанти, проценители, брокери и застапници, геодети и др.

Осигурувањето на кредити е специфична класа на осигурување со кои се покриваат ризиците од неплаќање односно ненавремено плаќање поради неликвидност или други околности, ризици на извозни кредити и други ризици во врска со извозот, трговијата и инвестирањето на странки и домашен пазар, кредити со отплата на рати, земјоделски кредити, покрива хипотекарни и ломбардни кредити и други кредити и заеми.

Осигурувањето на гаранциите се занимава со покривање на директно или индиректно гарантирање за исполнување на обврските од страна на должниците. Сооодветно осигурувањето од финансиските загуби ги покрива финансиските загуби кои можат да се јават како резултат на ризик при вработувањето, недоволен приход во работењето, временски неприлики, загубен приход, непредвидени општи трошоци, непредвидени трговски трошоци, евидентирана загуба на пазарната вредност, загубите на рентата и приходот, индиректните трговски загуби освен оние претходно наведените, други финансиски загуби (со исклучок на трговските) и другите видови на финансиски загуби.

Во правната сфера, како се развиле другите области во кои продрило осигурувањето, така се развило и осигурување на правната заштита со кое се покриваат трошоците на осигурениците кои се претпрени поради добиена правна помош и трошоците настанати повод судските спорови.

Ништо поразлично не е и во делот на туризмот каде осигурувањето на туристичката помош за лица кои се соочуваат со проблеми при патувањето или други случаи на отсуства од дома или од постојаното место на живеење се повеќе се истражува и практикува во поразвиените земји.

Осигурувањето на живот како што веќе претходно спомнавме е поврзано со постоењето на единката и нејзиниот живот со исклучок на : осигурувањето на брак или породување, осигурувањето на живот во врска со удели во инвестициони фондови, осигурувањето на тонтина и осигурувањето на средства за исплата.

Осигурувањето на животот во врска со удели во инвестициони фондови ги покрива случаите кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик во однос на промена на вредноста која ја имаат инвестиционите купони или други хартии од вредност на инвестиционите фондови.

Посебно интерресно кај нас поради неговата недоволна развиеност е осигурувањето на тонтина односно здружение на рентиери, со кое осигурување се покриваат лица здружени со заедничка цел да ги капитализираат уплатените влогови и соодветно на истите да ги дистрибуираат акумулираните средства меѓу лицата кои достигнале одредена возраст или пак меѓу лицата кои можат да се јават како корисници на осигурување на починати лица.

Последна од класите на осигурување е осигурување на средства за исплата, кое осигурување се заснова на актуелни пресметки при што во замена за еднократни или периодични уплати, осигурените лица добиваат побарувања со одреден износ и времетраење.

Висината на надоместот на штетата, друштвата за осигурување ја утврдуваат според различно прифатени критериуми во зависност од позитивните прописи кои важат за сите осигурителни компании и актите на самото друштво за осигурување со кои се определуваат општите и посебните услови за осигурување.

Се поголем и посебен интерес во денешно време зазема осигурувањето од последици на несреќен случај – незгода каде во зависност од општите и посебните услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај-незгода е дадена табела за определување на процент на траен инвалидитет како последица од таквиот несреќен случај. Притоа предвидени се повреди на следните делови од телото: глава, очи, уши, лице, нос, душник и хранопроводник, граден кош, кожа, стомачни органи, мочни органи, генитални органи, карлица, рбет, раце, надлактица, подлактица, прсти и нозе. Воедно дадена е и табела за определување на дневен надомест во случај кога како резултат на настанатата повреда од ризик настапила кај осигуреникот привремена неспособност за извршување на активности и дејствија и истиот се пресметува како производ помеѓу бројот на деновите и висината на надоместот.

Кај договорите за осигурување не се применуваат општите одредби од Законот за облигационите односи со кои регулира надомест на материјална штета со воспоставување на претходна односно поранешна состојба.

Друштвата за осигурување како што веќе спомнавме, вршат работи на осигурување кои можат да се подведат барем во една од двете предвидени групи на осигурување и тоа: осигурување на живот и неживотно осигурување

Осигурувањето на живот или попознато како животно осигурување, е една од предвидените класи на осигурување кое можат да го вршат друштвата за осигурување и истиот е предвиден со член 5 точка 19 од Законот за супервизија на осигурувањете на Република Северна Македонија. Ваквата група на осигурување во Република Северна Македонија подетално е регулирана со одредбите од член 953 до 979 од Законот за облигационите односи и од 998 до 1012 од истиот закон, во кои членови законодавецот ги регулирал правата и обврските на договарачот на осигурувањето и друштвото за осигурување. Кај осигурувањето на живот, посебна карактеристика е тоа што овој вид на осигурување се склучува исклучиво со волјата на осигуреникот за стапување во ваков договор, поради што е доброволно осигурување и во себе ги опфаќа: осигурувањето во случај на доживување, осигурувањето во случај на смрт на осигуреникот, мешано осигурување на живот, рентно осигурување и осигурување на живот со договорен повратна премии.

Самиот договор за животно осигурување се смета за склучен и правно обврзувачки за договорните страни со неговото потпишување односно потпишувањето на полисата за осигурување, а истиот бидејќи е непосредно поврзан со самата возраст на осигуреникот како договорна страна, се смета за ништовен доколку при склучувањето на договорот односно пополнувањето на полисата или договорот неточно е пријавена староста односно возраста од страна на осигуреникот. За разлика од другите видови осигурување, кај овој вид на осигурување, друштвото за осигурување не може да бара наплата на неплатената премија по судски пат, меѓутоа постои можност да се намали осигурената сума или да се раскине договорот.

Попознати видови на осигурување кои исто така зависат од волјата на поединецот или колективот и се дел од доброволното осигурување се покрај животното осигурување и неживотното осигурување во кое спаѓаат : здравственото осигурување-патничко осигурување, колективно здравствено осигурување – осигурување на студенти од последици на несреќен случај, осигурување на неподвижно материјално добро, осигурување на објект во изградба, осигурување од одговорност, осигурување од одговорност од дејност, дополнително здравствено осигурување и сл. Доста познато е и задолжителното осигурување во сообраќајот во кое спаѓаат осигурување од автомобилска одговорност односно осигурувањето од автодоговорност.

Од големо значење за самиот процес на надомест на штетата кај задолжителното и доброволното осигурување е согледувањето на постапката за проценка на штета и ликвидација на штета. Постапката како таква пред осигурителната компанија не е предмет на законска регулитива, бидејќи тие најчесто се одредуваат од страна на самата компанија за осигурување.

Постапката за надомест на штета пред осигурителните компании најчесто се состои од неколку фази и тоа: пријавување на штета со што се започнува постапката, евидентирање на штета, формирање на предмет, резервација на штета, извод и проценка на штета, подготовка за ликвидација, интерна проценка и ликвидација, котрола на штета во рокот на ликвидација, повторна котрола на ликвидација, постапка на приговарање-поднесување на приговор и основ за регрес . Притоа сметам дека на секоја од фазите треба да се обрне посебно внимание бидејќи токму изоставувањето на некоја од овие делови на постапката ја прави одлуката сомнителна и подложна на субјективност, поради што и најчесто се водат поголемиот дел од судските постапки пред судот.

Секоја фаза од постапката има свое значење и свој удел при формирањето на одлуката повод барањето за надомест на штета, поради што сметаме дека кога друштвото за осигурување постапува по пријава/ барање за надомест на штета, истата треба да ја запази и правилно да ја спроведе во целост предвидената постапка.

Заради давање на една појасна слика кои се видови на договори за осигурување се застапени кај нас и какви се штети се пријавуваат и решаваат, се обратив со писмено барање до Филијата на Халк Иншуранс Скопје во Делчево и притоа преку пополнување на прашалник од страна на вработениот во Халк Иншуранс Филијала Делчево, доби податоци кои овде ќе ги анализарам и прикажал табеларно и со дијаграми соодветно.


Резултатите од истражувањете, видно од пополнетиот прашалник кој го доставувам во прилог на овој магистерски труд, укажуваат дека најзастапен договор за осигурување во оваа филијала претставува договорот за осигурување од автодоговорност – АО, кој претставува договор предвиден согласно законот како задолжителна обврска на сопствениците/имателите на моторни возила, додека други договори кои исто така се повеќе застапни се договорите за здравствено осигурување и договорите за меѓународна зелена карта. Во помалку застапени се вбројуваат договорите за осигурување од несреќен случај, осигурувањето на имот од пожар и имот останато, договорите за осигурување од општа одговорност, приватното здравствено осигурување, осигурувањето на посеви и плодови како и осигурување на стока ЦМР.

Во однос на другите видови на договори за осигурување, истите не се застапени на ова подрачје поради територијалните услови, економските потреби и слично. Воедно побаран е податок и за застапеноста на бројот на осигурувањата од доброволно осигурување во однос на бројот на осигурувањата од задолжителното осигурување изразен во проценти на ниво на општина.

Во следните две табели ќе ги прикажам табеларно и во дијаграм во проценти податоците кои ги добив од ова истражување.

Застапеност видови договори изразено во %	
Доброволно осигурување	25%
Задолжително осигурување	75%

Овој табеларен приказ за застапеноста на доброволното осигурување во однос на задолжителното осигурување прикажан и на дијаграм со вредности во % изгледа вака:




Видно од овој дијаграм, може да се заклучи дека кај нас, поради намалената свест за осигурувањето и неговите придобивки, преовладуваат договорите за осигурување кои спаѓаат во задолжителното осигурување, односно кои се обврски предвидени со закон. Задолжителното осигурување е застапено два пати повеќе од доброволното осигурување, што само по себе претставува доволен показател за потребата од едно сеопфатно обработување и објаснување на оваа тематика.

Во наредниот табеларен приказ ќе ги прикажам податоците добиени од истражувањето во поглед на тоа до колку може да достигне застапеноста на склучените договори во зависност од предметот на осигурување, гледано од аспект на филијалата од која се бараат податоците и тоа:

Договори за осигурување	
Незгода	до 20
Здравствено осигурување	до 200
Авто одговорност-АО	до 600
Зелена карта	до 150
Имот од пожар	до 10
Имот останато	до 20
Општа одговорност	до 12
Туристичка помош	/
Каско моторни возила	до 15
Финансиски загуби	/
Правна заштита	/
Приватно здравствено осигурување осигурување	до 9
Осигурување посеви и плодови	до 30
Осигурување на стока - ЦМР	до 10


Овој табеларен приказ, прикажан исто така на дијаграм изгледа вака:



Освен во поглед на склучените договори за осигурување, како од аспект на волјата на поединецот или групата така и според нивниот вид, истражувањето го проширив и на добивање на податоци на решени штети по вид, согласно склучениот договор за осигурување. Притоа податоците кои ги добив како одговор на мојот прашалник ги прикажувам табеларно и со дијаграм соодветно на резултатите.

Број на решени штети	
Штети од незгода	7
Штети од каско моторни возила	4
Штети од АО	8
Штети од здравство	3
Штети од зелена карта	2
Штети од имот	/
Штети од општа одговорност	/
Штети од туристичка помош	/
Штети од посеви и плодови	30
Штети од ЦМР	/

Овие податоци за решените штети дадени во дијаграм изгледаат вака:




Во истражувањето добив податоци и во поглед на застапеноста на животното осигурување во однос на неживотното осигурување според бруто полисирана премија, кој податок, добив известување е согласно Извештајот на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година на ниво на сите друштва за осигурување.

Притоа добиените податоци табеларно прикажани изгледаат вака:

Договори за осигурување	
Осигурување на живот	19%
Неживотно осигурување	81%

Овие податоци искажани преку дијаграм во однос на целокупните склучени договори за осигурување изгледаат вака:



Преку овие табели и дијаграми може да се утврди дека неживотното осигурување е многу позастапено и развиено од животното осигурување на ниво на Република Северна Македонија, а од податоците добиени од Халк Иншуренс Филијала Делчево во поглед на видовите договори и штетите од истите, се гледа дека најзастапено е задолжително осигурување од автоодговорност-АО, додека во поглед на обештетувањата, најмногу предмети и решени штети има од областа на осигурувањето на посеви и плодови.

1. Започнување на постапка

За да може да настане било каков однос повод склучениот договор за осигурување/полиса за осигурување помеѓу оштетениот и друштвото за осигурување, во врска со настанат ризик поради кој настанала штета, неопходно потребно е да постои иницијатива на страната на оштетениот до осигурителот во вид на пријава, барање или друго писмено. Најчесто пријавата е образец пропишан од страна на самата осигурителна компанија во која се дадени полиња кои се пополнуваат со потребните податоци за поднесување на пријавата.

Доколку не постои образец на пријава, таквата обврска оштетениот може да ја изврши со било какво известување или барање до друштвото за осигурување, со повикување притоа на бројот на договорот/полисата за осигурување и настанот/ризикот кој настанал со сите потребни податоци и претрпената штета како резултат на таквиот настан/ризик. Пријавата за штета мора да биде потпишана од страна на осигуреникот/оштетениот или доколку осигуреникот/оштетениот е правно лице истата мора да биде потпишана и оверена од овластено лице на правното лице.

Со Правилникот за минималните барања за прием, обработка, резервација и исплата на барања за надомест на штета и/или осигурен износ во функција на подобра заштита на правата на осигурениците донесен од страна на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето како задолжителни елементи на барањето за надомест на штета се бараат: име и презиме/назив на оштетен, ЕМБГ/ЕМБС на оштетен, адреса на живеење/седиште на оштетениот, датум и место на пријава на штета, датум на настанување на штета, податоци за полисата на осигурување со опис на штетниот настан и на крај потпис/потпис и печат на осигуреното или односно оштетеното лице.

Пријавената штета друштвото за осигурување е должно да ја евидентира истата во Книгата на штети најдоцна во рок од два работни дена сметано од денот на приемот на барањето за надомест на штета во друштвото. Во моментот кога барањето/пријавата за надомест на штета се евидентира, истата добива единствен број генериран од страна на информатичкиот систем на штети, а самото друштво за осигурување има обврска да оформи свој предмет под кој ќе се води бројот кој е заведен во книгата на штети.

Секое друштво за осигурување има обврска со свој интерен правилник да ја пропише листата на потребна документација за штетата (во зависност од видот на осигурувањето) за да може истата да биде обработена и ликвидирана, а во случај на потреба од дополнителна документација да ги пропише роковите во кои друштвото е должно да ја побара таквата документација која е потребна за решавање на штетата.

Бидејќи постојат повеќе видови на класи на оигурување како што се каското осигурување, автодоговорност, зелена карта, незгода, имот, општа одговорност, патничко осигурување и транспортно осигурување, за секоја од нив при пријавувањето на штетата постојат специфични елементи кои се факти од решително значење за самата постапка и решавањето на барањето за надомест на штета.

Имајќи во предвид дека најчесто и најзастапени пријави за штети се од автодоговорност или зелена карта, овде ќе се обидеме да ја објасниме оваа фаза кај овие постапки.

Кога настанува штета од автоодговорност или зелена карта, истата се пријавува кај надлежната осигурителна компанија директно или по електронски пат. Пријавувањето е всушност и започнување на постапката за надомест на штета со кое дејствие се дава на сознание на осигурителот дека настапил некој од предвидените ризици поради кој настапила штета на страна на лицето кое има право на надомест на штетата. Кога се работи за материјална штета во мал обем, учесниците во сообраќајаната незгода пополнуваат Европски извештај. Европскиот извештај не може да се пополни и не се потпишува во случаите која во сообраќајната незгода има повредени лица, кога има загинати лице и кога во сообраќајната незгода настанала голема материјална штета. Притоа се дефинира што е тоа “мала материјална штета” причинета во сообраќајна незгода е онаа штета која настанала на објекти и на возила на кои при штетното дејтвие/настан не им се оштетени нивните витални делови кои служат за управување и за запирање, а возилата и покрај претрпената штета можат самостојно да се движат во сообраќајот на патиштата.

Возачите кои се учесници во случената сообраќајна незгода со последица од мала материјална штета, со должни откако го пополнат и потпишат Европскиот извештај за сообраќајна незгода кој им е даден со полисата за автодоговорност, веднаш да ги отстранат своите возила од коловозот заради

овозможување непречено одвивање на сообраќајот. Законот предвидува прекршочна санкција во износ од 250 евра во денарска противредност за лицето-возач кој учествувал во сообраќајната незгода , а постапувал спротивно на законски пропишаните обврски.

Во случај кога возачите учесници во сообраќајната незгода пополниле и потпишале Европски извештај, истите не се должни да го известат Министерството за внатрешни работи преку неговата подрачна служба за настанатата сообраќајна незгода. Самото пополнување и потпишување на Европскиот извештај не претставува признавање на вина и постигната согласно за вината на сообраќајната незгода, бидејќи истиот служи единствено за правилно утврдување на фактичката состојба.

Во случај на сообраќајна незгода, полициските службеници при Министерството за внатрешни работи се должни да излезат на лице место на случената сообраќајна незгода и доколку е предизвикана мала материјална штета, и тоа во слуачите доколку тоа го бара едниот од учесниците во сообраќајната незгода и ако: едно од возилата учесници нема регистарски таблици или не е осигурено, ако едно од возилата има странски регистарски таблици, кога е очигледно дека еден од возачите е под дејство на алкогол, дрога или други психотропни супстанции, кога некој од возачите не поседува соодветна возачка дозвола за возилото кое го управува, кога на еден од возачите му е изречена забрана за управување со моторно возило, кога еден од возачите одбива да даде податоци за себе или за возилото, кога возачот го напуштил местото на незгодата и кога возачот сам учествувал во сообраќајната незгода.

Сопственикот на возилото кое било учесник во сообраќајната незгода има обврска да го извести друштвото за осигурување со кое тој склучил договор за осигурување од автомобилска одговорност за самото настанување на сообраќајната незгода и воедно да достави пополнет и потпишан Европски извештај во рок од 30 дена од настанувањето на незгодата. Притоа во случај на барање на одговорното друштво за осигурување, учесниците во сообраќајната незгода, се должни детално да дадат податоци за околностите под кои се случила сообраќајаната незгода, во спротивно истите се должни да ја надоместат штетата која ќе настане поради таквото неисполнување на обврската за давање опширно известување.

Доколку во сообраќајната незгода со последица мала материјална штета се пополнува Европски извештај , а учесници се само две возила , се пополнува само еден комплет европски извештај. Доколку како учесниците се јавуваат три возила, тогаш се пополнуваат два комплета од европскиот извештај, доколку учесници за четири возила во сообраќајната незгода се пополнуваат четири комплета итн. Од ирелевантно значење е чиј примерок се пополнува при тоа, ниту пак е значајно кое лице го врши таквото пополнување.

Барањето за надомест на штета врз основа н Европски извештај како што спомнавме се пријавува веднаш или најдоцна во рок од 30 дена од настанувањето на штетата со посебно пополнето барање до компанијата за осигурување или директно или по електронски пат.

Пријавата на штета од автодоговорноста кај повеќето компании за осигурување е образец во вид на барање на надомест на штета по АО- авто одговорност. Кај пријавата со Европски извештај мора да се направи реконструкција на штетниот настан со што би се дала подобра слика за извид на настанатата штета заедно со изјави на двата учесници во настанот. Притоа документите кои се потребни при доставувањето на пријава на штета со европски извештај (ЕИЗ) се: пополнет образец- Барање за надомест на штета пропишан од самата компанија-АО, број на полиса или копија од истата од

осигурениот/причинител на штета, копија од полиса на оштетениот, копија од сообраќајни дозволи на учесниците, лична карта на увид од учесниците, копија од возачка дозвола на учесниците, доколку постои полномошно за управување, формулар-Европски извештај, изјави од возачи – учесници, копија или број од трансакциска сметка и купопродажен договор доколку не е регулирана сопственоста во сообраќајната дозвола.

Во случај на штета по автоодговорност со полициски записник од МВР, документацијата е истата, со тоа што не се бараат документите за причинителот на незгодата како втор учесник, а дополнително се доставува документацијата изготвена од страна на овластените службени лица при МВР – записник од увид на лице место со скица од увид и од место на настан. При поднесување на барање на надомест на нематеријална штета се доставуваат и целокупните расположливи медицински документи повод настанатата повреда и трошоците повод санирање и лекување на повредата.

Постапката за пријавување на штета по основ на зелена карта е поразлична и се разликува од штетата придизвикана од возило со македонски регистарски таблици. Имено кај оваа штета значи дека штетата е предизвиката во сообраќајна незгода во која учесвувало возило кое е со странски регистарски таблици. Притоа секој оштетен-субјект кој претрпел штета од возило со странски регистарски таблици потребно е да повика полиција на лице место, да се запишат податоците од возилото причинител со странски регистарски таблици, да се побара зелена карта од сопственикот на странското возило во копија, слика или податоците од истата и да се извести Националното биро за осигурување – НБО со цел да се добие упатство и препорака до која осигурителна компанија оштетениот да се обрати заради решавање на штетата односно која осигурителна компанија во Република Северна Македонија соработува со странската компанија за осигурување која го издала зелениот картон.

Постојат посебни пропишани постапки во случај кога настанал штета во сообраќајна незгода случена во странство предизвикана по вина на недомицилно лице како и за штета претрпена од сообраќајна незгода која е предизвикана во странство но по вина на странското моторно возило.

За пополнување на пријавата за штета потребно е време, бидејќи во самата пријава потребно е да се пополнат сите целокупни податоци за учесниците, настанот и последиците од истиот. Притоа податоците се групираат во четири дела и тоа: податоци за оштетениот - сопственикот на возилото, податоци за причинителот на штета кој е осигурен, доказ за одговорност и конкретно барање кое се поставува пред осигурителната компанија. По внесувањето на овие податоци се наведуваат и податоците за возачот на оштетеното возило така и за самото оштетено возило. Податоците кои се внесуваат за доказ за одговорност се податоците дали и на кој орган на МВР е пријавена настанатата штета и кои се се очевидци-сведоци на настанот со наведување на нивните податоци на име, презиме и адреса. Доколку пријавата се однесува за штета на стакло од кршење, освен веќе наведените податоци се доставуваат и дополнителни податоци за место на штета, ден и час на настанување на штета и причина за настанатата штета. За стаклото потребно е да се наведат податоците за вид на стакло, големина на стакло и дебелина на стаклото.

Кај пријавата за штета од незгода се избира дали се бара надомест, дали се работи за траен инвалидитет, за смрт од болест, за смрт од несреќен случај, за дневен надомест или за трошоци за лекување. Други податоци кои е потребно да се наведат се: местото на случување на несреќниот случај, ден и час на настанувањето на несреќниот случај, опис на несреќниот случај, повреди кои се последица

на самиот несреќен случај, доказ за повредите преку медицинска документација во прилог, наведување на тип на повреда, податоци дали повредениот е или не е здравствено осигуран и дали има користено боледување и доколку е користено за кој период е истото користено.

Кај пријавата за штета од општа одговорност покрај основните податоци, како дополнителни податоци се внесуваат: место на штета, ден и час на настанување на штетата за која е поднесена пријавата, наведување на тоа што е оштетено (предмет или лице), наведување на приближна вредност на штетата, докази во прилог - во случај на повреда на лице, наведување за какви повреди станува збор и дали за таквиот штетен настан е извршен извид од надлежен орган.

Кај штетите настанати од патничко осигурување, пријавата за штета брои шест елементи во поглед на: податоци за осигуреniот, корисник на осигурувањето, податоци за патувањето, податоци за штетата за здравствено осигурување, податоци за штетата за осигурување на багаж како и податоци за трошоците. Други потребни податоци кои се внесуваат кај осигурувањето за патување и здравственото осигурување како дел од пријавата на штета од патничко осигурување се: место на патување, дата и час на заминување, дата и час на враќање и податоци за превозното средство.

Кај пријавата за штета за здравствено осигурување се наведуваат податоците за: дата, час и место на незгода, датум на прв преглед на лекар и податоци за лекарот, вид на болест и податок дали лицето е лекуван порано од истата болест, кои документи се приложуваат како доказ во прилог и кој орган составил записник или детален опис на настанот во случај на здобиена тешка повреда или смрт. За сите останати елементи се доставуваат соодветни податоци со соодветна документација во прилог за утврдување на фактите наведени во самата пријава, а кои се релевантни за конкретниот предмет на осигурувањето.

Секоја осигурителна компанија заради олеснување на својата работа и поедноставување на постапката за остварување на правата на оштетените, има свои обрасци за пријави на штети во зависност од видот на договорот за осигурување кој е склучен и ваквите обрасци се објавени и јавно достапни на нивните интернет страни. Во прилог кон секој образец воедно е наведено и која се друга документација треба да се достави кон пријавата. Доколку оштетениот поднесе писмено барање за надомест на штета, тоа не значи дека неговото барање нема да се процесуира. По истото ќе се започне постапка, ќе се евидентира и ќе се оформи предмет по кој ќе се постапува.

Во прилог го прикажувам образецот на пријава за штета од АО-нематеријална штета која пријава како образец е објавена и јавно достапна на интернет страната на Halk Insurance Скопје[11] и истата изгледа вака:

[11] Преземена од интернет страна на https://www.halkinsurance.com.mk/obrazec.html

HALKINSURANCE

ПРИЈАВА ЗА ШТЕТА
АО - НЕМАТЕРИЈАЛНА

ФИЛИЈАЛА	ПОЛИСА БРОЈ
ШТЕТА БРОЈ	ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО од ____ до ____

ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРЕНИКОТ		ПОДАТОЦИ ЗА КОРИСНИКОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО (ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ)	
ЕМБГ		ЕМБГ (за физички лица)	
		МБ (за правни лица) ДАНОЧЕН БРОЈ (за правни лица)	
ИМЕ И ПРЕЗИМЕ		ИМЕ И ПРЕЗИМЕ, НАЗИВ НА ПРАВНО ЛИЦЕ *	
АДРЕСА		АДРЕСА	
ТРАНСАКЦИСКА С-КА		ТРАНСАКЦИСКА С-КА ЖИРО СМЕТКА (за правно лице) *	
БАНКА		БАНКА	
КОНТАКТ ТЕЛЕФОН		КОНТАКТ ТЕЛЕФОН	

ПОДАТОЦИ ЗА ПРИЧИНИТЕЛОТ НА ШТЕТАТА		
	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	
	АДРЕСА	
	КОНТАКТ ТЕЛЕФОН	
	ПОЛИСА БРОЈ	

ПОДАТОЦИ ЗА ШТЕТНИОТ НАСТАН

СЕ БАРА НАДОМЕСТ ЗА:		1. СМРТ ОД НЕЗГОДА				2. ТРАЕН ИНВАЛИДИТЕТ		
ДАТУМ И ВРЕМЕ НА НАСТАНУВАЊЕ	ден	месец	година	час	мин.	ДАЛИ ОСИГУРЕНИКОТ Е ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАН?	ДА	НЕ
ОПИС НА ШТЕТНИОТ НАСТАН								
ПОВРЕДИ ШТО ГИ ПРЕДИЗВИКАЛ НЕСРЕЌНИОТ СЛУЧАЈ								
ПОДАТОЦИ ДОКОЛКУ СЕ РАБОТИ ЗА ТРАЕН ИНВАЛИДИТЕТ	ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ВО КОЈА Е ПРУЖЕНА ПРВА ПОМОШ							
	ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ВО КОЈА ОСИГУРЕНИКОТ СЕ ЛЕЧЕЛ							
	ДАЛИ ОСИГУРЕНИКОТ ПРЕД НЕСРЕЌНИОТ НАСТАН ИМАЛ НЕКОЈА ПОВРЕДА						ДА	НЕ
	ДОКОЛКУ ИМАЛ, КАКВА ПОВРЕДА И КОГА?							

Scanned with CamScanner

ДАЛИ ОСИГУРЕНИКОТ ИМАЛ АЛКОХОЛ ВО КРВТА ВО МОМЕНТ НА НАСТАНУВАЊЕ НА НЕЗГОДАТА? АКО „ДА" НАВЕДЕТЕ КОЛКУ АЛКОХОЛ ВО КРВТА Е КОНСТАТИРАН	ДА	НЕ	___%О
ДАЛИ ПОСТОИ ПОЛИЦИСКИ ЗАПИСНИК ИЛИ Е ЗАПОЧНАТА ИСТРАГА ЗА НЕСРЕЌНИОТ СЛУЧАЈ?		ДА	НЕ
АКО ДА, КАЈ КОЈ НАДЛЕЖЕН ОРГАН?			

ПОДАТОЦИ ЗА МОТОРНОТО ВОЗИЛО И ОСИГУРЕНИКОТ/ВОЗАЧОТ			
ПОДАТОЦИ ОД ВОЗАЧКАТА ДОЗВОЛА НА ОСИГУРЕНИКОТ ИЛИ ВОЗАЧОТ НА МОТОРНОТО ВОЗИЛО		ПОДАТОЦИ ОД СООБРАЌАЈНАТА ДОЗВОЛА НА МОТОРНОТО ВОЗИЛОТО	
ИМЕ И ПРЕЗИМЕ		БРОЈ НА ДОЗВОЛА	
БРОЈ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА		ВАЖНОСТ ДО:	
КАТЕГОРИЈА		ПОДАТОЦИ ЗА ОСТАНАТИТЕ ПАТНИЦИ ВО МОТОРНОТО ВОЗИЛО	
ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ И РОК НА ВАЖЕЊЕ			
ИЗДАДЕНА ОД МВР			

ОПИС НА ВИДОТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

КРАТОК ОПИС НА ВИДОТ	ИЗНОС
ОШТЕТА ЗА ПРЕТРПЕНА БОЛКА	
ОШТЕТА ЗА ПРЕТПРЕН СТРАВ	
ОШТЕТА ЗА НАМАЛЕНА ЖИВОТНА СПОСОБНОСТ	
ОШТЕТА ЗА НАГРДЕНОСТ	

СО ОВА ИЗЈАВУВАМ ДЕКА НА СИТЕ ПРАШАЊА СУМ ОДГОВОРИЛ/А ТОЧНО, ВИСТИНИТО И ПОТПОЛНО.
СО ОВАА ПРИЈАВА ГИ ОВЛАСТУВАМ ЛЕКАРИТЕ КОИ МИ ПРУЖИЛЕ ЛЕКАРСКА ПОМОШ, ОДНОСНО ЛЕКАРИТЕ КОИ ГО ЛЕЧЕЛЕ ОСИГУРЕНИКОТ, ДА ГИ

Согласно Закон за заштита на лични податоци (Сл. Весник на РМ бр. 7/05 и 103/08) Јас долупотпишаниот , изјавувам дека сум согласен моите лични податоци, вклучивајќи ги ЕМБГ и други податоци како Лична карта;Пасош;Возачка дозвола; Сообраќајна дозвола; Полиса за осигурување; Трансакциска/жиро сметка; Медицинска документација; Извод од матична книга на родени/умрени/венчани и слично; да можат да бидат употребени, обработени, регистрирани, зачувавани, ажурирани и пренесени до трети страни од страна на Друштвото согласно Законот за заштита на лични податоци а заради остварување на целите на надомест на штета и останатите постапки во процесот на надомест на штета,како и заштита на правата на Друштвото во судски и други законски предвидени постапки. Исто така Изјавувам дека сум запознат со правото на увид и на информација во врска со обработка и исправка на моите лични податоци

ПРИЛОЖАТ СИТЕ ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ КОИ ОД НИВ ЌЕ ГИ ПОБАРААТ ПРЕСТАВНИЦИТЕ НА ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ..

Во_____на ден _____20 ___година _____

Потпис на Осигуреник / Корисник на осигурување

Scanned with CamScanner

а) Потребни документи во случај на незгода:

1. Пријава за штета по основ на незгода
2. Медицинска документација за лекувањето (од почетниот до завршниот извештај)
3. Доказ за настанување на осигуреният случај (записник од МВР за увидот, решение од судија за прекршоци, пресуда или изјава на сведок, пријава за повреда на работно место)
4. Фотокопија од сообраќајна дозвола за истото, како и од возачка дозвола на лицето кое во момент на сообраќајната незгода управувало со возилото
5. Останата документација која ќе биде побарана дополнително од страна на ХАЛК Осигурување АД Скопје,а е од интерес на решавање на штетата.

Б) Потребни документи во случај на смрт:

1. Пријава за штета по основ на незгода
2. Извод од матична книга на умрените
3. Полициски записник
4. Медицински доказ за настапувањето на смртта / судско решение
5. Доказ за законски наследници
6. Останата документација која ќе биде дополнително побарана од страна на ХАЛК Осигурување АД Скопје, а е од интерес на решавање на штетата.

* Податоците се пополнуваат во случај да е ангажирано адвокатско друштво или друштво за посредување.

Сектор за штети 02-3122-385 факс 02- 3215-780

Scanned with CamScanner

2. Евиденција на штета

Самата евиденција на штета е определена со законите со кои се регулира штетата и се определени видовите на направена штета. Во моментот на запишувањето на штетата, се преминува кон евидентирање на штетата во книгата за штети, каде штетата добива свој единствен посебен број под кој таа се води во книгата на штети и под кој е заведена во самата архива на друштвото за осигурување. Бројот кој го добива штетата во книгата за штети е еден и единствен за секоја посебна штета и истиот не може да се повторува. Ваквиот број кој го добива штетата во фазата на евидентирање содржи нумерички број под кој истата е евидентирана и ќе биде заведена во архивата со впишан датум на кој е извршено евидентирањето и архивирањето на штетата заедно со комплетниот број на поединечни документи приложени кон пријавата за штета. На секој поединечен доказ – документ од предметот за штета се става печат во правоаголна форма најчесто во горниот десен агол и во него се впишуваат истите податоци како и во пријавата со број на штетата, датум и комплетен број на документите со наведување на сопствен реден број на секој од приложените документи кон пријавата.

Друштвото за осигурување покрај главната евиденција на штети која ја води во Книгата на штети, е должно да води и поединечна евиденција на штети согласно Правилникот за минималните барања за прием, обработка, резервација и ислата на барања за надомест на штета и/или осигурен износ во функција на подобра заштита на правата на осигурениците донесен од страна на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, и тоа за: евиденција на штети по основ на Зелена карта, евиденција на услужни штети, евиденција на штети од гарантен фонд, евиденција на регресни штети, евиденција на рентни штети и евиденција на тужби. Покрај така предвидените евиденции, друштвото е должно согласно истиот правилник да изготвува и попис на штети како еден дел од целокупната евиденција на штети која ја води. Ваквите податоци од евиденцијата која се води со пописот на штети се генерираат од информатичкиот систем на друштвото за осигурување.

Книгата за штети претставува документ на друштвото за осигурување за строга евиденција и се води централизирано односно на ниво на друштвото, се води за една календарска година и во електронска форма. За тековната календарска година, во книгата на штети се евидентираат оние штети кои се пријавуваат за прв пат во друштвото, без притоа да се зема во обѕир датумот на настанувањето на самата штета. Оваа книга се заклучува на последниот ден од тековната календарска година – 31.12 , со редниот број на последната штета која е пријавена тој ден. За секоја класа на осигурување друштвото за осигурување изготвува рекапитулар поединечно, а неговата веродостојност се потврдува со потпис на одговорното лице во Секторот за штети и со ставен печат на друштвото за осигурување.

Самото заклучување на Книгата за штети не значи дека истата не е активна, бидејќи се додека постојат активни предмети заведени во неа, таа е отворена и активна. Заклучувањето на книгата се однесува на неможноста да се евидентираат новопријавените штети во тековната календарска година за која истата се води.

Евиденцијата на штети по основ на зелена карта – ЗК ги содржи сите штети по основ на зелена карта кои се пријавени, обработени и исплатени во име и за сметка на домашното друштво за осигурување од страна на странските друштва за осигурување или асистентски куќи. Евиденцијата на услужни штети ги содржи сите штети кои се пријавени, обработени и исплатени од домашните друштва

за осигурување во име и за сметка на странско друштво за осигурување. Штетите кои друштвото ги примило, обработило и исплатило по основ на сообраќајни незгоди со причинители неосигурани и непознати моторни возила и останати случаи предвидени со закон, се водат во евиденција на штети од гарантен фонд и за истите друштвото има право на поврат на исплатената штета од средствата на Гарантниот фонд.

Од аспект на праксата посебно интересна и значајна е евиденцијата на тужби која ги содржи штетите за кои се покренати судски спорови против осигурителното друштво со кои оштетениот бара надомест на штета по судски пат. Евиденцијата на регресни штети е посебно значајна за самиот осигурител бидејќи во истата се содржат сите побарувања кои друштвото за осигурување ги има спрема регресните должници по основ на право на надомест на износот кој друштвото за осигурување го исплатил на осигуреникот.

Евиденцијата на ренти е поврзана со неживотните осигурувања со кои се прикажуваат рентните штети кои се евидентирани во Книгата на штети, а кои ренти се конечно утврдени во вонсудската постапка пред осигурителната компанија или во судската постапка пред надлежниот суд. Посебно значење има и пописот на штети кој ги опфаќа како пописот на ликвидирани, а неисплатени штети, така и пописот на резервирани штети во друштвото за осигурување. Овој попис исто така се врши по класи на осигурување со состојба на плседниот ден односно 31.12 во тековната деловна година. Пописот на штети од претходната деловна година претставува составен дел на Книгата на штети за тековната деловна година и истиот е изготвен, контролиран и потврден од пописна комисија која ја формира самото друштво за осигурување.

Кон Правилникот за минималните барања за прием, обработка, резервација и исплата на барања за надомест на штета и/или осигурен износ во функција на подобра заштита на правата на осигурениците донесен од страна на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето е доставен прилог со кој е пропишана минималната содржина на главната и поединечната евиденција на штети како и Пописот на штети предвиден со член 2 од правилникот.

По добивањето на евидентираниот поединечен број на секој од посебните документи приложени кон пријавата за штета се смета дека штетата е евидентирана по што се пристапува кон архивирање на документите од штетата со цел одбегнување на несакани губења или оштетувања на таквите документи.

За сите понатамошни потреби на постапката, друштвото за осигурување прави копии во се исто како кај оригинално заведените документи, со тоа што на таквите копии стои печат со назнака верно на оригиналот кој означува дека копираните документи приложени во штетатта се идентични на оригиналите кои се архивирани. Со таквите копии и дејствија врз копиите од страна на самото осигурително друштво, всушност се комплетира и завршува евидентирањето на штетата.

Целта на оваа постапка заедно со чувањето на оригиналните документи кај осигурителните компании е пред се за поголема заштита на компаниите за осигурување од непотребно загубувување или евентуално оштетување на оригиналните доставени документи, кои од една страна може да биде скапо да повторно се соберат , а од друга страна, можат да се јават потешкотии па дури и неуспеси за повторно издавање на таквите документи.

3. Оформување на предмет

По примањето и заведувањето на пријавата за штета, истата се запишува во посебна книга за штети во која се впишуваат точните податоци за евиденција на самата штета со дати на пријавите и поднесените документи во прилог. Во формирањето на целокупниот предмет повод штетата се доставуваат и сите документи кои друштвото ги примило повод таквата штета или се испратени од установата или друштвото каде била првично пријавена штетата. Одговорното лице за клиентите составува записник врз основа на успешна проверка на податоците од самата Пријава за штета во системската апликација за пријава на штета. Со формирањето на предметот, клиентот е целосно запознаен со постапката од нејзиното започнување до крајот и таквиот факт ја дефинира целокупната процедура која следува потоа, како за обврските на друштвото така и за обврските на клиентот-оштетениот согласно упатствата за самата постапка.

Корицата на предметот е во печатена форма преку апликацијата за пријава на штета, а во предметот/папката се чуваат сите потребни документи и доставени докази повод самата пријава, штета и други факти од значење за решавање на штетата. Така оформениот предмет со целокупната документација се испраќа на понатамошна постапка. Книгата на штета се проверува дневно, со истекот на секој работен ден заради проверка на тоа дали се евидентирани сите поднесени пријави и дали за истите има број врз основа на кој ќе влезат во понатамошна постапка на одлучување.

Најчесто осигурителните компании имаат свои интернет страни со бизнис апликации преку кои може директно да се пристапи до информациите или барањата за: полиси, за пријава на штета-моторни возила, пријава на штета – имоти, пријава на штета – незгода, пријава на штета – живот, книги за штети, лозинки и излез.

Со развојот на информатичкиот систем и достапност на апликациите на друштвата за осигурување, се овозможува целосен пристап до предметот и негова проверка за тоа до која фаза е стигнат предметот од страна на самиот клиент/оштетен.

4. Резервација на штетата

Со резервацијата на штетата се овозможува што поточно утврдување на најприближниот износ за исплата на штетата со таков износ кој стварно и реално ќе биде исплатен. Во поглед на финансискиот дел за самиот оштетен овој дел е најважен. За обработувачите на штетите, проценителите и ликвидаторите, резервацијата на штетата како една од фазите на самата постапка е една од најважните функции. Бидејќи за секој осигурител неговата сегашна и идна финансиска состојба е важна, а важни се и правата на самиот осигуреник.

Од овие причини, секоја осигурителна компанија е должна да формира свои технички резерви кои се состојат од : резерви за преносни премии, резерви за бонуси и попусти, резерви за штети, други технички резерви и математички резерви. Притоа резервациите на штетите имаат оценети обврски за

настанати штети и пријавени штети, но кои се уште не се решени и оценети обврски за настанати, но се уште не пријавени штети.

За пресметување на резервираниот износ постои посебна формула која опфаќа посебни елементи и тоа: вкупните трошоци за резервирана штета се пресметува како збир на резервација на самата штета т.е.вредност за надомест, трошоците за плати за проценителите, ликвидаторите, консултантите и адвокатите, судски трошоци, трошоци за отстранување на остатоци и слично, директни трошоци од патувања и инспекција на штетата и останатите трошоци лоцирани директно во штетата како и реосигурувањето.

Кога штетата се евидентира во Книгата на штети, друштвото е должно да издвои почетен износ на резерва за штета според првично дадените информации за можниот износ на штета односно просечен износ на резерва доколку во тој момент не може да се утврди износот на штетата. Доколку во текот на постапката се дополнително обезбеди документација како доказ која би укажала на промена на иницијално резервираниот износ на штетата, во тој случај друштвото е должно да врши промени и во резервите на штети во рок од три дена од денот на приемот на таквата дополнителна доказна документација. Секоја промена на износот на резерва за штета, друштвото за осигурување има обврска да ја евидентира во книгата на штети и притоа должен е да го внесе датумот на извршената промена и истото да биде евидентирано во историјата на резервации.

5. Извршување извид и вршење проценка на штета

Откако се оформи предметот, истиот се дава на извршување на извид и проценка на штета. Извидот е најдобро и потребно да се изврши веднаш, во најкраток рок по настанувањето на штетата, односно во рок од три дена од пријавата на штетата. Секоја штета по нејзиниот прием е потребно да се разгледа детално и да се утврди за да се исклучат случаите кога има условно осигурување за кое се води судски спор.

Самата проценка на штета ја извршува проценител како поединец или комисија која ја формира самиот проценител во зависност од тоа што е оштетен објект на осигурување, висината на штетата и самата природа на штетата, а посебно се има во предвид видот на осигурувањето кој произлегува од склучениот договор за осигурување односно полисата. По извршениот извид и проценка на штетата од страна на овластеното лице, се креира записник на посебен образец во кој се опфатени полиња за видот и типот на оштетениот објект, година на производство/создавање на оштетениот објект, вид и тип на објект како и забележување на настанатите оштетувања на објектот кој е предмет на самата постапка на извид и процена, делови за замена, поправка и други комплетни и целосни средства за изведување на комплетниот зафат, за санирање на оштетувањата на објектот на заштита.

Притоа кај оваа фаза, од значење се разгледувањето на основните карактеристики на приход и расход на клиентот кои се состојат од трите елементи: приходи на клиентот, расходи на клиентот и гарантен фонд. Во приходите на клиентот посебно значајни се премијата на осигурување, функционалната премија (техничка премија и превентива), премијата на активни работи на осигурувањето и реосигурувањето и други приходи од осигурување како што се свежиот капитал,

приходи на финансии и други вонредни работи. Во расходите на клиентот се вбројуваат : трошоците кои се наменети за исплата на штети, премијата по основ на осигурување и реосигурување, издвојување на првенство, технички резерви, резерви за масовни и катастрофални штети и посебна резерба за обезбедување од неисплатени побарувања по основ на премии. Елементи на гарантниот фонд се: уплатена основна главнина на друштвото за осигурување, резерви за сигурност, нераспоредената добивка, фонд за превентива и посебните резерви формирани за масовните и катастрофални штети.

Постапката за извид и проценка не секогаш и може да се изврши, бидејќи често постојат случаи кога при вршењето на оваа постапка се појавува потреба од доставување на дополнителни документи кои се побаруваат од страна на осигуреникот и се до нивното доставување постапката се прекинува. Откако таквите дополнителни документи се достават, друштвото за осигурување е должно постапката да ја продолжи и да состави и пополни унифицираниот записник за извид и процена на штета.

6. Подготовка за ликвидирање на штета

Постапката за надомест на штета пред осигурителните друштва како вонсудска постапка се води врз основа на одредбите од Законот за супервизија на осигурувањето и Законот за облигационите односи како и врз основа на внатрешните акти на друштвата за осигурување.

По извршената проценка и обезбедени сите документи во поглед на пријавената штета, започнува постапката за ликвидација која ја креира посебно овластено стручно лице наречено ликвидатор како поединец или посебна комисија која ја создава самиот ликвидатор во зависност од видот, висината и тежината на самата штета. Постапката за ликвидација се состои од пет посебни фази и тоа: прибавување на потребната документација како доказ за утврдената штета како во поглед на основот така и во поглед на висината на претрпената штета, дефинирање на истакнатите побарувања од страна на оштетеното лице при самата штета, утврдување на штетата по основ на предметното осигурување, издавање на налог за исплата на штетата и евидентирање на штетата при ликвидација. Сите овие фази на подготовката за ликвидација на штетата се значајни, а доколку ликвидаторот при ликвидирањето на штетата се сретне со нецелосна документација, истиот е должен по службена должност и по службен пат да поднесе барање за добивање и комплетирање на потребната документација за направената и пријавена штета.

Доказни средства врз основа на кои се одлучува за правото на надомест на штетата и утврдување на висината на таквата штета се : истакнатото отштетно побарување, записник за незгодата од лице место, записник од надлежен орган – МВР, изјава од оштетениот за самиот настан и доколку постојат очевидци на настанот-изјави од овие сведоци, број на договор/полиса или договор/полиса со список доколку се работи за колективно осигурување, фактура или друг релевантен доказ за утврдување на вредноста на сите настанати трошоци за лекување и последно и најзначајно расположлива медицинска документација.

7. Интерна проценка и ликвидирање

Во самиот процес на интерна проценка, при обработка на предмет по пријава на штета, спаѓаат повеќе дејствија на извршување. Овде треба посебно да се спомене проценката која се извршува од проценителите на друштвото за осигурување кои се со постојан работен однос, проценката која се извршува од независни проценители, проценка која се извршува од комисија на независни проценители како и стандарден модел врз основа на кој секое друштво за осигурување има своја сопствена логистика.

Во постапката за интерна проценка се очекуваат придобивки кои се поврзани со намалувањето на бројот на извршители во делот на проценката, намалување на трошоците за плати и останати придонеси, се подобрува услугата на клиентот-оштетениот, се развива високо квалитетна соработка на релација осигуреник-осигурител, се развива потенцијална можност сервисните центри да станат брокери на осигурителот, а посебно се очекува да се изврши намалување на висината на просечните штети за поправки на моторните возила.

Особено очекувано е одбегнување и намалување на случаите на измами при вршењето на самата проценка и нелегално заработување на проценителите поради улогата на субјективните факти при вршењето на проценатa. Оттука и неопходна е контролата на работата на лицата под договор, каде секој нивен пропуст или сомнение би резултирало со прекин на договорот и престанок на неговиот статус како проценител во системот.

Оттука и потребата да се воспостават соодветни критериуми за проценка на штета посебно кај настаните со штета на моторни возила кои се усогласени на ниво на Националното биро за осигурување како и други правилници и акти со соодветни дополнување со кои се воспоставени определени критериуми, правила и обврски за овој дел од постапката.

8. Контролирање на штета во тек на ликвидација

По извршеното дефинирање на штетата и одредувањето на истата по основ и по висина, во секој предмет без разлика дали е решен со исплата или без исплата, потребно е истиот предмет да биде проверен и прегледан од страна на посебно стручно лице кое е овластено од страна на компанијата за контрола на направената штета. Таквата контрола е потребно да се изврши во целост на сите доставени документи со пријавата, како и дополнително доставените документи, со што би се проверила целата регуларност и точност на документите, како и точноста и коректноста на самата пресметка за штета извршена врз основа на таквите документи.

Имено , за еден предмет на штета да се смета дека е уредно извршена контрола на штета во рок на ликвидација, потребно е изготвените и доставени документи во предметот да бидат потврдени и потпишани од: овластен ликвидатор, стручно лице вработено за вршење на суштинска контрола и од лице кое е вработено во фирмата за осигурување за одобрување и исплата на ликвидираната штета.

9. Повторна контрола

Откако се изврши проценка на ликвидацијата на штетата и се определи исплата, во компанијата на осигурување постои посебен нејзин дел кој се вика посебна служба за контрола и проверка, која во рамките на својата надлежност ги проверува сите фази на проценка како и самата ликвидација на направената штета.

Со секоја направена штета која е пријавена се прави повторна контрола , се со цел лицето кое се обештетува односно оштетениот/осигурениот да не би чекал подолг временски период за негово обештетување. Оттука и значењето и важноста на повторната контрола на ликвидацијата на штетата.

10. Одлука за решавање на штета

Откако се утврдат решителните факти во постапката за ликвидација, ликвидаторот на штети донесува одлука за решавање на штетата. Таквата одлука за решавање на штетата се донесува во форма на писмено известување доставено до оштетениот односно со давање на налог за исплата на штетата. Најчесто во пракса се случува заедно со одлуката за решавање на штетата, до оштетениот да се достави и вонсудска спогодба за решавање на штетата соодветна на донесената одлука.

Известувањето кое се доставува до оштетениот во себе содржи: одлука за решавање на штета, основи врз основа на кои ќе се изврши исплата и видови на штета кои се одбиваат како неосновани. Во образложението на известувањето се образложуваат фактите поради кои не се признава определено отштетно барање или некој вид на штета. Кога со одлуката за решавање на штетата се одбива барањето на оштетениот како неосновано, во самото известување мора да има правна поука за понатомошните права на осигурениот, односно право на ошететениот на приговор. По донесувањето на одлуката за решавање на штетата, ликвидаторот на штети на првата страна на корицата на предметот за штета го впишува износот на надоместот што е потребно да се исплати, а воедно го утврдува и законскиот однос за решавање на штетата. По така донесената одлука за решавање на штетата, во компјутерот ликвидаторот на штети го внесува оној износ на штетата кој согласно одлуката треба да се исплати. Притоа исплатата на штетата мора да се изврши во предвидениот рок согласно одлуката односно актите на друштвото.

Постојат и одлуки за решавање на штети каде предмет е барање на надомест на штета за изгубена издршка или изгубена заработувачка во вид на месечна рента и притоа во одлуката се определува и утрдува дека таквиот надомест ќе се исплатува месечно и тоа најкасно до 10-ти во месецот. Овој надомест постои можност по барање на оштетениот да се врши на 3 или 6 месеци.

11. Време и начин за проценка на штета

Имајќи во предвид дека од случувањето на несреќните настани/појави и околности па до самото пријавување на штета поминува поголем временски период, во кој неопходно потребно е да се изврши

обезбедување на доказите, за начинот на настанување на несреќата односно штетниот настан, потребно е да се постапува со итност и во кратки рокови, а се со цел за правилно утврдување на фактичката состојба повод штетниот настан и настанатата штета. Најчесто обезбедувањето на доказите за настанатата штета се врши на тој начин што овластен проценител врши проценка на претрпената штета и изготвува записник за утврденото од лице место. Најчесто проценката овластениот проценител ја врши со непосреден преглед на предметот на осигурувањето и тоа во најкраток можен временски рок. Сите преземени дејства кои се непосредно по штетниот настан се во интерес на праведна постапка и правилно утврдување на висината на штетата бидејќи секое временско одолговлекување на постапката има поголемо негативно влијание и можност за површност на самата постапка за проценка на штетата што резултира со негативни ефекти и неповолни одлуки во надминати рокови.

Дали на една постапка за проценка на штета се пристапува на правилен начин зависи и правилното решавање на отштетното барање, во временски разумен рок. Од ова непосредно пак зависи задоволството/незадоволството на оштетениот кое за последица би можел да го повлече скапиот долготраен судски процес. Во зависност од тоа, каков е квалитетот на проценката која е изготвена во најкраткиот пропишан временски рок, зависи дали во постапката за процена ќе се дефинираат и констатираат потребните информации кои ќе влијаат на постапката во делот на утврдувањето на основаноста на отштетното побарување (без разлика дали истото целосно или делумно ќе се прифати или одбие), така и на постапката за утврдување на висината на настанатата штета и конечната понуда за надомест на штета која е краен резултат на самата постапка на проценка на штетата со посебен акцент на искористеното време за таа постапка. Доколку со проценката не се дошло до бараните информации и траги кои се релевантни за конкретното барање, може да се заклучи дека во оваа постапка има прескокнување на некој сегмент или е извршено површно пристапување на некој сегмент што резултирало со тотално погрешен резултат на таа постапка. Последиците кои можат да се согледаат од пропустите во проценка на штета може да бидат повеќекратни, а тоа посебно се гледа кога: се утврдува обврска за побарувања кои не се основани и обратно, кога се подценува или надценува висината на материјалната штета и кога се злоупотребуваат временски пропишаните рокови.

Сите овие последици имаат очигледно негативно влијание на конечниот финансиски баланс на конечниот носител на обврската за плаќање на штета, бидејќи со тоа се плаќа или преценува обврската која воопшто не ни требала да се плаќа, а со запоставувањето на временски пропишаните рокови се доведува до стварање на непотребни трошоци кои најчесто се судски трошоци и истите се превисоки.

12.Ликвидација и рок за исплата

По извршената контрола на штетата и повторната контрола, штетата се одобрува за исплата и ликвидира. Во овој дел од постапката се утврдува основаноста на пријавата за штета, се проверуваат документите за нивна комплетност и валидност, се утврдува износот за надомест на штета, потоа се утврдуваат правата и обврските по договорот/полисата и се формира налог за исплата на штетата од друштвото за осигурување.

По формирањето на налог за исплата на штетата, истиот заедно со извршената пресметка на штетата се доставува на одобрување, а по неговото одобрување осигурителното друштво во форма на предлог за спогодба го известува корисникот на осигурувањето и ја доставува на потпис. Откако корисникот на осигурувањето ќе ја потпише предлог спогодбата со која се согласува со исплата на утврдената сума на надомест на претрпена штета, друштвото за осигурување преминува кон пополнување на потребните обрасци од платниот промет за исплата и ја исплаќа определената сума на штета на трансакциона сметка на оштетениот. По извршената исплата предметот се архивски заверува и со тоа завршува фазата на постапката за ликвидација.

Согласно Правилникот за минималните барања за прием, обработка, резервација и ислата на барања за надомест на штета и/или осигурен износ во функција на подобра заштита на правата на осигурениците објавен во Службен весник на РСМ бр.224/2020 уредени се начинот на известување на оштетениот по обработка на предметот и роковите за постапувањето повод пријавата/барањето за надомест на штета сметано од приемот до конечното решавање.

Со член 3 точка 9 од Правилникот е пропишано како обврска за друштвото за осигурување најдоцна во рок од 60 дена од приемот на барањето за надомест на штета да изврши обработка на барање и до оштетениот да достави:

- Образложена понуда од друштвото за надомест на штета во случај на неспорност на обврската за надомест на штета и нејзината висина,
- Образложен одговор по однос на сите барања од пријавата/барањето за надомест на штета во случај на спорност на обврската на друштвото за осигурување и
- Образложен одговор по однос на сите барања од пријавата/барањето за надомест на штета во случај на спорност на висината на штетата.

Доколку таквата образложена понуда се прифати од страна на оштетениот и истиот ја потпише предлог спогодбата и ја врати на понатамошно процесирање кај друштвото за осигурување, се продолжува со пополнување на образец за исплата во платен промет и штетата се исплаќа. Во ваков случај на вонсудска спогодба за исплата на штета од осигурување, роковите за исплата ги одредува самото осигурително друштво согласно своите внатрешни акти со кои се регулира постапката, па така во зависност од видот на штетата и осигурувањето од кое проилегла штетата се сретнуваат разни рокови на исплата (кај нетипични договори за осигурување).

Со закон е предвидено дека одговорното друштво за осигурување е должно утврдениот надомест на штета да го исплати во рок од 14 дена од денот на доставувањето на писменото известување за согласност за исплата до друштвото за осигурување. Притоа иако со закон е предвидено дека за доцнење во исплатата се пресметува законска камата за задоцнето плаќање согласно Законот за облигационите односи, ова во пракса често не се спроведува и се игнорира. Со одлуката за решавање на штетата друштвото за осигурување не може да истакнува приговор спрема оштетениот кој би можел да го истакне согласно законот или договорот за осигурување спрема осигуреното лице поради непридржување кон законот, условите на осигурување или кон склучениот договор за осигурување.

Најчест рок на исплата кој во праксата се сретнува кај вонсудските постапки за исплата на штети се 14 дена (некаде се сретнуваат работни денови) сметано од потпишувањето на спогодбата од страна на двете договорни страни.

13. Постапка по приговор-приговарање

Самиот факт што една штета е дефинирана, не значи и крај на таквата постапка. Поради важноста на самото дефинирање и улогата на истото од финансиски аспект за осигурениот, постапката за изјавување на приговор е од особено значење за самиот осигуреник како оштетен. Бидејќи друштвата за осигурување не се државни институции туку самостојни организации кои остваруваат профит, неопходно се наметнала обврската и за регулирање на постапката за приговарање против донесената одлука за процена на штета.

Откако се дефинира штетата и реши, друштвото за осигурување е должно писмено да го извести подносителот на пријавата/барањето за надомест на штета за решената штета и притоа истото е должно во известувањето да наведе: износот на утврдениот надомест на штета, можност и рок за доставување на претставка/приговор до друштвото во случај на незадоволство од донесената одлука и рокот за исплата на штетата кој не смее да биде подолг од 14 дена сметано од денот на ликвидација на штетата.

Самиот процес на приговарање означува истакнување на аргументи против ставот во одлуката за дефинираната штета. Овие аргументи подносителот на приговор има право да ги истакне и тоа во определен рок од 8 односно 15 дена од денот на приемот на известувањето за утврдената штета до второстепениот орган на друштвото за осигурување. Приговорот оштетениот го доставува до службата за штета со наведување во кој дел е незадоволен оштетениот во одлуката, со дадено образложение за незадоволноста, аргументи во поглед на образложението и повикување на релевантни докази за докажување на истакнатите аргументи.

Службата за штети предметот со целокупната придружна документација го доставува до второстепениот орган при друштвото за осигурување кое е должен приговорот поднесен од осигуреникот/оштетениот да го разгледа заедно со сите детали објаснети во приговорот и доказите на кои се повикува подносителот или кои дополнително се доставуваат.

Во зависност од сложноста на предметот , а со тоа и сложноста на изјавениот приговор, можно е за одлучувањето повод истиот да се основа комисија за разгледување на истиот. Основаната комисија го разгледува приговорот со целокупниот предмет и доказите во истиот и доставува до оштетениот осигурен одговор на приговорот.

Во зависност од одлуката на второстепениот орган на друштвото зависи понатамошниот тек на постапката односно дали постапката ќе се заврши вонсудски или пак постапката ќе продолжи пред месно и стварно надлежниот суд. Притоа одлуките кои второстепениот орган може да ги донесе се: да се одбие приговорот на подносителот и да се потврди првостепената одлука, да се усвои делумно приговорот и да се врати на повторна проценка на штетата, да се усвои приговорот и да се преиначи првостепената одлука во делот на висината на определената штета.

За жал, и покрај обврската на второстепениот орган да го рагледа приговорот и да донесе одлука повод истиот, во многу ситуации, се случува оштетениот да не добие никаков одговор од страна на второстепениот орган или таквиот одговор да пристигне многу подоцна кога веќе е поведена судска постапка и заведен спор пред суд.

Самото поднесување на претставка/приговор/жалба не го спречува извршувањето на одлуката за неоспориниот дел од истата и во овој дел друштвото е должно да постапи иако во најголем број на предмети доколку се изјави приговор и поведе спор, друштвото за осигурување не врши исплата на неоспориниот дел од штетата се до конечното завршување на судската постапка.

14.Основ за регрес

Во рамките на друштвото за осигурување се основа посебна служба за остварување на регрес, која е должна да ја поведе регресната постапка за наплата на долгот од лицето кое е одговорно за направената штета.

Во правната теорија се прави разлика помеѓу поимот регрес и суброгација како две права кои се појавуваат кај осигурувањето. Па така со поимот регрес се означува одредено право на лицето кое извршило исплата да бара враќање на исплатениот износ, додека поимот суброгација го претставува пренесувањето на правото на осигуреникот со цел остварување на враќање на исплатениот износ. Со осигурувањето друштвата за осигурување им обезбедуваат на своите осигуреници заштита преку здружување на средства, кога осигурениците претрпуваат штета од непредвидени околности и настани.

За да може да постои право на регрес неопходно потребно е да постои исплата на штета од страна на осигурителните друштва. Меѓутоа тоа не е единствен услов, бидејќи за да постои право на регрес треба да бидат исполнети и други законски претпоставки.

Согласно позитивното право и неговите прописи регресот се дели на два дела и тоа: регрес врз основа на закон и регрес врз основа на договор за осигурување. Во својата најширока дефиниција регрес се дефинира како право на осигурувачот да го бара исплатениот износ на оштетениот од одговорното лице за настаната штета. Самиот поим регрес се користи за означување на отштета, односно обештетување за претрпена загуба на имотот или сатисфакција за нематеријална штета. Изворното значење на зборот регрес се наоѓа во латинскиот израз regredior-i, regressus sum, што во превод значи одење назад, враќање-повраток. Оттука неговото значење во осигурувањето се дефинира како право на осигурувачот од одговорното лице кое ја предивикало штетата која е исплатена да го врати таквиот исплатен износ на штета. Оттука од овие дефиниции се уочува и дериативниот карактер на регресното право, кое произлегува од оригинерното право на обештетување. Регресниот надомест на штета односно правото на исплата на исплатениот износ на штета од одговорното лице за настанатата штета го остварува трето лице кое не е учесник во основната правна работа.

За да може осигурувачот да се стекне со право на регрес предвидени се определени претпоставки кои мораат да бидат исполнети. Такви претпоставки се:

- Постоење на противправно дејствие на одговорно лице и одговорност –вина за сторената штета (за штета од ствари и дејност од кои произлегува зголемена опасност од штета за околината се одговара без оглед на вина и во случаи предвидени со закон),
- Со таквото дејствие да е предизвикана штета (материјална, намалување на имот или спречување на негово зголемување –испуштена корист и повреда на лични права-нематеријална штета),

- Да е предизвикана штета на трето лице, да постои оштетен како лице, страна во облигационен однос на кое му е причинета штета и на кој му припаѓаат правата за надомест на претрпената штета,
- Да постои штетник односно лице кое со противправно дејствие причинило штета на оштетениот, страна во облигациониот однос која одговара за претрпената штета,
- Да постои причинско-последична врска помеѓу противправното дејствие и настанатата штета – каузалитет односно кога извршеното противправно дејствие е причина за настанатата штета, а штетата е последица на таквото противправно дејствие (оваа врска се претпоставува, а докажувањето на спротивното е на товар на штетникот) и
- Да е исплатен надомест на штета кога според законски предвидени одредби настанува правото на осигуруваčот на регрес.

Правото на регрес е регулирано поподробно со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот во случај кога штетата е причинета со употреба на моторно возило. Согласно овој закон за регрес може да стане збор кај штетите предизвикани со употреба на моторно возило од страна на неовластено лице. Притоа со законот е дефинирано дека неовластени лица се : лицата кои управувале моторно возило без соодветна возачка дозвола, лицата кои го управувале моторното возило под дејство на алкохол констатиран над дозволеното ниво согласно закон, под дејство на наркотични дроги или психотропни супстанции и лицата кои на нелегален начин го управувале моторното возило или лица кои биле соучесници во таквиот чин на противправност.

Притоа друштвото за осигурување кое ќе ја надомести штетата предизвикана со употреба на моторно возило кое било управувано од страна на неовластено лице согласно законот има право на регрес на исплатениот износ заедно со камата на таквиот износ и трошоците создадени во текот на постапката. Лицето кое е сопственик на моторното возило, а кое знаел или се согласил возилото да биде управувано од лице кое нема возачка дозвола или е под дејство на алкохол, ги губи своите права на осигурителна заштита и тоа лице солидарно одговара со штетникот за причинетата штета и истакнатото регресно побарување.

Во денешно време многу од компаниите за осигурување во своите услови за осигурување од автомобилска одговорност, поставуваат одредби според кои се смета дека возачот го управувал моторното возило под дејство на алкохол, доколку истиот го напушти местото на настанот односно избега од лице место или потоа одбие да се подвргне на испитување на неговата алкохолизираност. Посебно интересно е прашањето за регрес кај овие случаи бидејќи многу тешко, а скоро и невозможно е во постапката за регрес на исплатената штета да се докаже дека лицето било под дејство на алкохол кога не постојат валидни докази за тоа.

Од посебен интерес е и случајот на постоење на право на регрес кога штетата е предивикана од сопственик односно корисник на моторно возило, воздухоплов, пловен објект и превозно средство во јавен сообраќај, а кога сопственикот нема склучено договор за осигурување од автомобилска одговорност. Ова е пропишано со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и притоа сопственикот на неосигураното возило односно лицето кое ја предизвикало незгодата е должен да ја врати исплатената штета со камата и трошоци. Кај неосигураните возила правото на регрес преминува

на Националното биро за осигурување бидејќи овде се формира Гарантен фонд од кој се надоместуваат штетите предизвикани од неосигурани возила.

Регресниот долг може да се регулира и наплати во вонсудска постапка за наплата или во судска постапка. Кај вонсудската постапка осигурувачот има право да го побарува само исплатениот износ на оштетениот, додека кај судската постапка има право да го побарува како исплатениот износ така и каматата на истиот сметано од денот на плаќањето извршено на оштетениот до конечната исплата заедно со трошоците во постапката. Во поглед на тоа од кога следува камата на регресното побарување постои невоедначена судска пракса, бидејќи постојат одлуки со кои камата се определува сметано од денот на исплатата на надоместот на оштетениот, додека постојат и одлуки каде каматата се досудува сметано од денот на поднесувањето на тужбата кога штетникот-регресниот должник добил сознание дека истиот должи долг по основ на регрес.

Пред поднесување на тужба пред надлежниот суд според општите одредби за месна надлежност од Законот за парнична постапка, осигурувачот како доверител е должен писмено да го извести регресниот должник со опомена за неговата законска обврска, за износот кој е исплатен на име штета на оштетениот и кој од него се бара да го врати на сметка на осигурувачот.

Постојат случаи кога во текот на судската постапка неовластеното лице кое го управувало моторното возило е известено за течењето на парницата во која се утврдува неговата одговорност и висината на штетата, па во тој случај при водењето на регресната постапка истиот нема право да истакне приговор во однос на неговата одговорност, висината на исплатениот надомест и течењето на досудената камата. Во таквите случаи регресниот должник може и мора активно да се вклучи во постапката на страната со осигурувачот како замешувач, има право да предлага докази, да оспорува докази и сите други права кои ги има и осигурувачот како тужена страна, а согласно одредбите од член 194 од Законот за парничната постапка.

15. Одлука по пријава на штета и последици по истата

Секоја пријава/барање за надомест на штета има една единствена цел, а тоа е да се обештети лицето кое е оштетено. Со донесувањето на одлуката, кај оштетениот, во зависност од тоа кое добро било повредено, оштетено или изгубено, се појавуваат низа на чувства и емоции од чие целокупно делување зависи задоволството/незадоволството на клиентот/оштетениот од исходот на самата постапка. Најголема улога и значење при појавата на таквите чувства и емоции има субјективниот елемент на тоа лице, бидејќи во зависност од неговото доживување на штетниот настан, појава или околности и неговата приврзаност со оштетеното добро ќе зависи понатамошниот тек на самата постапка кој е поврзан со фактот дали оштетениот е задоволен од донесената одлука или не.

Најчесто од таквиот субјективен елемент зависи и понатамошниот тек на постапката која може да заврши или во вонсудска постапка преку склучување на спогодба или да се поведе судски спор заради правилно утврдување на основот и висината на претрпената штета.

Последиците од донесувањето на одлуката имаат големо значење како за страната на осигурителот така и за страната на оштетениот како осигуреник или лице во чија корист е склучено

осигурувањето. Имено доколку таквата одлука е задоволителна, со истата се потврдува довербата која постоела, а поради сукцесивниот карактер на договорот за осигурување, постојат реални можности да истиот се продолжува и за наредниот период. Кај осигурителот, единствено со правилна одлука, донесена со аргументи и јасно и добро образложение , може да се постигне посакуваниот ефект и да се намалат трошоците, бидејќи само и ако само клиентот е задоволен од работата на осигурителот повод пријавата/ барањето за надомест на штета и неговото образложение, може да се верува дека она што друштвото за осигурување го нуди и го исполнува. Оттука и потребата за купениот квалитетен продукт да се добие соодветен надомест кој одговара на реално претрпената штета, а со што клиентот би ги остварил сите свои потреби и право од таквиот купен продукт од осигурителната компанија.

Секако јасно е дека секој правен субјект, без разлика дали се работи за правно или физичко лице, се стреми кон тоа да помине со што е можно помала финансиска загуба, поради што е и таквата голема застапеност на осигурувањето меѓу правните субјекти.

Со современиот живот, развојот на секој дел од општествениот живот, се створи таква клима што секој субјект е корисник на некој од понудените производи поврзани со осигурувањето од страна на компаниите за осигурување. Па оттука јасно е дека секоја нивна одлука влијае на кредибилитетот и довербата која ја имаат и која треба да јакнат кај клиентите правни субјекти, обезбедувајќи заштита, било на нивниот живот и постоење, било на предметите и добрата кои ги користат и поседуваат.

Последиците од донесените одлуки со кои се решаваат штетите од страна на осигурителните компании се огледуваат низ различни показатели, а за тоа говорат и бројните истражувања и трудови во оваа област која во денешно време зазема се поголем дел од нашето секојдневие.

III. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈ

Задолжителното осигурување во сообраќај е еден од видовите на осигурување кое со закон е предвидено како обврска за имателите на моторни возила и истото спаѓа во видовите осигурување кои се задолжителни по сила на закон. Имајќи ги во предвид се поголемиот равој на автомобилската индутрија, зголемениот број на автомобили и за жал се поголемото зголемување на сообраќајните незгоди во кои учесниците и трети лица како и предметите претрпуваат штета од секаков карактер, за овој труд избрав да дадам посебен осврт на овој вид осигурување со разработка на случај за надомест на штета од задолжително осигурување во сообраќај во случај на смрт на учесникот во сообраќајната незгода за членовите на неговото потесно семејство.

Осигурувањето од автоодговорност зазема се поголем интерес кај обичниот граѓанин од причина што за учесниците во сообраќајната незгода претставува правен основ за истакнување на барањето за надомест на причинетата штета во самата сообраќајна незгода. Оваа проблематика во нашето законодавство, како што веќе спомнавме претходно, е уредена со Законот за задолжително осигурување кој е објавен во Службен весник на РСМ бр.88/05 од 19.10.2005 година со сите измени и дополнувања, по потреба се применуваат општите правила за надомест на штета од Законот за облигационите односи објавен во Службен весник на РСМ бр.18/01 од 05.03.2001 година со сите измени и дополнувања како и дел од одредбите на Законот за супервизија на осигурувањето објавен во Службен весник на РСМ бр.27/2002 од 25.04.2002 година.

Кај одговорноста за надомест на штета предизвикана со моторни возила во движење карактеристика е тоа што истиот се смета за посебен случај на објективна одговорност. Имено во Законот за облигационите односи (Службен весник на РСМ бр.,18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09 и 161/09) постојат општи одредби со кои се посочува и дава насока врз кого паѓа одговорноста при ваков вид на настанување на облигационен однос со настанување на штета. Па така со член 164 став 1 од Законот за облигационите односи се определува дека доколку несреќата е предизвикана со моторно возило кое е во движење, а притоа штетата е причинета со исклучива вина на имателот на моторното возило, во таков случај се применуваат правилата за одговорност врз основа на вина. Согласно член 145 од Законот за облигационите односи предвидено е дека вина постои секогаш кога штетникот причинил штета намерно или со невнимание.

Законот посебно ја третира ситуацијата кога при случувањето на сообраќајната незгода постои обострана вина на учесниците во истата, па во тој случај е предвидено дека секој од имателите на возилата ќе одговара за вкупната штета што тие ја претрпеле и тоа сразмерно со утврдениот степен на нивната вина. Ако пак во случајот не постои вина кај ниту еден од учесниците, предвидено е дека имателите ќе одговараат еднакво, а за штетата која ќе настане спрема трети лица од таквата сообраќајна незгод, имателите ќе одговараат солидарно без оглед на нивната вина.

Според таквите одредби од Законот за облигационите односи со кои се регулирани случаите при штета од моторни возила на движење, јасно е определено кој ќе е одговорен во случај на настанување на штета при сообраќајна незгода, а секое поинакво постапување пројавува сомневање и недоверба во целокупниот систем.

Но, како што веќе ни е познато, кога постои осигурување од автоодоговорност, лицето кое фактички го извршило штетното дејствие, не мора секогаш да се поклопи со лицето кое е правен штетник, бидејќи кај овој вид на осигурување, доколку имателот на моторното возило го има осигурано возилото (а кое нешто е задолжително согласно закон за да може моторното возило да се регистрира и да учествува во сообраќајот) кај некоја од осигурителните компании кои ги нудат таквите услуги согласно закон, оној кој што има обврска да ја надомести штетата во тој случај, не е штетникот, туку осигурителното друштво. Ваквата обврска за имателите на моторните возила произлегува од одредбите на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот каде е пропишана обврската на имателите на моторни возила пред да го пуштат возилото во сообраќај, дека треба задолжително да го осигураат истото во случај на незгода. Со таквото осигурување воедно е опфатена и одговорноста на сите лица кои со согласност на сопственикот /имателот управуваат со осигураното превозно средство во сообраќајот.

Сопствениците/имателите на моторните возила согласно овој закон и ЗОО склучуваат со надлежните друштва за осигурување договор за осигурување од автомобилска одговорност-АО, односно од одговорност за штети што со употреба на моторно возило ќе им ја причинат на трети лица, во сообраќајот, поради смрт, телесна повреда, нарушување на здравјето, уништување или оштетување на предмети и добра. Со договорот за осигурување не се покрива одговорноста за настаната штета за предметите кои имателот на моторното возило ги примило на превоз.

Притоа од сообраќајната незгода, со право на надомест на штета се стекнуваат сите лица кои во моментот на случената сообраќајна незгода се наоѓале во возилото кое ја предизвикало незгодата, сите лица кои се наоѓале во другите возила кои учествувале во сообраќајаната несреќа, сопственикот на возилото кое е оштетено е кое нема придонес во случувањето на сообраќајната незгода како и пешаците како учесници во сообраќајот.

Кај склучувањето на договорот за осигурување, имателите на моторните возила се должни да платат определен надомест односно премија за осигурувањето, која премија се утврдува согласно Тарифата за осигурување од автомобилска одговорност која ја утврдува Комисија за автоодговорност при Владата на Република Северна Македонија. Притоа Владата на Република Северна Македонија како извршен орган донесува одлука за висината на минималната и максималната техничка премија која важи за сите осигурителни друштва на територијата на Република Северна Македонија.

Освен што е определена минималната и максималната премија, при определување на премијата односно цената на самиот договор за осигурување, директно и непосредно влијание на таквата цена, има моќноста на моторот на возилото за кое се склучува осигурувањето, а која моќност е изразена преку KW како податок од сообраќајната дозвола, а на која цена осигурителното друштво може да пресметува бонуси односно попусти и тоа само во точно определени случаи како што е, доколку во изминатите години имателот како осигуреник не предизвикал евидентирана штета по основ на автомобилска одговорност со таквото возило.

Со законот е предвидена обврска за лицето кое управува со превозното средство да при користење на таквото превозно средство, да мора да го има договорот за осигурување/полиса за осигурување или кој било друг доказ со кој се докажува дека е склучен договор за осигурување, а на барање на овластеното лице на органот за внатрешни работи кој врши контрола, е должен таквиот договор/полиса/акт да го даде на увид.

Законот предвидува дури и санкции за лицето кое нема да го даде на увид таквиот баран доказ, па доколку тоа се случи, предвидено е дека овластеното службено лице е должно да го спречи лицето од употреба на превозното средство во сообраќајот и да поднесе против истиот прекршочна пријава до надлежниот суд. Слични обврски се предвидени и во случај на сообраќајна незгода кога лицето кое управува со превозното средство е должно да ги даде на увид на сите учесници во сообраќајната незгода, личните документи за негова идентификација како и договорот за осигурување/полисата за осигурување.

Освен така склучениот договор/полиса за осигурување, осигуреникот односно имателот на возилото може со осигурителната компанија да склучи и други видови на осигурување како дополнително осигурување и тоа: осигурување од автомобилска одговорност за штети предизвикани на трети лица во странство – Зелена карта, осигурување на возачот и патниците од последици од несреќен случај – незгода, дополнително каско осигурување, осигурување на стакло од кршење како на патнички возила, така и на товарни возила и автобуси и сл.

Со основните одредби од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот е утврдено дека со таквиот закон се уредува задолжителното осигурување и тоа на: патниците во јавниот превоз кои претрпеле последици од несреќен случај – незгода, сопственици односно корисници на моторни и приклучни возила, потоа сопственици односно корисници на воздухоплови и сопственици односно корисници на бродови, чамци со моторен погон и тоа за одговорност за штети предизвикани на трети лица во сообраќајот. Воедно овој закон регулира и други прашања кои се од значење на општ план и на специјален план за задолжителното осигурување во сообраќајот.

Како кај надоместот на штета спомнавме дека некои лица се исклучено од таквото право, така и кај Законот за задолжително осигурување во сообраќајот изречно се определува кои лица немаат право на надомест на штета односно кои се лица се исклучени од таквото право и тоа:

- Лицето учесник во сообраќајната незгода кое управува со моторното возило со чија употреба во сообраќајот е предизвикана таквата незгода,
- Сопственикот, сосопственикот, договорувачот на осигурувањето и секое друго лице кое се јавува како корисник на возилото, кое во моментот на настанувањето на незгодата не управувал со моторното возило со чија употреба во сообраќајот е предизвикана незгодата, но само за износот на настаната штета поради уништување или оштетување на предмети,
- Лицето кое на нелегален начин го присвоило превозното средство, како и соучесникот во таквото нелегално присвојување на превозното средство, со чија употреба е предизвикана сообраќајната незгода, без разлика притоа дали истото управувало со моторното возило во моментот кога настанала незгодата и штетата и
- Лицата кои штетата ја претрпеле како последица односно резултат на : употреба на моторно возило за време на спортски приредби за кои постои официјална согласност и за кои е потребно да се постигне максимална брзина и поради употреба на моторно возило во терористички акти или воени операции кои се дефинирани со Кривичниот закон.

Согласно член 5 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот е предвидено дека во случај на сообраќајна незгода, оштетеното лице од таквата сообраќајна незгода има право да поднесе барање за надомест на претрпената штета директно до одговорното друштво за осигурување, што значи

дека штетата како таква мора претходно да се пријави до одговорното друштво за осигурување. Во членот 2 од истиот закон е дадена и дефиницијата за тоа кое е одговорно друштво за осигурување, а тоа е друштвото за осигурување кое склучило договор за осигурување со сопственикот на превозното средство со чија употреба била причинета незгодата.

Согласно законот јасно е наведено дека оштетеното лице може да бара судска заштита поради надомест на штета од осигурителната компанија само доколку претходно истото поднело барање за надомест на штета до одговорното друштво за осигурување, доколку не е задоволен од доставениот одговор или доколку осигурителното друштво не даде одговор во законски предвиденият рок.

Ова од причина затоа што законот предвидел рок од 60 дена од приемот на барањето, во кој рок одговорното друштво за осигурување е должно до оштетеното лице да достави или образложена понуда за надоместок на штета или образложен одговор на поднесеното барање за надомест на штета.

Откако оштетениот ја прими образложената понуда за надомест на штетата, законот предвидува дека истиот е потребно да се произнесе во однос на применатa понуда со писмено известување до друштвото за осигурување и тоа во даден рок од 30 дена. Доколку оштетениот по приемот на образложената понуда не се согласува со таквата понуда, ниту се согласува со образложениот одговор, или доколку истиот воопшто не примил одговор во предвиденият рок од 60 дена, тогаш оштетениот има право да поднесе тужба до стварно и месно надлежниот суд.

Со донесената одлука најчесто се определува и рокот за исплата кој законот го предвидел како обврска на одговорното друштво за осигурување, за надоместот на штетата да се исплати во рок од 14 дена од денот на доставувањето на писменото известувањето на оштетениот до друштвото за осигурување.

Законот изречно предвидува дека приговорите кои може осигурителните друштва да ги истакнат спрема осигурените лица поради непридржување кон законите, условите на осигурување или договорот за осигурување, не можат друштвата за осигурување да ги истакнат спрема оштетениот кој истакнал до друштвото за осигурување барање за надомест на претрпената штета.

Со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот се регулираат и облигационите односи во случаи кога штетата е предизвикана од страна на неосигурано возило, во кој случај оштетеното лице има право да поднесе барање за надомест на штета и до своето друштво за осигурување – друштвото за осигурување во кое оштттениот има склучено договор за осигурување на своето моторно возило и му е издадена полиса за осигурување од автомобилска одговорност, а воедно ја регулира и ситуацијата доколку настанатата штета е предизвикана од непознато возило, во кој случај оштетеното лице своето барање за надомест на штета може да го поднесе кај едно од било кое од друштвата за осигурување кои имаат лиценца за осигурување од автомобилска одговорност.

За овие два случаи на поднесени барања за надомест на штета, карактеристично е тоа што Друштвото за осигурување до кое е поднесено барањето за надомест на штета , во рок од 8-осум дена ја поднесува пријавата за штета на оштетениот во Гарантниот фонд на Националното биро за осигурување, од каде по завршувањето на постапката ќе се рефундира исплатениот износ на име надомест на штета.

Со законот се уредени и ситуациите при штета причинета во сообраќајна незгода во која учествувало возило со странска регистрација (под претпоставка таквото возило да е одговорно за настаната сообраќајна незгода), во кој случај е предвидено дека пријавата/барањето за надомест на

штета се поднесува до Националното биро за сигурување или директно до друштвата кои се членки на Бирото за осигурување.

Со законот е уредено и прашањето за вклучување во сообраќај во странство, при што определено е дека секое моторно возило при вклучување во сообраќај во странство мора да поседува меѓународна зелена карта која ја издава како документ Националното биро за осигурување и истата служи како доказ во странство дека таквото моторно возило по податоци впишани во зелената карта поседува осигурување од автоодговорност и за во странство. Со зелената карта се заштитува имателот на моторното возило од евентуални материјални и нематеријални штети кои може да ги предизвика истото, на трети лица во сообраќајна незгода при престој во некоја од земјите членки на системот на зелената карта.

Правните лица и физичките лица кои вршат дејсност како и граѓаните на Република Северна Македонија се осигуруваат во друштвата за осигурување во РСМ кои се основани согласно Законот за супервизија на осигурувањето. Согласно со овој закон, друштвата за осигурување се основаат како акционерски друштва со седиште во Република Северна Македонија под условите утврдени и пропишани со Законот за супервизија на осигурувањето и условите утврдени и пропишани со Законот за трговските друштва.

Од аспект на осигурувањето, од посебно значење е улогата на Националното биро за осигурување како правно лице кое го основаат со посебен договор друштвата за осигурување. Националното бирото за осигурување согласно член 52 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот го основаат најмалку две друштва за осигурување кои имаат издадена дозвола за вршење на работи на осигурување во класата на осигурување од автомобилска одговорност. Со уписот во трговскиот регистар, Бирото стекнува својство на правно лице, а за својата работа истиот донесува Статут на кој согласност дава Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

Во рамки на надлежност на Националното биро за осигурување спаѓаат повеќе работи таксативно наброени со законот и тоа:

- Вршење на работи кои произлегуваат од меѓународните спогодби за осигурување од одговорност на сопствениците и корисниците на моторни возила (врз основа на зелена карта) и ги претставува друштвата за осигурување од нашата земја пред меѓународните организации на друштвата за осигурување,
- Издава и печати за потребите на членките на Националното биро за осигурување меѓународни зелени карти,
- Води од своја страна статистичка евиденција и извршува статистичка обработка на добиените статистички податоци од друштвата за осигурување согласно постоечките статистички осигурителни стандарди и истите ги објавува на веб страната на Бирото,
- Бирото воспоставува и одржува централен систем за евидентирање на полиси и штети кои настанале од употреба на моторни возила,
- Врши други работи определени со Законот за трговските друштва или Статутот на Бирото кои се од заеднички интерес на друштвата за осигурување, како и други работи за кои Бирото е овластен од страна на неговите членови,

- Бирото донесува кодекс на однесување на друштвата за осигурување како дел од целокупниот општествен систем,
- Соработува со други државни и недржавни органи и институции за прашањата кои се значајни и поврзани со областа на осигурувањето и
- Врши и други работи кои се пропишани и доверени во смисла на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

Во поглед на работите со кои се занимава Бирото во рамките на својата надлежност, постојат пропишани должности на друштвата за осигурувања кои треба да се извршат, како и рокови за извршување на таквите обврски. Согласно тоа, во поглед на водењето на статистичката евиденција, друштвата за осигурување се должни потребните податоци да ги доставуваат квартално, а податоците за штетите и полисите, се должни да ги внесуваат во централниот систем на Бирото паралелно со нивното внесување во самата интерна евиденција на друштвото за осигурување.

Во случај на настанување на сообраќајна незгода, согласно член 21 и 22 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, лицата кои се учесници во сообраќајната незгода се должни меѓусебно да разменат податоци од своите лични документи за нивна идентификација, да ги разменат регистарските податоци за моторните возила како и документите од кои може да се утврди дека имаат склучено договор за осигурување од автомобилска одговорност согласно Законот за задолжително осигурување во сообраќајот. Воедно ваквите лица се должни да го известат друштвото за осигурување со кое истите имаат склучено договор за осигурување од автомобилска одговорност, за настанувањето на сообраќајната незгода и да достават до друштвото за осигурување пополнет Европски извештај за сообраќајна незгода во рок до 30 дена од денот на настанување на сообраќајната незгода. Непочитувањето на така предвидениот рок од страна на штетениот не влијае на неговото право за надомест на штета, меѓутоа доколку настанат средства кои се исплатени без основ или не би настанале доколку била испочитувана таквата обврска од страна на оштетениот учесник, друштвото за осигурување има право на регрес за таквите средства спрема сопственикот на моторното возило.

Помеѓу правата и обврските кои ги има лицето оштетено при сообраќајната незгода, треба да се спомне дека законот предвидува, дека на барање на одговорното друштво за осигурување, оштетениот како и останатите учесници во сообраќајната незгода се должни да дадат опширно известување за околностите под кои се случила сообраќајната незгода, бидејќи доколку настане штета поради неизвршувањето на таквата обврска за известување, истата ќе падне на терет на оној учесник од кого е побарано известувањето , а не е дадено.

Од сето погоре наведеното, општ заклучок е дека при сообраќајните незгоди, и покрај тоа што како штетник се јавува еден од учесниците во сообраќајната незгода кој ја причинил штетата и кој е всушност фактичкиот штетник, причинетата штета од таа незгода, без разлика дали истата е материјална, испуштена корист или нематеријална штета, истата ја надоместува осигурителното друштво во кое е осигурано моторното возило со кое е причинета штетата. Ова е возможно само поради единствениот факт што е склучен токму договорот за осигурување кој е задолжителен за имателите на моторните возила при регистрацијата со друштвата за осигурување. Овој склучен договор за осигурување претставува основот за пренос на обврската за надомест на штетата од лицето кое ја причинило штетата на осигурителното друштво во кое возилото причинител е осигурано.

1. ПРИЈАВА НА ШТЕТА ОД ОСИГУРАНО ВОЗИЛО

Согласно член 5 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, во случај на случена сообраќајна незгода е пропишано дека оштетеното лице има право да поднесе барање за надомест на штета до одговорното друштво за осигурување односно до друштвото за осигурување каде причинителот на штетата има склучено договор/полиса за осигурување од автомобилска одговорност.

За остварувањето на така законски предвиденото право на надомест на штета, неопходно и задолжително е претходно обраќање на оштетениот до друштвото за осигурување, па како што веќе во општиот дел спомнавме, дури откако не се реши случајот пред одговорното друштво за осигурување или се реши на незадоволителен начин за барателот/оштетениот, тогаш може да се поведе судски спор односно судска постапка против осигурителното друштво како тужен по правната работа за надомест на штета.

При поднесувањето на пријавата/барањето за надомест на штета разликуваме посебно пријава/барање за надомест на материјална штета кое е унифициран образец за секоја од осигурителните компании и пријава/барање за надомест на нематеријална штета.

Притоа во образецот на пријава/барање за материјална штета постојат четири дела кои се пополнуваат и тоа: податоци за оштетениот – сопственик на возилото, податоци за осигуреniот причинител на штета (внесени од личен идентификационен документ), доказ на одговорност и конкретно поставено барање. Во делот на пријавата за податоци за оштетениот-сопственик на возилото се внесуваат податоците за: денот и месецот на настанатата штета, оштетениот со податоци за име и презиме, адреса на живеење на оштетениот, телефон за контакт на оштетениот, негов матичен број, трансакциска сметка на име на оштетениот, депозитна банка, а за буџетски корисници кои се јавуваат како оштетени задолжително се внесува во пријавата и приходна шифра. Овој дел потоа се дели на две подгрупи во кои се впишуваат податоците за возачот на оштетеното возило како и податоците за самото оштетено возило. Како податоци за возач на оштетеното возило се бараат: име и презиме на возачот кој управувал со возилото, адреса на живеење на возачот, број на неговата возачка дозвола со наведување на датум кога истата е издадена и за која категорија важи. Како податоци за оштетеното возило се внесуваат: податоци за марката и типот на возилото, регистарскиот број на возилото, опис на настанатото оштетување, број на полиса/договор за осигурување од автоодговорност и податок за евентуално каско осигурување. Во вториот дел од пријавата за надомест на штета се внесуваат податоците за осигуреniот причинител на штетата во сообраќајната незгода и тоа: осигуреник, марка и тип на возилото, негов регистарски број, кој возач го управувал возилото во моментот на случувањето на незгодата, адреса на возачот и негов единствен матичен број. Во третиот дел од пријавата, во делот доказ за одговорност се внесуваат податоците за тоа дали штетата е пријавена, доколку е пријавена каде и на кој орган на МВР истата е пријавена како и податок за очевидци-сведоци на штетниот настан. Четвртиот дел од пријавата за надомест на штета се однесува на конкретното барање на оштетеното лице за надомест на штетата образложено поединечно за секој елемент од барањето односно точно наведување на каква материјална штета се бара, дали се бара штета за предмет, штета за трошоци за лекување, штета за погребни трошоци и слично.

Кај пријавата/барањето за надомест на нематеријална штета постои определена разлика бидејќи во истата потребно е барателот детално да ги наведе основите за надомест на нематеријална штета кои ги бара односно да се наведе дали се бара штета за претрпени физички болки, за претрпен страв, за намалена животна активност, за нагрденост или слично.

Кон пријавата/барањето за надомест на штета, барателот во овие случаи е должен да достави записник од увид на лице место со скица од увид и од местото на настанот изготвени од страна на службените органи на МВР. Во случаите на мала материјална штета, предвидено е лицата со заедничка согласност за фактичката состојба да достават Европски извештај за сообраќајна незгода, кој образец се издава на секој осигуреник заедно со полисата при осигурувањето на возилото.

Со пријавата/барањето за надомест на штета освен пополнетиот образец или писмено барање се доставува и друга комплетна медицинска документација која баратеот ја поседува за здобиените повреди, документацијата за текот на лекувањето и констатираните состојби од страна на медицинските лица, од која документациј би можело да се утврдат решителните факти за утврдувањето на основаноста и висината на материјалната и нематеријалната штета на барателот/оштетениот.

По евидентирањето на пријавата на штета и оформувањето на предметот, доколку предмет на пријавата/барањето за надомест е материјална штета, осигуреният е должен да овозможи извид над оштетеното возило од овластени лица. Извидот на штетата по правило се спроведува веднаш, а најдоцна во рок од 2-два работни дена и тоа во определен простор во компанијата за осигурување или во сервис или друго место каде што се наоѓа моторното возило.

Кога во сообраќајаната незгода покрај оштетеното возило учествува странско моторно возило кое е причинител и одговорно за настанувањето на сообраќајната незгода, оштетеното лице, пријавата за надомест на штета односно барањето го поднесува до Националното биро за осигурување, кое пак пријавата/барањето го проследува до некое од друштвата за осигурување кои се членки на Националното биро за осигурување кое има склучено коренспондентски договор со странската осигурителна компанија во која е осигурано странското моторно возило.

По разгледувањето на пријавата/барањето за надомест на штета со целокупната доставена документација во пропишана постапка согласно зкаон и актите на друштвото за осигурување до кое е доставено барањето, до барателот/оштетениот најчесто се доставува известување по барање со предлог за склучување на вонсудска спогодба, доколку барањето е целосно или делумно усвоено, со која спогодба е утврден основот и висината на штетата од страна на осигурителната компанија. Во моментот кога барателот/оштетениот ќе го добие известувањето од друштвото за осигурување, истиот има на располагање две можности. Првата можност за оштетениот е да го прифати определениот надомест на име штета од страна на осигурителната компанија и да ја потпише понудената спогодба, а другата можност е да изјави приговор против истото согласно дадената правна поука од известувањето до второстепената комисија на друштвата за осигурување.

Со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот предвидено е право на посредување односно можна постапка за посредување доколку оштетеното лице не е задоволно со понудениот надомест на штета од страна на одговорното друштво за осигурување. Ова право на посредување е должно друштвото за осигурување кое врши работи на осигурување од автомобилска одговорност да го предвиди со договорот за осигурување од автомобилска одговорност, во случај на незадоволност и

неприфатливост за оштетениот од понудениот надомест на штета од страна на одговорното друштво за осигурување.

2. ПРИЈАВА НА ШТЕТА ОД НЕОСИГУРАНО ВОЗИЛО

Согласно член 62 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (Службен весник на РСМ бр.88/05) е регулиран случајот на постоење на штета во сообраќајна незгода која е причинета од страна на неосигурано возило. Во ваквите случаи, барателот/оштетениот е должен да поднесе барање за надомест на штета до своето друштво за осигурување односно до друштвото за осигурување каде оштетениот има склучено договор за осигурување односно издадена полиса за осигурување од автомобилска одговорност.

Исто како и кај пријавата за штета од осигурано возило, и кај овој вид на постапка кон пријавата/барањето за надомест на штета мора да се содржат основните податоци за учесниците во сообраќајната незгода, за возилата, за настанот и последиците со наведување на основите на штета кои се бараат. Па така треба да се наведе дали се бара материјална, да се наведе кој вид на материјална, дали се бара нематеријална, по кој основ таа се бара и притоа во прилог да се достави потребната документација како што е : записникот од увид на лице место со скица од увид и скица од место на настанот, пријава на штета на образец издаден од страна на секое од осигурителните друштва каде може да се осигура моторното возило односно издаде полиса/договор за автоодговорност, како и да се достави комплетна медицинска документација која барателот ја поседува за здобиените повреди, текот на лекувањето и документација за констатираните состојби од страна на медицинските лица во текот на лекувањето. Од таквата документација потребно е да се потврдат решителните факти врз основа на кои ќе се утврдат истите и правилно и законито ќе се утврди основаноста и висината на бараната штета од барателот со пријавата/барањето за штета.

Кога постои пријава за штета од неосигурано возило, карактеристично е тоа што оштетеното лице не може да поведе судска постапка против Националното биро за осигурување или друштвото за осигурување пред кое го остварува правото пред истекот на три месеци од денот на доставувањето на пријавата/барањето за надомест на штета од страна на оштетениот/барателот.

По приемот и обработката на пријавата/барањето за надомест на штета причинета од неосигурено возило, во случај на исплата на договорена штета во вонсудска постапка или пак исплата на штета во судска постапка врз основа на правосилна и извршна одлука, друштвото за осигурување има право на поврат на исплатените средства за таквата штета од Гарантниот фонд на Националното биро за осигурување. Со законот е пропишано дека друштвата за осигурување кои вршат работи на задолжително осигурување се должни да уплатат парични средства во Гарантниот фонд во рок од 15 дена од денот на добивањето на известувањето од страна на Бирото. Висината на минималниот износ на средства во Гарантниот фонд го определува Бирото по претходна согласност на Агенцијата за супервизија на осигурувањето и не може да биде понизок од 3.000.000,оо Евра во денарска противвредност. Притоа наведено е дека таквите средства служат за исплата на штетите наведени во

случаите од член 58 од законот, во износ сразмерен на премијата остварена по одделни класи на задолжително осигурување во претходното тромесечие, за тековното тромесечие од тековната година.

Со член 58 од законот се определени штетите кои се подмируваат од средствата на Гарантниот фонд формиран од Националното биро за осигурување и тоа :

- за штети кои се настанати на територијата на Република Северна Македонија од непознати и неосигурани моторни возила и приколки, неосигурени воздухолови и неосигурени чамци и бродови на моторен погон,
- за штети кои се настанати на територијата на РСМ причинети од превозни средства кои се регистрирани за превоз на патници во јавен сообраќај, за кои сопствениците на истите не склучиле договор за осигурување на патници од последици на несреќен случај-незгода,
- за штети настанати од задолжителни осигурувања кои оштетените лица не можат да ги наплатат од друштвата за осигурување со кои е склучен договорот за осигурување, бидејќи истите престанале да постојат, при што се исплаќа само оној дел од штетата кој не бил надоместен од стечајната маса на друштвото за осигурување над кое се води постапка за престанок,
- за штети причинети на осигурени моторни возила кои имаат потекло од Република Северна Македонија за кои согласно Критскиот договор и останатите меѓународни договори гарантира Националното биро за осигурување.

Со законот изречно е предвидено дека од таквите средства на Гарантниот фонд не се надоместуваат штетите кои настанале од употреба на неосигурени странски моторни возила за кои важат посебни меѓународни договори во кои како потписник се јавува и нашата држава, иако ваквите возила се движат по територијата на Република Северна Македонија.

3. ПРИЈАВА НА ШТЕТА ОД НЕПОЗНАТО ВОЗИЛО

Покрај обработените два случаи на пријави/барања за надомест на штета, во теоријата, а и праксата се сретнува уште еден случај на пријава/барање за надомест на штета причинета од непознато возило. Во таков случај, согласно член 63 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот е предвидено дека штетата се надоместува во постапка со барање од страна на оштетеното лице до едно од друштвата за осигурување кои имаат лиценца за осигурување од автомобилска адговорност или до Националното биро за осигурување, кои се одговорни за исплата на надомест на штета поради смрт, телесна повреда и нарушување на здравјето, на ист начин како и друштвото за осигурување во случај да бил склучен договор за осигурување, но само до висина на минималните суми на осигурување за други моторни возила утврдени со овој закон.

Како и кај другите пријави/барања за надомест на штета, и во овој случај барателот/оштетениот е должен да ги наведе основите за надомест на штета (како на пример за надомест на штета поради претрпени душевни болки, за надомест на штета поради претрпен страв, за надомест на штета поради намалена животна активност, за надомест на штета поради нагрденост и слично), потоа потребно е да ги достави записникот за увид на лице место со скицата на увид и скица од место на настанот, заедно со

целокупната медицинска документација за оштетеното лице, повод повредите, лекувањето, рехабилитацијата, состојбата од овластените медицински лица и се што смета дека е подобно за утврдување на штетата.

По приемот на пријавата/ барањето за надомест на штета, неговата обработка и исплата на штетата од страна на друштвото за осигурување, друштвото за осигурување кое ја извршило исплатата во рок од 8-осум дена од денот на исплатата поднесува пријава за штета во Гарантниот фонд на Националното биро за осигурување од каде потоа исплатениот износ на име надомест на штета од друштвото за осигурување ќе се рефундира.

Кај овие видови на штета посебно значајно е правото на осигурителното друштво да бара од сопственикот/имателот на моторното возило или лицето кое ја предизвикало штетата да ја надомести штетата која претходно осигурителното друштво ја исплатило на оштетеното лице. Ова право на осигурителните компании е познато како право како регрес и таквото право осигурителните друштва го имаат во случаите кога штетата во сообраќајот ја причинило неовластено лице.

За неовластено лице објаснивме веќе во општиот дел кај задолжителното осигурување во сообраќајот, но еве и овде на кратко ќе наведеме кои се лица се сметаат за неовластени лица согласно законот и тоа се: лице кое управувало без возачка дозвола (вклучувајќи и лице кое се обучува без обучувач), лице кое на нелегален начин го управувало моторното возило или кое е соучесник во таквиот нелегален чин и лице кое управувало моторно возило под дејство на алкохол (доколку е над дозволеното ниво согласно законот), под дејство на наркотични дроги или психотропни супстанции.

Со одредбата од член 13 од Законот за задолжителното осигурување во сообраќајот е предвидено ограничување на обврската на друштвото за осигурување, кое друштво за осигурување е во обврска за исплата на штета спрема лице кое е патник односно корисник на осигурувањето, во висина на предвидениот надоместок за таквото осигурување, а за остатокот на штетата до висината на реално претрпената штета, оштетеното лице има право на надомест на штетата спрема самото лице кое е фактички штетник односно кое ја предизвикало штетата.

IV . НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ПРИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА УЧЕСНИК, ЗА ЧЛЕНОВИ НА ПОТЕСНО СЕМЕЈСТВО

Покрај предвиденото општо право со ЗОО, дека надомест на штета има секое лице врз кое непосредно е извршена штета со некое штетно дејствие од страна на штетникот, со закон е предвидено и право на надомест на штета во случај на смрт на учесник во сообраќајна незгода, за лицата кои се членови на потесното семејство на загинатиот од сообраќајна незгода. Вака наведеното право своја определба наоѓа во член 190 од Законот за облигационите односи со кој се наведува дека во случај на смрт на некое лице, судот може да им досуди на членовите на потесното семејство на починатиот (брачен другар, деца и родители) справедлив надомест за претрпените душевни болки. Ова право и надомест по овој основ им припаѓа и на браќата и сестрите на загинатиот , доколку помеѓу нив постоела потрајна животна заедница.

Посебни случаи кои се сретнуваат во судската пракса, а значајни од апсект на досудените износи на име надомест на нематеријална штета се и случаите кога штетата претставува стекнат тежок инвалидитет на некое лице, при што судот може и во таквиот случај да им досуди на брачниот другар на тоа лице, на неговите деца и неговите родители, справедлив паричен надомест за претрпените душевни болки кај овие лица поради претрпен тежок инвалидитет на нив блиско лице.

Надоместот во случаите на смрт и тежок инвалидитет определени со ставовите 1 и 3 од членот 190 од Законот за облигационите односи може да се досуди и на вонбрачниот другар на лицето кое починало или претрпело тежок инвалидитет, меѓутоа само ако помеѓу таквото лице и умрениот постоела трајна животна заедница.

Законот за облигационите односи во своите одредби предвидува правичен надомест на име нематеријална штета која се јавува како нематеријална штета поради претрпени физички болки, штета поради претрпен страв, штета за претрпени душевни болки поради намалување на општата животна активност, штета поради душевна болка поради нагрденост, штета поради душевни болки поради повреда на угледот, честа, слободата или други права на личноста загарантирани со устав и закон и штета поради смрт на блиско лице. При одлучувањето повод поднесеното барање за надомест на штета како и при определување на основаноста и висината на штетата, судот е должен да води сметка за значењето на повредената добро и за целта за која служи тој надомест кој се бара, но мора да се води сметка и за тоа со него да не им се погодува на стремежите кои што не се спојливи со самата природа на надоместот.

Овие законски одредби се предвидени со цел донесените решенија и одлуки да бидат во согласност со природата на штетата и специфичната цел на надоместокот кој се досудува бидејќи вака предвидениот надомест на нематеријалната штета воопшто не претставува реално надоместена штета, туку истиот надомест има форма на една парична сатисфакција која во зависност од околностите на секој поединечен случај, времетраењето и интензитетот на претрпените болки се досудува на оштетеното лице. Определениот паричен надомест во никој случај не го надоместува изгубеното, оштетеното или претрпеното, бидејќи тој има за цел да на некој начин , па макар и минимален, да ги ублажи негативните последици кои настанале како резултат на штетниот настан, а кои директно се

одразиле на психичкиот живот на оштетеното лице. Со таквиот надомест се очекува дека кај оштетениот ќе се постигне барем едно чувство на некое минимално задоволство како една противтежа на претрпената штета.

Особено чувствителни и субјективни се случаите кога имаме смрт на блиско лице, личност со која сме живееле и ја сакале. Самиот тој факт кај нас предизвикува неминовно и немерливо чувство на болка, која е од душевен карактер и истата може кај блиските лица да се манифестира како на физички така и на психички план на здравјето на самата личност. Претрпената душевна болка за смрт на блиска личност, за да биде релевантна мора да биде вистинска, интензивна и да е трајна односно да трае. Овие факти се решителни за определувањето на бараниот надомест и истите судот е должен да ги испитува заедно со сите останати околности на случајот кои се релевантни за одлучувањето повод поставеното тужбено барање. При определувањето на надоместот на нематеријална штета судот ги испитува покрај горенаведените околности и околностите околу емотивната блискост на оштетениот и загинатото лице како и општо животните односи помеѓу истите, а кои односи би имале влијание за должината, интензитетот и времетраењето на претрпените болки на оштетениот.

Во теоријата постои мислење дека самиот паричен надомест како една противтежа и сатисфакција за оштетениот треба да ја воспостави нарушената рамнотежа на душата на оштетениот, постигнувајќи притоа на еден психолошки сегмент, сатисфакција со посредство на реалистичен резултат како исход на постапката. Самата нематеријална штета како дел од трпењето на човекот, произлегува од неспорниот факт дека штетниот настан кој се случува, кај самиот оштетен предизвикал нарушување на неговата психичка рамнотежа, на неговата личност и нарушување на една нормална душевна состојба која кај лицата се манифестира преку трпење на физички и душевни болки.

При определувањето и досудувањето на надоместот на штета за член на потесно семејство во случај на смрт на учесник во сообраќајна незгода, различни судови во оправдување на своите одлуки користат различни формулации, притоа наведувајќи дека таквиот надомест претставува “соодветен паричен надомест”, израз дека досудениот паричен надомест е адекватен на претрпената штета и слични изрази со кои само се огледува слободната оцена на судијата при постапувањето.

Согласно членот 189 став 1 од Законот за облигационите односи дадени се таксативно наброени видовите на нематеријална штета кои воедно можат да се појават и по основ на штета од осигурување од автомобилска одговорност и тоа: за претрпени физички болки, за претрпени душевни болки поради намалена животна активност на оштетениот, за претрпени душевни болки поради нагрденост, за претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице, за претрпени душевни болки поради тежок инвалидитет на блиско лице и за претрпен страв. Посебно од значење е востановената судска пракса и правно мислење, дека оштетениот нема право на надомест на нематеријална штета за претрпен страв, доколку стравот кој е претрпен не е од голем интензитет и од него нема последици. Оттука произлегува и мислењето дека незначителната физичка болка во траење од 2-3 дена и незначителниот страв претрпен при повреда не го оправдува самото по себе досудувањето на надомест на нематеријална штета во таквите случаи.

Душевните болки за намалена животна активност како еден од основите за претрпената нематеријална штета, во себе ги опфаќа сите ограничувања во животните активности на оштетеното лице кои ги остварува или кои по редовниот тек на работите во иднина, е извесно дека оштетениот би ги

остварувал. За душевните болки кои се претрпуваат кај оштетениот поради здобиена нагрденост како основ за досудување на нематеријална штета, не се земаат во предвид само фактите дали и во која мера е изменета физичката надворешност- изглед на оштетениот, до мера во која во срединатa на живеење таквиот изглед предизвикува гнасење, сожалување и други негативни реакции, туку се земаат во посебен обзир и субјективните мерила за влијанието на таквите елементи и состојби врз психичката рамнотежа на оштетениот, односно неговата психолошка состојба во целина.

Во текот на моето истражување на судските предмети кои постапувале и одлучувале по овој основ, увидов дека токму прашањето на утврдување односно определување и правилно одмерување на износот на паричен надоместок кој на оштетеното лице треба да се досуди во вид на сатисфакција за претрпената нематеријална штета, претставува едно од најсложените и најзначајните прашања од оваа област.

Споредбено земено, во текот на последните десет години, значаен е порастот на судските спорови за надомест на штета по основ на осигурување од автомобилска одговорност за лесни повреди пропратени со краткотрајни и слаби физички болки, со кратко намалување на животната активност на повредениот како оштетен и краткотраен и незначителен страв, што само по себе доведе до еминентни промени во структурата на исплатените штети и начинот на пристап при обработката на штетите од страна на осигурителните друштва.

Во судската пракса, која денес во поголем дел е и јавно достапна преку судскиот портал, постојат евидентни разлики при утврдување на овие надоместоци и тоа како во рамките на судовите од понизок суд така и во рамките на повискиот суд на едно подрачје. Сето тоа е во границите на индивидуалното и слободно утврдување на штетата односно утврдување од случај до случај, а во зголемувањето на разликите на досудените надоместоци, свое посебно влијание има и лимитираната можност на странките да користат вонредно правно средство-ревизија и со тоа да се добие изјаснување по конкретните предмети од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија како највисок суд во нашата држава.

Постојат, иако во помал број и примери од судската пракса, случаи кога покрај горенаведените лица како членови на потесно семејство кои имаат право на надомест на штета поради смрт на блиско лице, како барателиоштетени да се јават и други лица како што впрочем е примерот и со дете кое дошло на свет-во живот по смртта на починатиот негов родител и барањето за остварувањето на неговото право како оштетен во судска постапка се истакнува пред судот.

Како и да е, без разлика на тоа кој се јавува како оштетен / барател кај овие предмети, товарот на докажување паѓа на тужителот согласно Законот за парничната постапка, па оттука тужителот кој е всушност барателот/оштетениот треба да ги докажува фактите кои се значајни за утврдување на основаноста и висината на надоместот на име нематеријална штета.

Според веќе воспоставената судска пракса се покажува тенденција, за овој вид на надомест, најголем износ да се досудува на малолетните лица за смртта на својот родител како и на брачниот другар на починатиот. Определени критериуми за определувањето на висината на нематеријалната штета во текот на претходната-вонсудска постапка сакал да воспостави Националното биро за осигурување при решавање на штети односно барања за исплата на нематеријална штета кои паѓаат на терет и треба да се исплатат од средствата на Гарантниот фонд, во согласност со член 45 од Законот за

задолжително осигурување во сообраќајот. Ова требало да се врши преку Комисија за осигурување од автомобилска одговорност која имала овластување да донесе токму такви Критериуми за надомест на нематеријална штета поради смрт, телесна повреда и нарушување на здравјето од употреба на моторни возила во сообраќајот.

Во точка 5 од овие тогаш донесени Критериуми било уредено дека надоместот на штета за претрпена душевна болка поради смрт на блиско лице се утврдува според околностите на секој поединечен случај. Во посебна табела од истата точка, била дадена висината на надоместокот на штета за претрпена душевна болка поради смрт на блиско лице (брачен и вонбрачен другар, дете, родител, неродено дете, брат и сестра) и тоа одмерена во денари на минимален и максимален износ за исплата.

Со таквите критериуми било утврдено дека малите деца кои во моментот на смртта на еден од родителите сеуште не се способни да го разберат значењето на таквата загуба и болка, имаат право на надомест на штета за претрпена душевна болка, бидејќи таквата душевна болка не мора да настане директно по смртта на родителите, туку настанува како последица од загубата и лишењето на детето од родителската љубов, нега и внимание кои детето би ги добило од својот родител кој го загубил, како и поради последица на идејата за самата смрт на родител, соодветно. Во посебна глава од критериумите бил утврден и максималниот износ на име материјална штета која би можела да се определи и утврди за исплата, и тоа во вкупен износ од 100.000,оо денари со фискални сметки за погребни трошоци и надгробен споменик.

Меѓутоа, овие Критериуми се укинати, а укинат е и членот 45 став 2 од Законот за задолжителното осигурување во сообрачајот од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија бидејќи критериумите од кои може да зависи колкав надомест ќе досуди судот, на оштетениот во текот на судската постапка, на име надомест на нематеријална штета, се дадени во членот 189 од Законот за облигационите односи, при што во овој член како ограничувачки фактори од кои зависи висината на надоместот на нематеријалната штета се јавуваат јачината на болките, јачината на стравот и нивното траење, значењето на повреденото добро и целта за која треба да служи надоместокот кој се бара. Токму ваквата законска уреденост на овој надомест го ставило под знак прашалник и овластувањето на Комисијата за автомобилска одговорност да утврдува критериуми за надомест на штета во случај на смрт, телесна повреда и нарушување на здравјето, а потоа и истите да ги достави до надлежните судови заради одлучување по истите, при утврдувањето на надоместот за ваков вид на штета.

При една таква состојба на јасно определени со закон критериуми од кои зависи висината на досудениот износ на име нематеријална штета со Законот за облигационите односи (околности на случај, јачина на болки, јачина на страв и нивно траење), основано се поставило прашањето дали постои оправданост на таквиот член од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и донесените критериуми поради што основано истите биле укинати.

За да можам да ги доловам суштинските карактеристики на овој вид на надомест истиот ќе го прикажам преку примери на случаи од кои првиот пример завршувања со преиначена одлука од второстепениот суд, а потоа е потврден од Врховниот суд на РСМ по ревизија на тужителите. Останатите два случаи се по слободен избор од базата на одлуки на судскиот портал за одлуки, а со цел

вршење на споредба и компарирање помеѓу предметите, нивни сличности, разлики како во однос на одлуките, така и во однос на самите постапки.

1.Обработка на случај број 1 пред Основен суд Скопје 2 Скопје[12]

Во граѓански предмет пред Основен суд Скопје 2 Скопје, поднесена е тужба за надомест на нематеријална штета во вид на душевни болки поради смрт на блиско лице од страна на тужителите: татко - првотужител, мајка – второтужителка, сестра – третотужителка, сестра- четвртотужителка и баба – петтотужителка. Тужен е Друштвото за осигурување УНИКА АД Скопје, по правната работа неисполнување на обврски од договор за задолжително осигурување во сообраќајот за штета причинета на трети лица.

Штетата која тужителите ја истакнале спрема туженият како осигурително друштво, произлегува од настан кој се случил на ден 04.05.2014 година кога на магистралниот пат А-3 Б. - П. кај надвозникот за с. Б.. се случила сообраќајна незгода помеѓу учесниците возачот на ПМВ „Фиат Товас“ лицето И.Д., и возачот на ПМВ "Фолксваген Голф", лицето А.Х. До незгодата дошло на начин што лицето А.Х го управувал ПМВ "Фолксваген Голф" од спротивната насока по десната сообраќајна лента од магистралниот пат Б. - П., во насока од П. кон Б. па во критичниот момент кај надвозникот за с.Б., возачот на ПМВ "Фиат Тофас" ја изгубил контролата над своето возило на влажниот и лизгав коловоз и се дестабилизирал во лево кон спротивната сообраќајна лента од магистралниот пат, при што удрил во ПМВ "Фолксваген Голф" кое се движело на спротивната сообраќајна лента. Како резултат на така случената сообраќајна незгода на лице место починал сопатникот на ПМВ "Фолксваген Голф" З.А., а други сопатници во ПМВ "Фолксваген Голф" биле лицата М.Ј., и А.Н..

Од страна на тужителите во текот на судската постапка доставен е сообраќаен вешт наод и мислење од вешто лице со кое е утврдено дека возачот на ПМВ "Фиат Тофас" лицето И.Д. е исклучиво одговорен за настанување на сообраќајната незгода и последиците што произлегле од истата, додека пак возачот на ПМВ "Фолксваген Голф" лицето А.Х нема направено пропуст и нема придонес во настанувањето на сообраќајната незгода и последиците што произлегле од истата.

Од страна на туженият доставено е сообраќајно вештачење со кое е утврдено дека возачот на ПМВ "Фолксваген Голф" лицето А.Х има придонес од 20% за настанувањето на сообраќајната незгода и последиците од истата.

Заради утврдување на душевните болки на тужителите, тужителите доставиле наод и мислење на вешто лице прим.др. П.В неуропсихијатар од С., од кој првостепениот суд утврдил дека првотужителот кој бил татко на покојниот доживеал и доживува душевна болка заради неговата ненадејна и неочекувана смрт, трагедија на која не бил спремен. Со вештачењето било утврдено дека

[12]Одлуките по овој судски предмет :Пресуда П4.бр.2012/14 од 06.07.2015 година на Основен суд Скопје 2 Скопје, Пресуда ГЖ-3736/16 од 07.12.2016 година на Апелациониот суд Скопје и Пресуда Рев.2.бр.470/2017 од 14.06.2018 година на Врховниот суд на РМ се преземени од судскиот портал во базата на судски одлуки преку- http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/odluki- посетено на 26.12.2020 година

веста за смртта на неговиот син предизвикала психички шок, неверица, очај и доживувал интензивна, акутна душевна болка, во форма на акутна депресија, реакција која траела во првите 2-3 недели, вклучувајќи ги и врвовите (пиковите) во периодот на дознавање за смртта, бдеењето, изнесувањето за погреб и погребот. Во тој период способноста на тужителот кое е татко на погинатиот, логично да мисли и расудува била нарушена, што се должело на интензивните преплавувачки негативни емоции, бидејќи не го прифаќал фактот на загубата на синот кон кого бил особено приврзан. Во периодот до денот на одлучувањето првотужителот-таткото доживувал душевна болка со реактивна депресивна симптоматологија од јак интензитет. Со минување на времето со секојдневните ангажмани, душевна болка поради загубата на синот, вештото лице навело дека веројатно постепено ќе бледнее настанот, но никогаш нема да исчезне.

Второтужителката која е мајка на сега покојниот, видно од вештиот наод и мислење доживеала и доживува душевна болка заради смртта на синот со кого била во биолошка и психолошка врска од прв ранг. Смртта била ненадејна, неочекувана и трагична на што таа реагирала интензивно. Веста за смртта на синот ја затекнала неспремна и предизвикала психичка состојба на шок и неверица што била причина да доживува интензивна акутна душевна болка, во форма на акутна депресивна реакција и очај за губитокот на синот која траела во првите 2-3 недели. Во понатамошниот период второтужителката била опфатена со душевна болка со реактивна депресивна симптоматологија од јак интензитет која траела до одлучувањето. Во секојдневниот живот во овој период, второтужителката била повлечена, нерасположена, плачлива со повремени и привремени акутизирања проследени со вложување на душевната болка при посетите на гробот на покојниот, при гледање на слики или предмети со него. Со минување на времето кое доаѓа со секојдневните активности и обврски, душевната болка, вештото лице навело дека веројатно постепено ќе бледнее, но никогаш нема да исчезне.

Третотужителката која е сестра на погинатиот, со наодот и мислењето е утврдено дека како резултат на таквата загуба доживеала и сеуште доживувала душевна болка поради смртта на саканиот брат со кого била во биолошка и социопсихолошка врска од прв ранг . Бидејќи смртта била неочекувана на што била сосема неспремна, на таквата вест реагирала интензивно, со психички шок и неверување проткаени со настапи на бес што било израз на доживеаната интензивна акутна душевна болка, во форма на акутна реакција со очај. Ваквата трагична состојба траела во првите две недели вклучувајќи ги врвовите во периодот кога дознала за неговата смрт, додека покојниот бил донесен дома и на изнесувањето на покојниот од дома за закоп. Откако поминале првите шокови, третотужителката била опфатена со душевна болка со карактеристики на реактивна депресивна симптоматологија од јак интензитет. Како и кај секое лице со минување на времето кое доаѓа, со секојдневните активности и обврски, душевната болка веројатно постепено и понатаму ќе бледнее, но никогаш нема потполно да исчезне.

Четвртотужителката која е сестра на покојниот доживеала и сеуште доживува душевна болка заради смртта на саканиот брат, бидејќи поради крвната врска со него била во биолошка и социопсихолошка врска од прв ранг. Смртта за која била свесна и чие значење го разбирала, била неочекувана, на што била сосема неспремна. На веста за неговата смрт реагирала интензивно со психички шок и неверување проткаени со настапи на бес што било израз на доживеаната интензивна акутна душевна болка во форма на акутна реакција со очај. Ваката состојба траела во првите 7 дена

вклучувајќи ги и врвовите во период на дознавање за смртта, додека покојниот бил дома и на изнесувањето на покојниот од дома за закоп. Откако првите шокови временски изминале во наредниот период четвртотужителката била опфатена со душевна болка со карактеристики на реактивната деперсија симптоматологија од јак интензитет. Со минување на времето кое доаѓа, душевната болка веројатно постепено и понатаму ќе бледнее, но никогаш нема потполно да исчезне.

Според доставеното вештачење односно вешт наод и мислење на вешто лице д-р А.А.С од Н.Г од 15.05.2015 година, се утврдило дека четвртотужителката трпела душевно страдање изразено на самиот почеток на примањето на веста, во вид на акутна стресна реакција и тоа во текот на три дена и потоа во вид на посттрауматско стресно растројство во текот на наредните шест месеци.

Петтотужителката која е баба на покојниот, со вештачењето е утврдено дека доживеала и доживува душевна тешка болка поради ненадејна и неочекувана смрт на внукот бидејќи со него била во тесна биолошка, семејна и социопсихолошка врска. На веста била сосема неспремна и тоа предизвикало тежок психолошки шок следен со неверување и очај. Во тие моменти доживеала интензивна душевна болка во форма на акутна депресивна реакција која траела во првите 7 дена. Во периодот до денес доживува душевна болка од јак интензитет. Со текот на времето, во вештачењето е наведено дека најверојатно ќе спласнува експресијата на тагата, но нема да исчезне.

Сите тужители освен третотужителката која во моментот на смртта на брат и живеала кај маж и, живееле во семејна заедница со починатиот, кое нешто судот го утврдил од писмените докази како и од изјавите на самите тужители.

Помеѓу странките во оваа постапка, постоеле неспорни факти и спорни факти кои судот требало правилно да ги утврди од расположивите докази. Имено неспорно било дека на критичниот ден се случила сообраќајна незгода каде како учесници се јавиле лицето И.Д. во својство на возач на ПМВ Фиат Тофас и лицето А.Х. во својство на возач на ПМВ Фолксваген Голф, како и дека лицето З.А. во својство на споратник како резултат на настанатата незгода починал.

Она што останало спорно помеѓу странките е дали фактот што осигуреникот на туженият –ПМВ Фиат Тофас можеби има придонес во случување и избегнување на сообраќајната незгода во висина од 80%, додека возилото во кое се превезувал починатиот имал придонес од 20%, има влијание на правото и висината на надомест на штета за тужителите. Воедно била спорна и висината на поставеното тужбено барање кои според наводите на туженият биле превисоко поставени, како и фактот дека третотужителката не била во потрајна животна заедница со починатиот.

Како основен предуслов за поднесување на ваква тужба, во својата фактичка состојба, а видно од изведениот доказ барање за надомест на штета поднесено од тужителите преку полномошник, судот неспорно утврдил дека тужителите вонсудски се обратиле до туженият со писмено барање од 10.07.2014 година, но од страна на туженият и тужителите не била постигната спогодба за исплата на претрпената нематеријална штета.

Првостепениот Основен суд Скопје 2 Скопје имајќи во предвид дека починатиот – блиското лице на тужителите бил сопатник, го применил член 164 став 4 од ЗОО според кој од ирелевантно значење е колкав е придонесот на учесниците во случување на сообраќајната незгода, како и фактот дека постои солидарна одговорност на осигурителните компании кај кои се осигурани возилата заедно со имателите на возилата-учесниците во сообраќајната незгода. Од причина затоа што тужбата од трети

лица за надомест на штета, по избор на оштетениот односно тужителот може да биде поднесена само против еден од солидарните должници или спрема сите учесници во сообраќајната незгода. Бидејќи починатиот бил трето лице, истиот немал, ниту можел да има придонес во случувањето на сообраќајната незгода.

Сосема би бил друг случајот доколку блиското лице-починатиот е лице учесник во сообраќајната незгода и за кој е утврден придонес во случувањето на сообраќајната незгода. Во таков случај потребно е најпрвин да се утврди вистинскиот придонес на починатиот во настанувањето на сообраќајната незгода, кое нешто доколку постојат две различни вештачења се врши најпрвин преку обид за усогласување на вештачењата, а доколку не се успее да се усогласат вештите лица, судот ќе определи супервештачење. Супервештачењето е облигаторно за судот и од истото се утврдува придонесот на починатиот во случувањето на сообраќајната незгода. Таквиот придонес на починатиот во случувањето на сообраќајната незгода има директно влијание на висината на определувањето на надоместот на име нематеријална штета, бидејќи судот најпрвин ја утврдува висината на надоместот за претрпените душевни болки како правичен надомест, кој потоа го намалува сразмерно на висината на придонесот на починатиот. Во ваков случај се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи за поделена одговорност на учесниците во сообраќајната незгода.

Првостепениот суд при одлучувањето ги применил одредбите од член 189 став 1 и 2 и член 190 став 1 и 2 од Законот за обигационите односи со кои е предвидено дека:

Во случај на повреда на личните права судот, ако најде дека видот на повредата и околностите на случајот го оправдувааат тоа, ќе досуди справедлив паричен надоместок, независно од надоместокот на материјална штета, како и во нејзино отсуство.

Воедно при одлучувањето за барањето за справедлив паричен надоместок, судот покрај другото, ќе води сметка и за силината и за траењето на болката со која биле предизвикани физичките болки, душевните болки и стравот, како и за целта за која служи бараниот надомест, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се споиливи со неговата природа и општествената цел.

Во односно на случајот на смрт или тежок инвалиситет на некое лице, одредбата од член 190 став 1 и 2 од ЗОО определува дека судот може да им досуди на членовите на неговото потесно семејство (брачен другар, деца и родители) справедлив паричен надоместок за нематеријалната штета. Овој надоместок законот предвидува дека може да им се досуди и на браќата и сестрите, дедовците и бабите, внуците и вонбрачниот другар, ако меѓу нив и умреното, односно повреденото лице постоела потрајна животна заедница.

Врз основа на утврдената фактичка состојба на која ги применил горецитираните одредби од законот, првостепениот суд донел одлука со која досудил на првотужителот на име надомест за претрпена нематеријална штета поради смрт на блиско лице-син износ од 1.000.000,оо денари, на второтужителката на име надомест за претрпена нематеријална штета поради смрт на блиско лице-син износ од 1.000.000,оо денари, на третотужителката на име надомест за претрпена нематеријална штета поради смрт на блиско лице-брат износ од 800.000,оо денари, на четвртотужителката на име надомест за претрпена нематеријална штета поради смрт на блиско лице-брат износ од 800.000,ооденари и на петтотужителката на име надомест за претрпена нематеријална штета поради смрт на блиско лице –внук износ од 600.000,оо денари, сето тоа со законска казнена камата во висина на референтна стапка на

НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени, сметано од денот на пресудувањето до исплатата.

При определувањето на висината на надоместокот за нематеријална штета по бараните основи, првостепениот суд во предвид го зел и фактот дека здравјето и телесниот интегритет на човекот немаат свој паричен еквивалент туку надоместокот претставува сатисфакција со која преку материјални добра и прибавување на поволности што тие ги овозможуваат, би можело да се има влијание врз поставувањето на нарушената психичка рамнотежа.

Постапувајќи по жалба на туженият, Апелациониот суд во Скопје донел Пресуда со која жалбата на туженият ја усвоил, а донесената првостепена одлука ја преиначил на начин што тужбеното барање на тужителите делумно го усвоил, па туженият е задолжен да на првотужителот на име надомест за претрпена нематеријална штета во вид на душевни болки поради смрт на блиско лице-син му исплати износ од 800.000,оо денари, на второтужителката на име надомест за претрпена нематеријална штета поради смрт на блиско лице-син да и исплати износ од 800.000,оо денари, на четвртотужителката на име надомест за претрпена нематеријална штета поради смрт на блиско лице-брат да и исплати износ од 600.000,ооденари и на петтотужителката на име надомест за претрпена нематеријална штета поради смрт на блиско лице –внук да и исплати износ од 400.000,оо денари со законска казнена камата согласно законот од денот на пресудувањето со првостепената одлука.

Поголемото тужбено барање на прво, второ, четврто и петтотужителите како и во целост барањето на третотужителката е одбиено како неосновано.

Второстепениот суд во постапка по жалба, ги одбил како неосновани жалбените наводи на туженият во однос на сразмерно намалување на досудените износи на прво, второ, четврто и петтотужителите соодветно на утврдениот придонес од 20% на страна на ПМВ Фолксваген Голф во кој се превезувал покојниот З.А., притоа повикувајќи се на одредбите од чл.997 ст.1 од ЗОО и чл.14 од ЗЗОС, бидејќи правилно првостепениот суд заклучил дека придонесот на учесниците во случувањето на предметната незгода не е од влијание бидејќи според чл.164 ст.4 од ЗОО, за штетата што ќе ја претрпат трети лица, имателите на моторни возила одговараат солидарно без оглед на својата вина, како што е всушност конкретниот случај.

Второстепениот суд, имајќи ги предвид претрпените душевни болки на тужителите поради смртта на својот син, брат и внук, сметал дека справедлив паричен надомест на име нематеријална штета поради претрпени душевни болки поради загуба на блиско лице се одмерените намалени износи кои ги досудил, а кое нешто е во согласност со одредбата од чл.189 ст.2 в.в. 178 ст.2 од Законот за облигациони односи како и чл.190 ст.1 од ЗОО со кој е одредено дека, во случај на смрт на некое лице, судот може да досуди на членовите на неговото потесно семејство (брачен другар, деца и родител) справедлив надомест за нивните душевни болки.

Второстепениот суд смета дека досудените парични надоместоци со второстепената одлука за тужителите на име надомест на нематеријална штета преставуваат правични, адекватни и справедливи парични надоместоци и соодветна сатисфакција за тужителите, а без притоа да им се погодува на стремежите кои не се спојливи со нивната природа и цел, а притоа водејќи сметка за интензитетот и времетраењето на душевната болка поради загубата на нивното блиско лице.

Барањето на третотужителката која била сестра на покојниот, второстепениот суд го одбил во целост, бидејќи неспорно од утврдената фактичка состојба и со првостепената одлука е дека истата во време на незгодата не живеела во потрајна животна заедница со покојниот брат, туку кај својот сопруг за кој била омажена и дека во куќата на нејзиното семејство и кај братот дошла дента кога брат и починал, а во куќата на својот сопруг се вратила. Оттука второстепениот суд смета дека првостепениот суд за овој тужител неправилно и незаконито досудил надомест на нематеријална штета поради што одлуката во овој дел ја преиначил.

Имајќи ја во предвид одредбата од ст.2 од член 190 од ЗОО справедлив надомест може да им се досуди на браќата и сестрите, само ако меѓу нив и умрениот постоела потрајна животна заедница, што значи живеење во заедница, која во конкретниот случај не постоела, па оттука правилно второстепениот суд сметал дека на третотужителката не и следува побаруваниот надомест на штета согласно предвиденото со чл.190 ст.2 од ЗОО, според кој постоењето потрајна животна заедница преставува услов за таквиот надомест, за разлика од родителите, брачниот другар, децата на покојниот како во чл. 190 ст.1 од ЗОО.

Против вака донесената второстепена одлука тужителите изјавиле ревизија која ревизија со Пресуда на Врховниот суд на РМ е одбиена како неоснована.

Врховниот суд на РМ во образложението на донесената одлука го цитира член 9-а став 1 од Законот за облигационите односи, според кој секое физичко и правно лице, покрај заштитата на имотните права, има и право на заштита на своите лични права согласно закон. Според став 2 од истиот член, како лични права во смисла на овој закон, се наведени правата кои се подразбираат и тоа: правата на живот, телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права. Покрај примена на овој член, Врховниот суд го цитира и се повикува на веќе погоре цитираниот чл. 190 од Законот за облигационите односи.

Врховниот суд со примена на овие одредби како и со оглед на времетраењето и интензитетот на душевната болка на секој од тужителите поради настанатата смрт на синот, односно на братот и внукот утврдено со вешт наод и мислење на вешто лице, нашол дека на тужителите им следува на име надомест на нематеријална штета поради смрт на блиско лице вкупен износ од 2.600.000,00 денари денари како што и досудил второстепениот суд.

Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека така определениот надоместок на секој од тужителите е адекватен и е во согласност со интензитетот, траењето и значењето на повредената добро и целта за која што служи овој надоместок. Според овој суд вака досудениот надоместок на секој од тужителите преставува реална сатисфакција за претрпената нематеријална штета, посебно бидејќи веста за смрта на синот, односно на братот и внукот кај тужителите предизвикала психички шок, неверица, очај и доживување интензивна, акутна душевна болка, во форма на акутна депресија. Со минување на времето со секојдневните ангажмани, душевна болка поради загубата на синот, братот односно внукот кај тужителите веројатно постепено ќе бледнее, но тој факт никогаш не да за заборави и нема да исчезне. Оттука, имајќи ги предвид сите околности на случајот, како и наодот и мислењето на вештото лице, а водејќи сметка за значењето на повредената добро и целта за која служи надоместокот, според Врховниот суд на Република Македонија досудените надоместоци на име надомест за претрпена

нематеријална штета поради смрт на блиско лице како што ги досудил второстепениот суд преставуваат адекватен и справедлив паричен надоместок за претрпената душевна болка.

2.Обработка на случај број 2 пред Основен суд Скопје 2 Скопје[13]

Пред Основен суд Скопје 2 Скопје во текот на 2015 година поднесена е тужба од страна на тужителите З.П од С., и Д.П од С., преку законскиот застапник првотужителот З.П, преку нивниот полномошник М.М адвокат од С., против туженият ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД С., за надомест на штета, вредност на спорот 4.096.771,00 денари.

Првотужителот бара од туженият да му се исплати на име надомест на нематеријална штета поради душевни болки поради смрт на блиско лице- сопруга износ од 2.000.000,оо денари , а второтужителката бара од туженият да и се исплати на име надомест на нематеријална штета поради душевни болки поради смрт на блиско лице – родител износ од 2.000.000,оо денари, сето тоа со законска казнена камата сметано од денот на пресудувањето до исплатата.

Имено на ден 07.07.2015 година, на крстосницата од ул. В.Ѓ и сервисната улица што ја поврзува ул. В.Ѓ со ул.Н.Ф, испред ТЦ З. во Скопје се случила сообраќајна незгода во која ПМВ „Опел Корса“ со рег.бр. управувано од лицето Б.Б., а сопственост на К.Б. кога стигнало на крстосницата со сервисната улица што ја поврзува ул. В.Ѓ со ул.Н.Ф, возачот изгубил контрола на управувачот на возилото, кое притоа се занело во лево и преку левата страна од коловозот, со предните тркала удрило во работ од тротоарот, а потоа со десниот калник удрило во пешакот С.Т.П, која како пешал се движела по тротоарот од ул. Васил Ѓоргов. Од таквиот непосреден удар, пешакот С.Т.П. се здобила со тешки телесни повреди и истата на лице место им подлегнала на повредите и починала. За возилото ПМВ „Опел Корса“ со рег.бр. се наведува дека во моментот на сообраќајната незгода било осигурано по А/О кај туженият.

За ваквиот настан со Пресуда К.бр.2516/15 од 03.09.2015 година на Основниот суд Скопје 1 Скопје лицето – возачот Б.Б. бил осуден на казна затвор во траење од 5 години за сторено кривично дело “Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот”. Тужителите во текот на постапката доставиле сообраќајно вештачење со кое е утврдено дека на страна на возачот на ПМВ Опел Корса е целосна вината за настанување на незгодата, додека пешакот немал направено никакви пропусти во предметната сообраќајна незгода.

Тужителите кои се брачен другар и дете на починатата во оваа сообраќајна незгода сметале дека согласно член 190 од ЗОО имаат право на надомест на штета поради смрт на нив блиско лице. Поради тоа истите се обратиле до туженият со барање за надомест на штета од предметната сообраќајна незгода, но по таквото барање помеѓу истите не била постигната вонсудска спогодба.

[13]Одлуките по овој судски предмет : Пресуда П4.бр.1708/15 од 27.01.2016 година на Основен суд Скопје 2 Скопје, Пресуда ГЖ.бр.2235/16 од 02.11.2016 година на Апелациониот суд Скопје и Пресуда Рев2.бр.252/2017 од 22.06.2018 година на Врховниот суд на РМ се преземени од судскиот портал во базата на судски одлуки преку- http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/odluki- посетено на 26.12.2020 година

Во текот на штетниот настан во ургентниот центар од учесникот Б.Б. била земена крв и урина за анализа и било утврдено присуство на 1,52 промили на алкохол во крвта , а во уринатa имало 2,41 промили алкохол, како и метаболити од тетрахидроканабинол. Во моментот на незгодата според вештото лице учесникот Б.Б. возилото го управувал по левата коловозна лента од коловозот од ул.В.Ѓ. во насока од нас. Капиштец кон центарот на градот. Според насоката на протегање и формата на трагата од занесување, којашто возилото ја оставило на коловозната површина, во потесната зона од крстосницата, пред местото на негово излетување од коловозот, бил доволен показател дека неговото тежиште се движело по траекторија која има форма на синусоида, што значело дека возилото во таа фаза од своето движење било дестабилизирано. До дестабилизација на возилото дошло како резултат на нагло и неодмерено преземено дејство на свртување на управувачот, прво кон десно, а потоа кон лево, следено уште и со прикочување. Возачот Б.Б. по втор пат реагирал со управувачот, овој пат кон лево, со цел возилото да не излета од коловозот од десната страна. Меѓутоа, ваквото дејствие, исто како и претходното, било нагло и неодмерено, до тој степен, што возачот не успеал да го контролира возилото. Како последица на тоа, возилото прво излетало од коловозот, односно крстосницата, потоа се искачило на тротоарот каде што со својот преден десен страничен дел, предниот десен калник, контактирало со пешакот, со брзина од 76 км/ч. Примарниот контакт помеѓу возилото и пешакот бил остварен помеѓу предниот дел од телото на пешакот и предниот десен калник, под агол од 90 степени. Поради неговата претходна брзина на движење пешакот бил фрлен врз предното ветробранско стакло. По ударот во пешакот, предметното возило удрило во метална ограда, преминало преку тревна површина, се искачило по скалите и во фаза на лет удрило во зградата бр. 15. Со вештачењето е утврдено дека во моментот кога возачот реагирал по втор пат, возилото се движело со брзина која не била помала од 83 км/ч. Така утврдената брзина не само што била поголема од максимално дозволената, туку била поголема и од безбедна брзина, со оглед на конкретната сообраќајна ситуација, особено со оглед на густината на сообраќајот. Возачот по втор пат реагирал со управувачот (кон лево), во моментот кога со возилото се наоѓал на 28 метри пред местото на налетот врз пешакот. Наведеното растојание на возачот не му било доволно за да го запре возилото на коловозот, односно пред местото на ударот врз пешакот. Ова од причина затоа што возилото во тој момент веќе било навлезено во опасната зона. Сообраќајната ситуација во овој случај му налагала на возачот возилото да го управува во рамки на максимално дозволената, по десната коловозна лента и без притоа нагло да му ја менува неговата насока и брзина. Како што го управувал го возилото по левата коловозна лента (без оглед на причината), со брзина не помала од 83 км/ч, возачот на ова возилот е утврдено дека сериозно ја загрозил безбедноста на сообраќајот. Со тоа возачот ја создал опасноста без во неа да учествува пешакот. Ова и од причина затоа што самото движење по тротоарот, не претставува дејствие со кое пешакот би ја загрозил безбедноста на сообраќајот. Со вештачењето утврдено е дека при таквата ситуација, при брзина на движење на возилото од 83 км/ч, со дестабилизирано возило, возачот немал никаква објективна можност да го избегне налетот врз пешакот. Ваквите пропусти на возачот се во тесна причинска врска со настанувањето на незгодата. Со вештачењето е утврдено дека пешакот не сторил пропусти во сообраќајната незгода.

Врз основа на невропсихијатриско вештачење утврдени се претрпените душевни болки на тужителите. Имено утврдено е дека првотужителот доживувал душевна болка поради губиток на брачниот другар од претежно висок степен сметано од критичниот ден 07.07.2015 година и во

натамошно траење до денот на прегледот од вештото лице во битно несмален интензитет и понатаму во иднина до крајот на неговиот живот. Непосредно по губитокот на брачниот другар како битен и есенцијален дел од неговото семејство се создале услови за страдање од силна психичка болка со постоење на силни емоции и чувства на тага и беспомошност. Губитокот на брачниот другар за првотужителот дошол ненадејно и имал шок ефект следен со доживување на неверување дека саканата личност е трајно изгубена и во исто време, се појавила итна потреба за враќање на загубената животна партнерка и неможноста да се разбере дека дел од неговата личност престанал да живее поради загуба која не може да се надомести. Ова доживување кај првотужителот утврдено е дека предизвикало силни емоции на анксиозност и депресивност со несвесна потреба во надежите и фантазиите и соништата да се поврати саканата личност, но суровата реалност со која се соочувал го притиснала ненадејно и чувствувал гнев и плач поради напуштањето. Првотужителот имал силна психичка болка изразена во вид на емоционална дезорганизација и вознемирено однесување. Имал чувство дека физичкиот интегритет и целокупното здравје му е разнишано. Покрај ваквите исцрпувачки негативни емоции кои секојдневно го измачувале во вид на повторувачки настапи на напливи на негативна енергија и вознемиреност, тој имал и ретроспективни спомени во вид на слики од минатото, постојано повторено доживување на овој немил настан. Имал наплив на сеќавања и ситуации на исчекување и надежи но новонастанатата ситуација од реалноста секогаш одново го потсетувала дека саканата личност за секогаш го напуштила семејството. Најпрвин чувствувал потреба нешто да стори, но реално немал способност за организирано однесување. Поради тоа се појавила емоционална потреба постојано да избегнува потсетување на немилиот настан и се случила емоционална повлеченост и закоченост. Започнал да избегнува контакт со лица кои би поставувале прашања поврзани со немилиот настан или да зборува за настанот. Тој и понатаму размислувал за сопругата со тенденција како да е жива и присутна во домот. Не бил во можност да се потсети на главните делови од траумата и намалено учествувал во значајни животни активности. Имал чувство на потиштеност и депресивност, што се манифестирало со повлекување во себе, потиштеност, пад на виталните динамизми, несоница, губиток на апетит, опседнатост со црни мисли, успорен мисловен тек, безнадежност, беспомошност, пореметување на сонот со рано будење поради лоши мисли, општо успорување на мисловниот тек, зборувањето и виталните функции, чувство на загриженост, недостиг на енергија и лесна заморливост, неспособност за уживање, недостиг на концентрација, заборавеност, негативни мисли за иднината, чувство на вина, самообвинување и ниско ниво на самопочит и самодоверба, чувство на безнадежност. Кај овој тужителот и во моментот на вештачењето се уште исклучително и силна била емотивната тензичност и ранливост и имал потреба да ја идеализира личноста на брачниот другар.

Второтужителката како ќерка на погинатата, доживувала душевна болка поради губиток на мајка во висок степен, во интервал од критичниот ден и во натамошно траење до денот на прегледот во битно несмален интензитет и понатаму во иднина до крајот на нејзиниот живот. Непосредно по губитокот на нејзината мајка како битен и есенцијален дел од семејството се создале услови за страдање од силна психичка болка со постоење на емоции на чувство на тага и беспомошност. Губитокот на нејзината мајка дошло ненадејно и имал шок ефект на второтужителката следен со доживување на неверување и во исто време, силна потреба за враќање на мајката и спротивно на тоа, присилна потреба да се разбере дека дел од нејзината личност престанал да живее поради загуба која не може да се

надомести. Ваквото доживување на загуба на саканата мајка кај второтужителката предизвикало силни емоции на анксиозност и депресивност со несвесна потреба во надежите и фантазиите и соништата на второтужителката да се врати саканата мајка, но новонастаната состојба ја притиснала ненадејно и чувствувала гнев и плач поради напуштањето. Истата имала силна и изразена психичка болка манифестирана во вид на емоционална дезорганизација и вознемирено однесување. Таа имала чувство дека физичкиот интегритет и целокупното здравје и е разнишано. Покрај тоа, ваквите исцрпувачки негативни емоции ја измачувале секојдневно во вид на повторувачки настапи на напливи на негативна енергија и вознемиреност, истата имала ретроспективни спомени како слики од минатото и постојано го доживувала немилиот настан. Имала наплив на сеќавања и ситуации на исчекување и надежи но суровата реалност и судбина од секојдневието секогаш ја потсетувале дека саканата мајка за секогаш го напуштила семејството.

Второтужителката и понатаму размислувала за саканата мајка со тенденција како да е истата жива и присутна во домот. Таа страдала од губиток на апетитот, опседнатост со црни мисли, успорен мисловен тек, безнадежност, беспомошност, пореметување на сонот со рано будење поради лоши мисли, општо успорување на мисловниот тек, зборувањето и виталните функции, чувство на загриженост, недостаток на енергија и лесна заморливост, неспособност за уживање, недостаток на концентрација, заборавеност, негативни мисли за иднината, чувство на вина, самообвинување, ниско ниво на самопочит и самодоверба пропратено со чувство на безнадежност. Сето ова е резултат на губитокот на родител кое нешто преставува голема загуба и стрес, без оглед на возраста, бидејќи станува збор за раскинување на исконска врска со родителот и однос на приврзаност и зависност.

Вештото лице утврдило дека со оглед на фактот дека станува збор за лице на 16 години возраст, губитокот на мајката многу ја погодило бидејќи е лице кое во својата мајка гледала и повеќе од тоа, ја доживувала како пријател и заштитник. Кај второтужителката се создало чувство на неправедност на животот кон неа, бидејќи таа не може да пристапи порационално и да биде со поголема свест дека губитокот на родител е нормален животен процес, особено бидејќи губитокот се случил поради сообраќајна незгода. Ова неочекување на губиток на мајка е тежок шок за второтужителката, а опоравувањето тежок процес.

Со тужбата и истакнатото тужбено барање првотужителот истакнал и барање за надомест на материјална штета во вид на трошоци за погреб во вкупен износ од 96.771,00 денари.

Туженият не го оспори основот на тужбеното барање, но ја оспорил висината на барањето за надомест на нематеријална штета за душевен бол поради смрт на блиско лице. За туженият неспорно било дека тужителите имаат право на надомест на штета, но истиот сметал дека износот кој ги следува, согласно член 190 став 1 од ЗОО и кој претставува износ согласно воспоставената судска пракса изнесува износ од по 500.000,оо денари.

За туженият побарувaните износи истакнати со тужбата биле превисоки, нереални и спротивни на интенцијата на наведената законска одредба како и воспоставената судска пракса. Туженият не го оспорил барањето на име материјална штета.

Во конретниот граѓански предмет, за странките и за судот не бил спорен основот за справедлив паричен надомест за нематеријална штета, а не бил спорен ниту основот и износот на надоместот на

материјална штета. Спорно било прашањето за висината на барањето за справедлив паричен надомест за нематеријална штета.

Првостепениот суд врз основа на невропсихијатриското вештачење на вештото лице М. Ј. ги утврдил интензитетот и времетраењето на душевните болки кои првотужителот ги доживувал и ги доживува поради смртта на брачниот другар, односно душевните болку кои што второтужителката ги доживувала и се уште ги доживува поради загубата на родителот.

На конретната ситуација применливи се следните одредби. Имено согласно член 164 став 1 од ЗОО, предвидено е дека во случај на несреќа предизвикана со моторно возило во движење што е причинета со исклучива вина на еден имател, се применуваат правилата за одговорноста врз основа на вина. Според член 182 став 1 од истиот закон, тој што ќе причини нечија смрт, е должен да ги надомести вообичаените трошоци за неговиот погреб.

Според член 190 став 1 од истиот Закон, кој го применува судот за конкретниот случај, во случај на смрт или тежок инвалидитет на некое лице, судот може да им досуди на членовите на неговото потесно семејство (брачен другар, деца и родители) справедлив паричен надомест за нематеријална штета.

Врз основа на цитираните законски одредби, како и член 321 од Законот за парничната постапка, судот донел пресуда без одржување на расправа. Имено со членот 321 од ЗПП е определено дека ако туженият во одговорот на тужбата ги признал решителните факти, независно од тоа што го оспорил тужбеното барање, судијата поединец, односно претседателот на советот може без закажување на рочиште да донесе пресуда (членови 311 и 315), ако не постојат други пречки за нејзино донесување.

Првостепениот суд во конкретниот случај донел пресуда без одржување на расправа со која делумно го усвоил тужбеното барање на тужителите и го задолжил туженият да плати справедлив паричен надомест за нематеријална штета и тоа, на првотужителот за душевни болки поради смрт на брачен другар износ од 800.000,00 денари, и на второтужителката за душевни болки поради смрт на родител износ од 900.000,00 денари, како и да плати на првотужителот на име надомест на материјална штета износ од 96.771,00 денари.

На досудените износи на име материјална и нематеријална штета, судот досудил и законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народната банка на Република Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени, и тоа, во однос на нематеријалната штета сметано од денот на пресудувањето до исплатата, додека во однос на материјалната штета, сметано од денот на поднесувањето на тужбата до исплатата. Споредното побарување на име камата судот го определил согласно со членот 266 став 1 од ЗОО, каде стои дека должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на парична обврска долгува, покрај главнината, и казнена камата.

Првостепениот суд при донесувањето на одлуката во делот на утврдената висина на нематеријална штета водел сметка и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спојливи со неговата природа.

Против донесената одлука на Основниот суд С. II С. туженият изјавил жалба со која ја напаѓа првостепената пресуда поради суштествени повреди на одредбите од ЗПП, погрешна примена на материјалното право и во делот на одлуката за трошоци.

Апелациониот суд во Скопје одлучувајќи по жалбата на тужениот донел одлука со која жалбата на тужениот делумно ја усвоил, првостепената одлука на Основниот суд С. II С. во обжалениот усвоен дел за справедливиот паричен надомест на име нематеријална штета во став 2 од изреката и решението за трошоци ја преиначил и пресудил на начин што го задолжи тужениот да им плати на тужителите, на име справедлив паричен надомест на нематеријална штета поради смрт на блиско лице, вкупен износ од 1.100.000,00 денари и тоа на тужителот З.П. од С. износ од 500.000,00 денари поради смрт на блиско лице брачен другар и на тужителката Д.П. од С. Преку законскиот застапник првотужителот З.П., износ од 600.000,00 денари поради смрт на блиско лице- смрт на родител, со законска казнена камата на овие износи сметано од денот на пресудувањето во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие.

Апелациониот суд Скопје нашол дека жалбата на тужениот е делумно основана поради погрешната примена на материјалното право во делот за висината за надомест на нематеријална штета и дека првостепениот суд досудил превисоки износи на секој од тужителите.

Имено, по наоѓање на второстепениот суд, истиот смета дека првостепениот суд при одлучувањето ги немал во доволна мера предвид критериумите за определување на надомест на нематеријална штета предвидени во чл.189 од Законот за облигациони односи , според кој член при одлучувањето за барањето за справедлив паричен надоместок, судот ќе води сметка за целта за која служи надоместокот, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и со општествената цел.

Имајќи ја во предвид оваа законска одредба, второстепениот суд ја преиначил првостепената одлука и на првотужителот му досудил износ од 500.000,00 денари, а на второтужителката износ од 600.000,00 денари како справедлив паричен надомест за нематеријална штета по основ смрт на блиско лице. По мислење на овој суд вака досудените износи за конкретниот случај претставуваат справедлив паричен надомест со кој е постигната целта на надоместокот кој би претставувал морална сатисфакција за повреденото добро на тужителите.

Против вака донесената второстепена одлука, тужителите вложиле вонреден правен лек-ревизија поради суштествени повреди на одредбите од парничната постапка и поради погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваната пресуда да се преиначи на начин што жалбата на тужениот ќе се одбие како неоснована и ќе се потврди првостепената пресуда. Вака изјавената ревизија со пресуда на Врховниот суд на Република Северна Македонија е одбиена како неоснована.

Врховниот суд на Република Македонија нашол дека ревизијата на тужителите е неоснована бидејќи побиваната пресуда со која е преиначена првостепената пресуда во делот на досудениот справедлив паричен надоместок на име нематеријална штета поради смрт на блиско лице, е јасна и разбирлива, истата нема недостатоци и не противречи со причините дадени во образложението за таквото одлучување, поради што пресудата може во целост и со сигурност да се испита. Врховниот суд смета дека во побиваната пресуда се дадени доволно образложени и аргументирани причини од кои произлегува заклучокот на второстепениот суд по однос обемот (висината) на нематеријална штета која ја чувствувале тужителите, притоа раководејќи се од критериумите кои служат како мерило за утврдување на справедливиот паричен надоместок.

Според наоѓањето на Врховниот суд на Република Македонија, второстепениот суд правилно го применил материјалното право од член 189 од Законот за облигационите односи, кога одлучил на начин со кој ги намалил износите кои претходно биле одмерени и досудени на име нематеријална штета поради претрпени душевни болки од смрт на блиско лице.

Имено, и во овој случај. Врховниот суд се повикал на член 9-а став 1 и 2 од Законот за облигационите односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.18/2001...84/2008), со кој е определено дека секое физичко и правно лице покрај заштитата на имотните права, има и право на заштита на своите лични права согласно со закон. Како лични права согласно Законот за облигационите односи , се подразбираат правата на живот, телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватноста на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права. Врховниот суд се повикал и на член 189 став 1 од истиот закон, со кој се наведува дека во случај на повреда на личните права, судот ако најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надоместок, независно од надоместот на материјална штета како и во нејзино отсуство. Согласно ставот 2 од истиот член, неспорно е определено дека при одлучувањето од страна на судот за барањето за справедлив паричен надоместок, судот ќе води сметка за силината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв, како и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и општествената цел.

Поаѓајќи од така цитираните законски одредби, а притоа имајќи ги во предвид силината, интензитетот и времетраењето на душевните болки кои тужителите ги доживеале и чувствувале како последица од смртта на брачниот другар, односно родител, утврдени врз основа на невропсихијатриското вештачење, според мислењето на Врховниот суд на Република Северна Македонија, правилно одлучил второстепениот суд кога утврдил дека справедлив паричен надомест за претрпените душевни болки за првотужителот е износот од 500.000,00 денари, додека за второтужителката, справедлив паричен надомест е износот од 600.000,00 денари.

Врховниот суд смета дека правилно одлучил второстепениот суд, кој при одлучувањето го имал во предвид значењето на повреденото добро и целта за која служи досудениот надомест, бидејќи секое поразлично постапување односно со досудување на поголем износ би се погодило на стремежите што се неспојливи со неговата природа. Имено, повредата на телесното и душевното здравје немаат и не може да имаат еквивалент во паричен надомест, но целта за справедливиот надомест изразен во паричен износ значи можност за оштетениот за одредена материјална и морална сатисфакција со која ќе се намали нарушената душевна рамнотежа предизвикана поради смртта на блиското лице.

Според наоѓањето на Врховниот суд на Република Северна Македонија, во конкретниот предмет, при определување на висината на паричниот надоместок, второстепениот суд во целост се раководел од член 189 став 1 и 2 од Законот за облигационите односи внимавајќи на целта за која служи надоместот, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и општествената цел, притоа имајќи ги предвид времетраењето и интензитетот на душевните болки кои ги чувствувале тужителите.

3.Обработка на случај број 3 пред Основен суд Скопје 2 Скопје[14]

Пред Основен суд Скопје 2 Скопје во текот на 2014 година поднесена е тужба од тужителите Е.С., Ѓ.С. и малолетниот Е.С. преку старател Е.С. сите од Д.Л. против туженият Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА АД Скопје - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП Скопје од Скопје, по правната работа надомест на штета, вредност на спорот 4.500.000,00 денари.

Со тужбата тужителите имаат поставено тужбено барање да им се исплати на име надомест на нематеријална штета за претрпен душевен бол поради смрт на блиско лице вкупен износ од 4.500.000,00 денари од кој за првотужителот Е.С. за смрт на блиско лице - внук се бара износ од 1.000.000,оо денари, за второтужителката Ѓ.С. за смрт на блиско лице - внук се бара износ од 370.000,00 денари и на третотужителот малолетниот Е.С за смрт на блиско лице - мајка и брат се бара вкупен износ од 2.500.000,00 денари.

Во текот на постапката врз основа на изведените докази на главната расправа судот утврдил дека на ден 25.01.2013 година околу 22,15 часот на регионалниот пат 2335 с. Рапотово - с. Кривогаштани во место викано Лажански мост се случила сообраќајна незгода на начин што возилото марка Рено 19 со рег.број ШТ 194- ВИ управувано од С.Л. поради постоење на голомразица на патот излетало од патот и паднало во реката. Како последица на предметната сообраќајна незгода починале возачот на ПМВ Рено 19 С.Л. и сопатниците во возилото С.Н. и С.М. Од записникот за увид на лице место ОИД бр. 92/2013 со скица од увидот судот го утврдил местото, времето и начинот на кој се случила сообраќајната незгода и учесниците во истата. Од изводот од матична книга на умрените што се води за место Л. под тековен бр. 1 за 2013 година, од изводот од матична книг на умрените што се води за место Л. под тековен бр. 2 за 2013 година, од изводот од матична книга на умрените што се води за место Л. под тековен бр. 3 за 2013 година, судот утврдил дека на 25.01.2013 година во 00,40 часот починале лицата Л.С., Н.С. и М.С. Од потврдата за смрт и лекарски извештај за причината за смрт се утврдило дека овие лица го изгубиле животот во предметната сообраќајна незгода. Тужителите биле блиски лица на починатите С.М., Л.С. и Н.С. и истите трпеле душевни болки поради претрпените загуби.

Според медицинското вештачење од вештото лице А.Н. првотужителот Е.С. кој бил на 51 годишна возраст претпел душевен бол поради смрт на неговиот син и внук. Како резултат на претрпеното му се јавило срцебиење, често имал вртоглавици и главоболки, а целиот на моменти се кочел. Долг период по незгодата не можел да спие, имал кошмари и не се чуствувал добро. По незгодата овој тужител не можел да гледа слики од починатите, не можел да гледа и не сакал да се подсетува што загубил. Тужителот по незгодата, не излегувал во околината и душевната болка кај него и во моментот на вештачењето сеуште била присутна. Според вештото лице на психички план се констатирала слика на депресивна состојба во склоп на продолжен процес на тагување за загинатиот син и внук. На

[14]Одлуките по овој судски предмет : Пресуда на Основниот суд Скопје II Скопје П4-404/14 од 02.12.2014 година и Пресуда Рев2.бр.684/2015 од 09.02.2017 година на Врховниот суд на РМ се преземени од судскиот портал во базата на судски одлуки преку- http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/odluki- посетено на 26.12.2020 година (Пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ-1267/15 од 02.09.2015 година не е објавена во базата на судски одлуки)

емоционален план сеуште биле присутни длабоки депресивни состојби, кои личноста ја држат во волева нагонска редукција и социјална повлеченост. Душевната болка кај тужителот С.Е. била интензивна од моментот на дознавање на смртта проследена со длабока депресивна реакција во склоп на нагласениот процес на тагување. Ваквата душевна болка е немерлива во својот интензитет и неминлива во својата трајност и конзистентност. Кај тужителот и после 10 месеци од трагичниот настан обстојува душевната болка делумно смалена, а во нешто смален интензитет ќе продолжи да обстојува до крајот на неговиот живот.

Второтужителката која е баба на починатиот С.М. доживеала душевна болка поради загуба на својот внук, третотужителот бил син на починатата Н.С. и брат на починатиот С.М. и истите доживувале и сеуште доживуваат душевни болки поради губиток на најблиското семејство.

Според извршеното медицинско вештачење, второтужителката Ѓ.С. е на 47 годишна возраст, истата е мајка на починатиот Л. И баба на починатиот Е. На критичниот ден во сообраќајна незгода починале нејзиниот син и нејзиниот внук кој имал само 4 години. Во моментот кога и била соопштена веста, таа била шокирана и во почетокот не била свесна што и се случува, па таа постојано се расплакувала и кога и да видела слика од починатите се стресувала, бидејќи не можела да се помири со ужасната трагедија. Со денови не можела да спие, се будела целата препотена при што имала и срцебиење. Со сопругот веќе не излегуваат и не одат на посета кај роднини, а секогаш кога ќе се отворела вратата се надевала дека ќе се појави синот и дека ќе дотрча внукот. Таа имала и друго внуче, но не можела да се грижи за него како што тоа заслужува затоа што се изјаснувала дека нејзиниот живот е завршен. Според вештото лице на психички план кај второтужителката се следела слика на депресивна состојба во рамките на одложен процес на сеуште траечка реакција на тагување. Кај неа се манифестирала анксиозност и наплив на болни депресивни содржини. Волево нагонските димензии кај тужителката биле редуцирани со социјално повлекување и изолираност. Тужителката Ѓ.С. трпела душевна болка поради смртта на синот и внукот и истата била интензивна со манифестација на длабока депресивна состојба во склоп на пренагласена реакција на тагување. По повеќе месеци по трагичниот настан, душевната болка кај ова тужителка обстојува, истата делумно е смалена, но и понатаму е длабока и интензивна и истата ќе продолжи да обстојува до крајот на нејзиниот живот.

Малолетниот тужител С.Е. бил доведен на преглед на клиниката во придружба на неговиот законски застапник при што добиени се податоци дека истиот е на 2 годишна возраст и е син на починатите Л. И Н. и брат на починатиот М. Во медицинското вештачење е утврдено дека малолетниот тутужител кој немал ни 2 години кога се случила незгодата, по настанот три до четири месеци бил силно вознемирен, постојано плачел и не спиел. Малолетниот тужител постојано ги барал своите родители, а особено ноќе кога ќе легнал да спие му недостасувала неговата мајка со која заспивал секоја ноќ. Тој сеуште не можел да сфати што се случило со неговото семејство, постојано ги барал и прашувал за својата мајка. Детето по трагичната незгода станало повлечено и знаело да се скрие во некој темен дел од куќата, да седи и да се загледа во една точка. Навечер му било страв да спие, па постојано барал да спие со неговата баба со запалено светло.

Малолетниот тужител Е.С. по трагичниот настан кој му го сменил засекогаш животот, реагирал со повлеченост од околината, регресивно однесување, ноќни стравови и приврзување кон бабата и дедото. Тој во моментот на трагичниот настан немал сознаен капацитет да го сфати губитокот на

родителите и братот, но низ негативните емоционални доживувања на неговите блиски и тој доживувал душевни болки кои се манифестирале со зачестен плач и барање на мајката. Душевната болка за загубеното семејство ниту може да се надомести ниту да се замени. Таа ќе обстојува до крајот на неговиот живот. Намалувањето на интензитетот на душевната болка може да се очекува со текот на времето, но сепак дури по оформување на сопствено семејство. Во периодот на пубертетот особено ќе се потенцира степенот на душевна болка за изгубеното најблиско семејство.

Во текот на постапката, судот од доставените докази, а факт кој и не бил спорен од страна на тужениот, утврдил дека тужителите поднеле барање за надомест на штета до тужениот, во вонсудската постапка на истите им биле доставени спогодби но понудените износи за претрпени душевни болки не биле прифатени од страна на тужителите.

Тужениот и со самиот писмен одговор на тужбата и на расправата навел дека неспорно е дека тужителите во вонсудска постапка се обратиле до тужениот со барање за решавање на надоместок на штета и нивно обештетување, но не било изнајдено решение за обештетувањето.

Првостепениот суд согласно изведените докази и изготвениот вешт наод и мислење за претрпените душевни болки кај тужителите поради загуба на блиски лица - внук, мајка и брат, го утврдил основот на тужбеното барање, причинско последичната врска помеѓу незгодата и смртта на сега покојните. При така утврдената фактичка состојба, судот одлучил да им досуди на тужителите на име надомест на нематеријална штета за претрпен душевен бол поради смрт на блиско лице вкупен износ од 1.610.000,00 денари од кои: на првотужителот за смрт на блиско лице - внук износ од 370.000,00 денари, на второтужителката за смрт на блиско лице - внук износ од 370.000,00 денари и на третотужителот за смрт на блиско лице - мајка и брат вкупен износ од 870.000,00 денари, со законска казнена камата на овие износи сметано од денот на пресудувањето.

Првостепениот суд ваквата одлука ја донел согласно член 190 став 1 од ЗОО од каде произлегува правото на нематеријална штета во случај на смрт на блиско лице, кога судот може да им досуди на членовите на неговото потесно семејство- брачен другар, деца и родители, справедлив паричен надомест за нивните душевни болки.

Судот се повикал и на чл. 189 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, според кој во случај на повреда на личните права, судот ако најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест независно од надоместокот на материјалната штета како и во нејзино отсуство. Согласно ст. 2 од овој член при одлучување за барањето на тужителот за справедлив паричен надомест судот ќе води сметка за силината и траењето на повредите со кои биле предизвикани физичките болки, душевните болки и стравот како и за целта за која служи надоместокот, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и општествена цел.

Првостепениот суд при одмерување на висината на нематеријалната штета се раководел од наодот и мислењето на вештото лице и од времетраењето на претрпениот душевен бол па оттука смета дека справедлив паричен надомест за нематеријална штета за првотужителот за смрт на блиско лице внук е износ износот од 370.000,00 денари, бидејќи душевната болка кај тужителот С.Е. била интензивна од моментот на дознавање на смртта проследена со длабока депресивна реакција во склоп на

нагласениот процес на тагување. Оваа душевна болка е немерлива во својот интензитет и неминлива во својата трајност.

За второтужителот судот определил справедлив паричен надомест за смрт на блиско лице - внук во износ од 370.000,00 денари, бидејќи на психички план се следи слика на депресивна состојба во рамките на одложен процес на сеуште траечка реакција на тагување. Кај неа се манифестира анксиозност и наплив на болни депресивни содржини. Волево нагонските димензии кај овој тужител се редуцирани со социјално повлекување и изолираност. Тужителката Ѓ.С. трпела душевна болка поради смртта на синот и внукот и истата интензивно се манифестирала како длабока депресивна состојба во склоп на пренагласена реакција на тагување.

За третотужителот првостепениот суд определил и досудил справедлив паричен надомест за смрт на блиско лице мајка во износ од 500.000,00 денари и за смрт на брат е износот од 370.000,00 денари или вкупно износот од 870.000,00 денари, од причина што малолетниот тужител Е.С. по трагичниот настан реагирал со повлеченост од околината, регресивно однесување, ноќни стравови и приврзување кон бабата и дедото. Тој во моментот на трагичниот настан немал сознаен капацитет да го сфати губитокот на родителите и братот, но низ негативните емоционални доживувања на неговите блиски и тој доживувал душевни болки кои се манифестирале со зачестен плач и барање на мајката. Душевната болка за загубеното семејство ќе обстојува до крајот на неговиот живот, а намалување на нејзиниот интензитет може да се очекува со текот на времето, но по оформување на сопствено семејство. Во периодот на побертетот кај малолетниот тужител ќе се потенцира степенот на душевна болка за изгубеното најблиско семејство поради што судот за овој тужител досудил и највисок износ.

Поголемото барање од усвоеното до поставеното, судот го одбил како неосновано, бидејќи според судот истото било превисоко поставено, а од друга страна судот сметал дека со досудените износи се доаѓа до реално обесштетување и сатисфакција на тужителот од аспект на вредностите и значењето на повредената добро и со таквиот надомест ќе се овозможи релативизација на нерамнотежата на психичкиот и емоционалниот живот на тужителот, а нема да се погодува во стремежите кои не се спојливи со неговата природа.

Ваквата првостепената пресуда е обжалена од страна на тужителите по што Апелациониот суд Скопје со пресуда од 02.09.2015 година ја одбил жалбата на тужителите како неоснована и ја потврдил пресудата на Основниот суд Скопје 2 Скопје . Во поглед на причините поради кои била донесена оваа одлука, сознание можеме да црпиме од третостепената одлука по ревизијата на третотужителот која делумно е усвоена, бидејќи второстепената одлука како судска одлука не е објавена во базата на судски одлуки на судскиот портал преку кој се достапни сите објавени одлуки на поширокатa јавност.

Против второстепената одлука на Апелациониот суд Скопје и првостепената пресуда на Основниот суд Скопје II Скопје во делот на одбиениот дел од тужбеното барање за надомест на нематеријална штета према третотужителот- малолетниот тужител Е.С. изјавена е ревизија поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, погрешна примена на материјалното право и одлуката за трошоците по постапката, со предлог ревизијата да се усвои, второстепената одлука да се преиначи на начин што во целост ќе се усвои тужбеното барање на третотужителот.

По така изјавената ревизија, Врховиот суд на Република Северна Македонија донел Пресуда со која ревизијата делумно е усвоена и Пресудата на Апелациониот суд Скопје и пресудата на Основниот

суд Скопје II Скопје, во одбиениот дел од тужбеното барање за надомест на нематеријална штета према третотужителот - малолетниот Е.С. застапуван преку старател Е.С., се преиначени и е пресудено на начин што туженият е задолжен да му исплати на третотужителот на име надомест на нематеријална штета вкупен износ од уште 630.000,00 денари и тоа: за претрпени душевни болки за смрт на блиско лице – мајка покрај досудените 500.000,00 денари уште износ од 500.000,00 денари, за претрпени душевни болки за смрт на блиско лице – брат покрај досудените 370.000,00 денари уште износ од 130.000,00 денари, со законска казнена камата на наведените износи во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени сметано од денот на пресудувањето до денот на исплатата, се во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Врховниот суд на Република Македонија смета дека ревизијата е делумно основана поради погрешната примена на материјалното право од страна на пониските судови, ако притоа се има во предвид утврдената фактичка состојба од донесените одлуки. Имено врз основа на утврдената фактичката состојба, пониските судови повикувајќи се на одредбите од член 190 и член 189 став 2 од Законот за облигациони односи („Службен весник на РМ“ бр.18/2001...161/09), делумно го усвоиле тужбеното барање на третотужителот за справедлив паричен надомест за смрт на блиско лице - мајка досудувајќи го износот од 500.000,00 денари и за смрт на брат досудувајќи го износот од 370.000,00 денари или вкупно износот од 870.000,00 денари, со образложение дека при одмерувањето на висината на нематеријалната штета, пониските судови се раководеле од наодот и мислењето на вештото лице и од фактот што малолетниот третотужител по трагичниот настан реагирал со повлеченост од околината, регресивно однесување, ноќни стравови и приврзување кон бабата и дедото. Притоа, пониските судови го имале во предвид и фактот дека душевната болка за загубеното семејство ќе опстојува до крајот на неговиот живот, а посебно во периодот на пубертетот ќе се потенцира степенот на душевна болка за изгубеното најблиско семејство.

Видно од даденото образложение на првостепената одлука како и на одлуката по ревизија пониските судови го одбиле како неосновано поголемото тужбено барање на тужителите за нематеријална штета и тоа за разликата од досудените 870.000,оо денари до побараните 2.500.000,оо денари за третотужителот, со образложение дека истото е превисоко поставено и пониските судови сметале дека со досудените износи се доаѓа до реално обештетување и сатисфакција на третотужителот од аспект на вредностите и значењето на повредената добро и со истиот дека ќе се овозможи релативизација на нерамнотежата на психичкиот и емоционалниот живот на третотужителот, а нема да се погодува во стремежите кои не се спојливи со неговата природа.

Врховниот суд на Република Северна Македонија смета дека со ревизијата на третотужителот основано се укажува на погрешната примена на материјалното право од страна на пониските судови, кога ги досудиле износите кои не се во согласност со член 190 во врска со член 189 став 2 од Законот за облигациони односи („Службен весник на РМ“бр.18/2001...161/09). Ова, од причина затоа што согласно член 190 став 1 од Законот за облигационите односи, во случај на смрт или тежок инвалидитет на некое лице, судот може да им досуди на членовите на неговото потесно семејство (брачен другар, деца и родители), справедлив паричен надоместок за нематеријална штета.

И овде Врховниот суд го цитирал член 189 став 1 од ЗОО, дека во случај на повреда на личните права судот, ако најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надоместок, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство. Според став 2 од истиот член, при одлучувањето за барањето за справедлив паричен надоместок судот ќе води сметка за силината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв, како и за целта за која служи надоместокот, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и општествената цел.

По наоѓање на Врховниот суд на Република Македонија, наведено во образложението на самата одлука, ако се имало во предвид утврденото од страна на пониските судови во однос на јачината, интензитетот и траењето на душевните болки предизвикани кај третотужителот поради смртта на блиски лица – мајка и брат, а особено фактот дека душевната болка за загубеното семејство кај третотужителот е од траен карактер, покрај досудените износи од страна на пониските судови на име нематеријална штета за претрпени душевни болки поради смрт на блиски лица, Врховниот суд на РСМ го задолжил тужениот да му плати на третотужителот на име нематеријална штета справедлив износ уште вкупен износ од 630.000,00 денари а по основи и висина наведени во изреката пресудата, со што покрај веќе досудениот вкупен износ од 870.000,00 денари со побиваните пресуди вкупно досудениот надомест изнесува 1.500.000,00 денари.

Во крај на обработката на овој случај, сакам на кратко да се осврнам на разликите и сличностите на обработените предмети во овој магистерски труд. Видно од утврдените фактички состојба кај сите три случаи, видно од извршените вештачења за утврдување на душевните болки и во поглед на примената на материјалното право, јасно е дека сите одлуки, во рамки на еден степен на одлучување, во принцип се слични, со определени отстапувања во поглед на износите кои се досудуваат. Па така за исти личности- личности со ист степен на блискост со погинатиот се одмеруваат различни износи кои некогаш се и со двојна разлика, без притоа од страна на судот да се даде јасно образложение за таквите одлуки.

Заклучок

Како резултат на наглиот развој во сите области од општествениот живот, неминовно е потребата за обезбедување на заштита и сигурност на човекот, неговите добра и интереси. Оттука се појавила идејата за таквата потреба да се понуди квалитетен продукт кој ќе ги задоволи потребите на обичниот човек , а воедно ќе се гради еден систем на заедничка доверба и благосостојба.

Имајќи во предвид дека секој од нас се стреми кон тоа да создава и гради, најнормално е дека се стремиме кон што е можно помали штети и финансиски загуби во секое поле на делување, што само по себе довело до поголема застапеност на осигурувањето како начин за обезбедување од настанување на штети.

Притоа за продирањето на осигурувањето како начин на обезбедување и заштита , сметам дека голем придонес има и воведувањето на задолжителното осигурување, кое порано беше помалку застапено, а денес полека се шири во сите сфери од општеството. Па така она што до пред извесно време беше само запишана обврска за адвокатите, нотарите и извршителите, за осигурување од одговорност при вршењето на дејност односно должност, сега станува реалност, а таквата обврска се пропишува и со други закони за други вршители на дејност како што се доктори, сметководители, градители и слично.

Во денешно време секој кој сака и чувствува потреба за тоа, може да се осигура доброволно, и тоа во зависност од своите потреби може да склучи: договор за животно осигурување, договор за осигурување од незгода, здравствено осигурување, осигурување на имот и слично.

Деталната обработка на сите видови штета и видови осигурување, кои директно влијаат на сигурноста и обештетувањето на осигурениците, сметам дека е особено значење за остварувањето на правото на надомест на штета кое произлегува токму од овие видови на договори , заедно со сите нивни предности, недостатоци и нејасностии кои влијаат на одлуката на единката за тоа каков договор ќе склучи во зависност од тоа како потоа ќе го оствари своето право на надомест на штета.

Различните сфаќања, неусогласености и разијдувања помеѓу двете спротивставени страни кај овие видови на договори најчесто завршуваат со долги судски спорови кои повлекуваат големи трошоци. Токму преку таквите спорови и сигурноста во она што може да се очекува од секоја дадена ситуација, можеме да ги согледаме предностите и недостатоците на секој поединечен избор кој може да ни донесе најголема сигурност и обештетување. Како и да е , поголемиот број на случаите на надомест на штета се должи и на фактот на наглиот развој на сообраќајот, а со тоа и на зголемената застапеност на настанувањето на сообраќајните незгоди поради што се јавува потреба од воведување на механизам за заштита на оштетените лица во сообраќајот.

Доколку постои специфичност на проблематиката како и потреба за регулирање на определена материја, законодавецот донесува императивни норми како што е впрочем случајот кај задолжителното осигурување во сообраќајот, од автомобилска одговорност на сопственикот и корисникот на моторното возило, каде е регулирана одговорноста за штета која што моторните возила ќе ја предизвикаат на трети лица во врска со нивната употреба во сообраќајот.

Како што веќе детално и ги обработив, од посебно значење и интерес за мене како правник претставуваат случаите кога во сообраќајната незгода, учесник или трето лице го загуби животот, со што најпогодени остануваат најблиските на тоа лице. Притоа, за жал, кај нас, во рамките на еден суд, на едно

подрачје, па дури и на целата територија на Република Северна Македонија постојат различни одлуки, кои даваат различна пракса, за тоа колку треба да се досудува на име надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки во случај на смрт на блиско лице. Ваквото право и определувањето на неговата висина во која судот треба да го определи и досуди, е поврзано како со личноста која трпи, со претрпеното од страна на оштетениот изразено преку душевните болки така и со дискреционото право на судечкиот судија кој преку слободна оцена ги цени и оценува изведените докази во текот на постапката заради правилно и целосно утврдување на решителните факти релевантни за определувањето на бараниот надомест.

Името на овој магистерски труд прикажува една широка и сеопфатна материја која со овој труд се обидов да ја прикажам преку разработка на општите поими за штета и осигурувањето посебно и споено заедно гледано преку договорот за осигурување како основ за надомест на штета, со детална разработка на постапката за прием, обработка и ликвидација на штета, краток осврт на надомест на штета кај задолжителното осигурување во сообраќајот со обработка на три случаи на надомест на штета од задолжително осигурување во сообраќајот , во случај на смрт, за член на потесно семејство.

Сметам дека со читањето на овој магистерски труд, на обичниот читател ќе му се отворат нови врати на знаење, а на трудољубивите и вредни правници ќе им се пружат нови предмети на истражување токму од оваа област.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Вовед во правото – Право (книга втора), Бајалџиев Д., Куманово, 1999

2. Вовед во римско право, Бери Николас со предговор, ревидирана биографија и речник со латински поими од Ернест Мецге, Просветно дело АД Скопје 2009

3. Галев Г., Дабовиќ – Анастасовска Ј.: Облигационо право, Скопје, 2008;

4. Галев Г., Дабовиќ – Анастасовска Ј.: Облигационо право (практикум), книга прва, Скопје, 2001;

5. Галев Г., Дабовиќ – Анастасовска Ј.: Облигационо право (практикум), книга втора, Скопје, 2002;

6. Галев Г., Дабовиќ- Анастасовска Ј., Облигационо право, ЦЕППЕ, СКОПЈЕ, 2009

7. Галев Г., Дабовиќ- Анастасовска Ј., Облигационо обичајно право, Прилози за обичајното право на македонскиот народ (том 1), МАНУ , Скопје, 2000

8. Групче А., Граѓанско право општ дел, Култура, Скопје, 1976

9. Живковска Р.: Општ дел на граѓанско право (практикум), Скопје, 2005;

10.Живковска Р.: Општ дел на граѓанско право (воведни теми), Скопје, 2006;

11. Закон за облигационите односи , кометари, објаснувања, практика и предметен регистар Агенција АКАДЕМИК Скопје Скопје 2001 година

12. Заштита на конкуренцијата- Практикум со коментар на законот за заштита на конкуренцијата и со прилог подзаконски акти, Наумоски П., Скопје, 2005 година

13. Историски и компаративен развој на граѓанско-правната одговорност за причинета штета, Амповска М., Тетово, 2015

14.Облигационо право, Римски основи на граѓанската традиција , Рајнхард Цимерман, Просветно дело АД Скопје 2009 година

15. Осигурителен билтен на Република Македонија за 2010 година, Национално биро за осигурување, април 2010 година

16. Осигурување на имот и лица, Проф. Д-р Милошевиќ Б. Охрид, 2006

17. Осигурување и реосигурување, Проф. Николовски А., Скопје, 1997

18. Основи на управувањето со штети во Осигурувањето, М-р Љупчо Стефановски, Скопје 2003

19. Основи на приватно право , Иницијатива, деликти, договори, стекнување без основ, Џејмс Гордли, Просветно дело АД Скопје 2009 година

20. Основни принципи на отштетното право според Salma J., Obligaciono pravo, Pravni fakultet u Novom Sadu, Novi Sad, 2007

21. Општ дел на граѓанското право (Воведни теми), Живковска Р., Скопје, 2006

22. Оштетно право , Воведни темо Марија Амповска, Универзитет Гоце Делчев Штип 2016

23. Поленак – Аќимовска М., Бучковски В.: Избор на текстови од римското право, Скопје,2000

24. Поповска Б.: Историја на право II, Скопје, 2007

25. Пухан И., Поленак – Аќимовска М.: Римско право, Скопје, 1996;

26. Проф. Д-р Јовановски Т. Економика на осигурување - Скопје, 2005

27. Странско право во граѓански парници , Компаративна и функционална анализа, Софи Гиромс, Табернакул 2010 година

28. Кодекс на однесување на друштвата за осигурување, национално биро за осигурување, Скопје, 2004 година

29. Учебник по Римско право III издание, Ендру Борковски и Пол ду Плесис, Просветно дело АД Скопје 2009

30. Чавдар К., Чавдар К.: Закон за облигациони односи – коментари, објаснувања, практика и предметен регистар, Скопје, 2000;

31. Чешир, Норт и Фосет , Меѓународно приватно право од Џ.Џ.Фосет, Џ.М.Карутерс и сер Питер Норт, Академски печат Скопје 2010 .

32. Bikić A. : Obligaciono pravo, opći deo, Sarajevo, 2007;

33. Vaka i Puhan I.,Polenak-Akimovska M., Andreev N.M., Rimsko castno pravo, Sofija, 1971

34. Obligaciono pravo, Salma J., Novi Sad, 2007

35. Obligaciono pravo, Vućković M. Novi Sad, 1988

36. Obligaciono pravo, opći deo, Bikić A., Sarajevo, 2007

37. Obligaciono pravo sa poslovima prometa, Đurović R., Dragašević M., Beograd, 1980

38. Odgovornost za štete, Vuković M., Zagreb, 1971

39. Odštetno pravo, Klarić P.,Zagreb, 2003

40. ZAHTJEV PRAVIČNOSTI KAO TEMELJ OBVEZE NAKNADE ŠTETE BEZ ODGOVORNOSTI, Maja Bukovac Puvača ; Zbornik Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci, 2010

41. https://aso.mk/wp-content/uploads/2020/10/pravilnik-za-steti-sl-vesnik-224-od-17.9.2020.pdf/ - прочитано на 26.12.2020 година

42. https://www.pravdiko.mk/nadomest-na-shteta-pred-drushtva-za-osiguruvane/ - прочитано на 14.02.2020 година

43. http://www.pravdiko.mk/nadomestna-nematerijalna-shteta/- прочитано на 15.02.2020 година

44. https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2014/05/nadomest-na-steta.pdf/ - прочитано на 15.02.2020 година

45. http://www.nibm.com.mk/NBO.nsf/SoobrakajnaNezgoda.xsp - прочитано на 15.02.2020 година

46. https://www.pravdiko.mk/postapkata-za-nadomest-na-shteta-pred-osiguritelnite -kompanii/ - прочитано на 16.02.2020 година

47. http://www.jpacademy.gov.mk/upload/Materijali_2018/Закон_за_облигационите_односи_19-20_i.pdf/- прочитано на 14.02.2020 година

48. www.nibm.com.mk/nbo.nsf/xsp/.ibmmodres/.../Критериуми.pdf - прочитано на 16.02.2020 годиба

49. vsrm.mk/.../Надомест+на+нематеријална+штета.pdf –прочитано на 15.02.2020 година

50. Закон за задолжително осигурување во сообраќајот Сл.Весник 88/2005 од 19.10.2005 година со измени и дополнувања преземено од http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=299 – 10.02.2020 година

Прилог: Барање од 13.05.2021 година со прилог Прашалник од 26.06.2021 година

До
Халк Инсуранс
Филијала Делчево

ПРЕДМЕТ: Барање

Од Јанинка Маноиловска од Делчево, ул.Пере Тошев бр.89,с о ЕМБГ: 2712983487006, како студент на последипломски студии на Меѓународен Славјански Универзитет "Гаврило Романович Державин"- Свети Николе – Битола, Факултет за Правни науки

Почитувани,

Заради потреби на изготвување на магистерски труд од областа на надомест на штета од осигурување, со ова барање се обраќам до Вас заради издавање на податоци за застапеноста на доброволното и задолжителното осигурување, видот на договори за осигурување кои се склучуваат на ниво на општина на годишно ниво како и податоци за решените штети по вид на договор за кои поседувате податоци.

Во прилог кон ова барање , Ви доставувам прашалник за бараните податоци , кои молам да ми бидам одговорени и пополнети.

Добиените податоци ќе бидат искористени единствено за целите на изготвување на магистерскиот труд и на друго место нема да се користат ниту предаваат.

Однапред благодарам,

Делчево
13.05.2021 година

Барател,

Јанинка Маноиловска

Scanned with CamScanner

П р а ш а л н и к

1. Која е застапеноста на договорите за осигурување кои произлегуваат од доброволно осигурување во однос на договорите за осигурување кои произлегуваат од задолжително осигурување предвидено со закон?

Застапеност видови договори изразено во %	
Доброволно осигурување	25%
Задолжително осигурување	75%

2. До колку достигнува бројот на договори за осигурување по вид на договор гледано на годишно ниво во Вашата филијала:

Договори за осигурување	
Незгода	20
Здравствено осигурување	200
Авто одговорност-АО	600
Зелена карта	150
Имот од пожар	10
Имот останато	20
Општа одговорност	12

Scanned with CamScanner

Туристичка помош	
Каско моторни возила	13
Финансиски загуби	
Правна заштита	
Приватно здравствено осигурување осигурување	9
Осигурување посеви и плодови	30
Осигурување на стока - ЦМР	10

3. Согласно пријавени штети во вашата филијала како се движи бројот на решени предмети во однос на видот на договорите за осигурување?

Број на решени штети по вид и бр.	
Штети од незгода	7
Штети од каско моторни возила	4
Штети од АО	8
Штети од здравство	3
Штети од зелена карта	2
Штети од имот	1
Штети од општа одговорност	1

Scanned with CamScanner

Штети од туристичка помош	/
Штети од посеви и плодови	30
Штети од осигурување на стока - ЦМР	/

4. Која е застапеноста на годишно ниво на осигурување на живот во однос на неживотното осигурување во вкупниот приход од договорите за осигурување согласно податоците од Агенцијата за супервизија на осигурувањето?

Договори за осигурување	
Осигурување на живот	19 %
Неживотно осигурување	81 %

26.06.2021 година

Изработил,

Пополнил,

Васева Роска

Scanned with CamScanner